Собрание на Република Македонија

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од продолжението на 20-тата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 29 јули 1991 година

Скопје, јули 1991 година

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од продолжението на 20-тата седница на Собранието на РМ, одржано на 29 јули 1991 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток зо 10,30 часот.

Продолжението на седницато. го отвори господин Стојан Андов , претседател на Република МАКЕДОНИЈА .

СТОјАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа.

Молам, стручната служба да информира за точниот број на присутните пратеници.

Информиран сум дека во салата се присутни вкупно 79 пратеници .

Пратениците Ристо Станковски, Симеон Ивановски, **Томе** Стојановски, Киро Поповски, Душко Горгевски и Флоре Масалковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седиицата.
Работата треба да ја продолжиме со утврдување на дневниот ред.

Бидејќи на крајот на работата во петокот на 26 јули 1991 година запревме кога претставникот на Владата објасни дека Владата оценува дека не треба да го става во постапка Законот за воената обврска, а овде е поделен закон за неприменување на одредбите од Законот за воената обврска со предлог на закон, за што имаме Мислење на Владата дека овој закон не треба да го ставаме на дневен ред денеска.

Има збор господин Стефковски.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Бидејќи по овој предлог за донесување на закон по итна постапка за неприменување на одредбите од Законот за воената обврска фактички се водеше 2 часа расправа и седницата се прекина во врска со расправата по него, сакав да му укажам на министерот Ристо Дамјановски на кекои факти, а потоа ќе се осврнам на образложението зошто е предложен овој закон.

Голем број сојузни закони се директно спротивни со Уставот на Југославија. Овие закони почнаа да се донесуваат на крајот на 1989 година со реформскиот покрет на СИС, со образложение дека се во согласност со предлозите нас уставните промени што до сега не се усвоени. Денеска на тие закони во однос на Уставот на Југославија никој не се осврнува. Сите устави на Републиките, било во одделни делови, како на Македонија, на БиХ и Црна Гора или во целост како на Хрватска и Србија, се спротивни со Уставот на Југославија.Сојузните закони фактички не се спроведуваат веќе подолго време во помала или поголема мерка во сите републики, а Словенија, со уставен закон формално ги стави вон сила 40 сојузни закони. Во сите републики се донесени закони во спротивност со сојузните закони. Се преземаат и фактички дејствија за непочитување на сојузните закоки, а за спротивставување за евентуалното нивно извршување и се вршат одредени организациоии подготовкн, дури и со формирањето на паравоените единици. Не се учествува и во работата на сојузните органи.

Ова беше по однос на министерот Ристо Дамјановски, а сега ќе поминам конкретно по однос на законот.

Ние немаме уставен закон со кои се предвидува дека нема да се применуваат одредени сојузни прописи од областа на народната одбрана или ќе се презема уредувањето на одредени односи од народната одбрана, што значи кај одделни републики ние имаме фактичко суспендирање на сојузките закони на териториите на тие репбулики.

Ние имаме Декларација за суверена Македонија и за неа господинот Киро Глигоров рече дека е добро што ја донессзвме. Ние сме суверена македонска држава веќе во континуитет од АСНОМ и првиот сотав на Народна Република Македонија. Таа Декларација е основ за донесување на овој закон а предложените решенија се желба и израз на барањата на македонските мајки да ги заштитите нивните деца и да ги сочуваме. Овој закон, исто така, е израз на потребата на времето во кое се наоѓа Републиката. Декларацијата како уставно-правен акт воспостави и уреди одредени односи, а бидејќи таа е донесена во постапка какои Уставот, со неа се воспоставени и правни односи. Впрочем, Уставниот суд на Југославија и ќе расправа по неа. Ќе расправа само по она што уредува одредени уставно-правни односи.  Ете затоа се повикуваме на ена и на членот 2, став 2 од Декларацијата.

За да биде појасно, бидејќи граѓаните, веројатно ја следат оваа седница, треба да им кажеме во што е суштината на предлогот. А тоа, предлагачката Ратка која е една од овластените да учествува и да предлага по овој текст на законот кажа дека тоа што се однесуваат на упатувањето, регрутирањето, здравствените прегледи, мобилизацијата и другите прашања во врска со регрутацијата. Во членот 1, целиот овој закон е содржан во еден член се вели дека на територијата на Република Македонија не се применуваат одредбите од прописите што не се однесуваат на Законот

за воената обврска, во смисла на ова што е кажано.

Овој Предлог на закон за неприменување на одредбите од Законот за военатa обврска претставува испит на совеста на секој пратеник зошто е во функција да ги заштити животите на нашите регрути и воени обврзници и ќе се спречи служењето на воениот рок надвор од Републиката. Ете затоа се предлага да се донесе по итна постапка.

Може да се приговори дека овој закон е од системски карактер и слично и дека треба да оди во редовна постапка и слично. Прашање е на кој систем и дали имаме систем кога секој во Југославија е свесен дека воопшто не функционира уставниот и правниот систем на Југославија и дека секој ги уредува своите односи во интересот на сопствениот народ.

Македонецот гинеше на Сремскиот фронт, да не дозволиме да гине денеска.

Овој закон е во функција да ги сочува животите на нашите момчиња во веќе воени услови на разврска на југословенската криза. Ние сме одговорни пред македонскиот народ да ја обезбедиме заштитата на младината. Свесни сме дека и од она кусо соопштение што го даде претставникот на Владата јасно е дека и таа Влада има подготвено ваков закон, но разликата е во тоа што оние што треба да оценуваат и одлучуваат, одлучиле дека е дојден часот за донесување на овој закон во овој миг на времего. Секое доцнење ќе значи нови жртви.

Затоа ги повикувам пратениците да бидеме единствени, да го уважиме предлогот за донесување на Законот по итна постапка, да се обезбеди во текот на денот расправа во комисиите за да можеме денеска да расправаме и одлучиме за усвојувањето на овој закон. Мислењето на Владата да не биде уважено овој закон да не

се постави на дневен ред.

Со овој закон му помагаме на господинот Ристо Дамјановски да почне да ги применува законите на Република Македонија иако можеше да го чини и досега. Треба да бидеме свесни дека градиме нови односи и нов систем. Склон сум да погрешиме формално-правно, а да ја сочуваме нашата младост за интресите на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:
Збор бара господин Спироски.

АЦО СПИРОСКИ:
Во контексот на оваа точка што е пред дневниот ред поставена, замолен сум од родителите на град Охрид да прочитам едно писмо:
"До Собранието на Република Македонија.
Со длабока родителска загриженост, резиграниција и револт преку нашиот претставник во Парламентот изразуваме протест поради самоволието и бруталноста на воените власти и Командата на III-та воена област.

Имено, на 27 јули 1991 година, по пат на ноќна узбуна во 3 часот издвоени се сите војници и резервни старешини кои служеле порано во Хрватска, а потоа распоредени во единиците во Македонија и се упатени повторно за Хрватска. Ова е направено просто на препад, бидејќи на војниците не им било дозволено да го земат ниту личниот прибор од свсите касети во касарните. При упатувањето им е претено со воен суд на сите оние што ќе одбијат да се качат во возилата на транспортот.

Овие наводи се однесуваат пред се на случајот во Битолската касарна, која по претходен телефонски договор со нашиот син ја посетивме истиот ден во 8 часот и со незваничното примање на личните ствари со потсретство на еден војник, воен другар на нашиот син, бевме страшно изненадени и шокирани.

Во случајов од страна на званичниците во Командата на областа ни беше дадено објаснување дека војниците се сигурни, Армијата води сметка за нивната безбедност, а Претседателството со последните решенија за разоружување на паравоените формации ќе обезбеди мир во земјата.

Нас не изненадува негаторскиот и потценувачки став на Армијата спрема решенијата и ставовите на македонската влада и Парламентот за дослужување на воениот рок на војниците дојдени од Хрватска во Македонија.

На овој начин бараме Армијата да ги почитува решенијата на македонската Влада и повторно да ги врати војниците кои во овие кризни моменти на валкана војна, по разни случаи на отсуство и слично **се** најдоа во Македонија, а тие се на пат за Хрватска, повторно да се вратат во Македоннја за дослужување на воениот рок.
Потписници - родители."

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор господин Ристевски.

БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ:
Гооподине претседателе, почитувани пратеници.

Пред нас е еден предлог за вклучување во дневниот ред што несомнено го заслужува вниманието на сите, а особено на

целиот македонски народ. Владата и така го разгледуваше и така го оцени.

Веќе беше спомнато дека нешто слично или многу блиску Владата и утврди во оној пакет за кои минатиот пат јас зборував од оваа трибина. Следствено не се работи за нешто што Владата на каков и да е начин го дезавуира и не сака да го прифати, туку напротив сака да најде решение што ќе биде најцелисходно во дадената ситуација во овие околности што, еве како што гледате ги загрозуваат животите на нашите синови и ќерки.

Владата на 2 седници го разгледуваше овој проблем. За жал при проверката на наведените параграфи и ставови се констатира дека предлогот всушност се задржува на помалку важни и несуштествени прашања и затоа Владата заклучи дека го прифаќа предлогот зашто на сите тоа ние јасно денс дека сојузните закон меѓу другото и за ЈНА не се спроведуваат во цела Југославија. И ние во Македонија, не сме готови да бидеме единствени што ќе ги спроведуваме.

Владата на Македонија во согласност со Воениот совет и претседателот Глигоров, веќе и даде на знаење и на јавноста а и на овој Парламент дека по основните прашања стои на становиштето дека регрути од Македонија не можат да се испраќаат надвор од Македонија е резервистите може да останат само во границите на Македонија.

Можеби ќе поставите тука и прашања дека некои од веќе влезените во касарните во Македонија се испраќаат горе. Можам да ви соопштам дека на надлежните во Министерството им е кажано дека ќе мораат да ги спроведуваат стриктно одлуките на Воениот совет на Македонија од една страна, а од друга страна да се побара до III-та воена област, од Командата на III-та воена

област благовремено да биде ивзестен советот за прашањата на Народнаста одбрана на Македонија и претседателот Глигоров за сите евентуални потфати што го засегаат ова подрачје. Друго, да не информираат за се она што го направиле од решенијата нас Воениот совет. Ние се надеваме дека тој одговор ќе го добиеме.

Што се однесува до конкретниот предлог, Владата уште на почетокот подвлекува дека ја поддржува иницијативата и затоа на синоќешната седница одлучи и не само овие членови, тие се несуштествени, туку целокупната регулатива, со подготовка и на сопствен закон да се предложи уште на првата или една од првите наредни седници на  Владата за да може на првата наредна седница на Собранието тоа да дојде веќе на дневен ред и на усовјување за да можеме да имаме полна регулатива на воените прашава, со соптвена законска регулатива. На каков начин да можеме да се претпазиме од некои непожелни претпоставки што сега со право ја бранувaат македонската јавност, па многу нормално и овој Парламент.

Затоа јас, од името на Владата би молел денеска да не става на дневен ред овој предлог, бидејќи со него ништо не можеме да постигнеме сушстествено туку на следната седница да донесеме се што ја засега оваа материја, со тоа што ќе имаме полна регулатива за да не создадеме правен вакум во кој би се довеле ако едни параграфи укинуваме  а други оставаме а ние немаме сопствен закон.

Јас се надевам дека Мислењето на Владата ќе биде уважено и би молел, ако е тоа во согласност со вашите мисли и чувства да го причекаме следното заседание, кога ќе можеме

да ја регулираме оваа материја, да не одиме на парче зашто, повторувам, со наведектие членови не се решава ништо суштествено бидејќи синоќа ги разгледавме и тие членови и тие закони.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор госпоѓа Лазареска.

БИЛЈАНА ЛАЗАРЕСКА:
Почитувани пратеници, сето ова што го кажа потпретседателот на Владата, господинот Ристевски, се вклопува со мојата совест и чувства. Само не може со мојата совест и чувства да се вклопи одложувањето на оваа точка од денешниот дневен ред и да се предложи за една од наредните седници што, како што знаеме од начинот како нашето Собрание работи може да биде и после 1 месец, бидејќи на оваа седница имаме околу 60-тина точки и 10 што чекаат да влезат во дневниот ред, Кога би знаела дека утре ќ се одржи наредната седница, би го прифатила овој предлог во секој случај. Но, не можам да го прифатам предлогот на една од наредните седници, затоа што тоа може да биде катастрофално за илјадници животи што можат да се изгубат.

Од првиот пат кога загина Сашо Гешовски, ние зборуваме на оваа тема, Владата дискутира на оваа тема, разговара, ги одложуваме седниците да донесат свое мислење, но во меѓувреме се случија уште жртви. Кавадарци, знаеме дека уште еднаш пчаче во Охрид се случи исто така нешто. Околностите под кои се загинати тие деца и тие луѓе ќе се испитуваат, се во тек. Но околностите во кои од сега натаму тие родители ќе живеат никој не може дас ги испита, господа.

Јас мислам дека денеска треба да се уважи мислењето на Владата дека овој треба да се донесе но да се стави денеска на дневен ред. А, регулативата, Владата нека ја спроведува на една од наредните седници. Ова е само почетокот на спроведувањето на овој закон.
Имав можност да разговарам со повеќе луѓе што се наоѓаат зо касарните во Куманово и кој со крик, со вапај ги очекуваат незниците, вестите на телевизијата, во кок што очекуваат барем еден охрабрувачки збор од оваа Влада што ќе им помогне и што ќе го осигура нивниот живот и животот, всушност на нивните најблиски.
Затоа сметам и инсистирам оваа точка да се стави на дневен ред денеска.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор господин Пановски.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Почитувани дами и господо, можам само да кажам дека апсолутно го отфрлам објаснувањето од претставникот на Владата и мислам дека ако Владата на Македонија ги спроведуваше заклучоците донесени од советот за Народна одбрана на Македонија немаше воопшто да дојде до оваа трагедија што сега се случи во Љубљана да загине уште еден македонски војник. Би посочил на заклучоците под 1,3 и 4 што ги донесе Советот за народна одбрана а кои ни беа доставени на нас пратениците.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Ако може јавноста да се исклучи.

СТОЈАН АНДОВ:

Нема што да се читаат, вас ви се доставени.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Исто така барам ние како пратеници да ни се достават стенограмите од работата на Владата од 26, 27 и 28 јули за да бидеме запознаени со нејзината работа и кој во нашата Влада од министрите за што се залага.
Воедно барам комплетна реорганизација на Министерството за народна одбрана од причина што таму работата 12 активни воени старешини кои по мене се под дирекна команда на 3-тата армиска област. Се додека имаме 12 активни воени старешини во Министерството за народна одбрана неможеме да очекуваме дека тие ќе ги почитуваат одлуките на овој парламент.

Доколку не ги добиеме стенограмите барам да биде ставено ка гласање за да ги добиеме стенограмите од работата на Владата од последните 3 дена.

БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:

Господинот Ристевски рече дека од Македонија не треба нико да оди надвор на служење од редовната војска од Македонија и од резервниот состав на Македонија.
До господинот Ристо Дамајновски. Ние се среќаваме и телефоните дома ди звонат и се наоѓаат резервисти во касарната во Ниш од кои петмина се таму,а двајца се избегани од таму и се кријат. Кој нив треба да ги штити и од кого да ги штити и зошто да ги штити се знае. А кој ги бара сега нив овде оние што се дојдени таму.
До господинот за внатрешни работи на Македонија. Нив ги гони милицијата за внатрешни работи. Дали е во согласност со законот или работат во интерес или заедно со војската која што е ставена под контрола и територијалната одбрана на Македонија под српско раководство. Ние во Македонија имаме сега една фактичка состојба каде што резервистите ни ги собра, Сојузните органи т.е. органите на воениот врв кои се повеќето од Србија и потоа имаме резервисти кои ги собираат или се ставени под контрола на територијалната одбрана на Хрватска и Словенија им служат на територијалната одбрана на Хрватска и Словенија. Дали не е можно како ние овде што работиме денес или утре нашата територијална одбрана, која е ставена под сојузните органи и воените раководители да оди во Хрватска и Словенија и да се бори со територијалната одбрана на Хрватска и Словенија

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Драги пратеници, од убиството на Сашо помина многу време. Низ оваа сала и низ другите хали низ патиштата мајките и татковците манифестираат не само огорченост туку и жал за тоа дете. Според новите сознанија паѓа пак по некои дете незнам зошто. Малку да се помислиме, малку длабоко давлеземе во суштината. Да не чекаме. Јас

ве молам, ја молам Владата го молам ова Собрание под најитно да се донесе законот со кој нашите деца, нашите раководители, македонци, кои служат во одделни краишта на земјата да си дојдат во својата земја.
Ме чуди уште нешто. Овие денови масовно лугето се мобилизираат и се држат зо касарните. Ве прашувам господа. Зошто тие луѓе во времето кога жетзата е зо ек и други полски работи се држат во касаркктe, Одговорот го барам оп Владата.

Кому му служи тоа што многу дечиња мали ги чекаат своите млади татковци да се вратат. Со недели се, јас ги гледам и дури некој незнае каде тие се наоѓаат. Ве молам, тоа е милитантна работа. Ние незнаеме секој момент што и каде ќе избувне, зарем може да се дозволи ние сега да чекаме наредна седница да се донесе тој закон. Дали тоа не му штети на нашиот народ? Во оваа сала сме сите македонци. Во оваа сала се и многу родители на таквите деца. Малку да се замислиме под наитно да го донесеме законот со кој нашите луѓе ќе служат во оваа земја. Па замислете, сега едно дете наше, војник да загине утре во Хрватска или незнам каде. Утре ќе се случи незнам каде. Нели е подобро тој народ да биде во резерва во нашата земја и да ги штити интересите на нашата земја. Никој несака од нас да влезе во некој фронт со Албанија, со Србија, Бугарија, Грција, Црна Гора со Босна. Прво да ги заштитиме интересите на семејството. Заштитувајќи ги интересите на семејството ги штитиме интересите на државата. Имате јако семејство бидете уверени, ќе имате и јака држава. Македонија тоа го бара од нас.

ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:

Почитувано претседателство почитувани пратеници.

Прашањето што го покренаа за ставање на дневен ред за донесување на Законот за воена обврска е доста сериозно и сметам дека за ова прашање мораме да имаме национален концезус од причини

што немаме направено сеопфатни подготовки за донесување на еден таков закон, со што во целост и ги поддржувам образложението на потпретседателот Блаже Ристевски.
Владата мора да добие целосен увид за состојбата во односите со југословенската народна армија. Сметам дека Владата до вчера, или завчера, или до пред месец дена немала доволен увид за состојбата и односите со југословенската народна армија. Сметам дека донесувањето на еден закон дали денес или утре, така како е предложен, може да предизвика уште поголеми и несогледиви последици во спроведувањето на законот или во неговата реализација.
Потполно се согласувам со тоа дека законот мора да биде целосен и според мене, донесен во договор со југословенската народна армија за одредени прашања кои што мора на одреден начин по најитно да се расчистат во делот на одредбите што треба да ги содржи законот, кој што е и што треба да биде во согласност со Декларацијата за сувереност на Македонија.
Точно е, и јас се уверив во тоа, што е напишано во писмото на мајките од Охрид. Сметам дека тој однос мора да се испита за неопходноста за враќање на војниците во Хрватска. Јас тоа го толкувам на тој начин што тие деца беа случајно затекнати по разни основи во Република Македонија, задржани по апелот односно по апелот на господинот претседател на Републиката Киро Глигоров, но во секој случај сега **е** стигната наредба за враќање на децата во сопствените единици најверојатно заради задржување на моралот на останатите што се во тие единици. Јас тоа така го толкувам.
Уште еднаш морам да потсетам дека мораме да имаме национален козензус и затоа сметам дека на првата наредна седница без одлагање ни биде понуден законот онака како треба да се уреди прашањето на односите со југословенската народна армија, а не денеска

избрзано на еден, по мене неподготвен начин ние да расправаме за законот и за она што сега ни е понудено од страна на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Сметам дека само така може да се постигне целта односно целта е јасна, но во секој случај за постигнување на таа цел мора да постои претходно согледување за последицнтеи што можат да произлезат доколку соодветно не се согледаат сите аспекти на последиците што можат да произлезат.
Оттука во целост го прифаќам образложението на потретседалогот за ставење на дневен ред на законот. Јас сум за тоа ние да се изјасниме на првата наредна седница да добиеме комплетен закон, со сите аспекти за да можеме да одлучуваме аргументирано.

СТОЈАН АНДОВ:

Реплика бара господинот Митко Анастасовски.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Многу ме чуди еден факт, јасен факт. Претходниот господин според неговите искази кај мене створи еден таков поим, една таква мисла ми удри во мозокот дека стварно ние се плашиме од зојската. Значи има две држави. Постои некако, иако формално Југославија, постои оваа Влада пред кеие тука, Претселателството и кие сите. Главниот фактор за решавање е армијата. Никој неможе да ме разубеди во тоа. Врти сучи врти војската, чекајте бре луѓе таа војска не е од небото, од марс дојдена. Таа војска е српска словенска, хрватска, македонска, црно горска, босанска итн. итн. Таа војска е народна војска. Ако неможеме да ја поуздиме таа војска тогаш да станеме да се одиме од тука затоа што по некој начин утре ние ке бндеме сите, незнам од нас што ке биде. Малку замислете се така длабоко влезете во суштината. Не е тоа некој тежок плуг или трактор, влегов длабоко во земјата па неможеме да го извлечеме. Еден закон со три

збора само, за кое нешто, нека ми извини Владата требаше да го има приготвено и денес да го даде на усвојување. Чекањето запамтете, ви зборувам јас Митко Анастасовски ќе ни се свети.

БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ:

Почитувани пратеници по се изгледа има едно тешко недоразбирање. Јас мислам дека бев јасен, ама можеби не сум бил доволно прецизен. Владата го прифаќа предложеното од пратеничката група што го имавме добиено, но Владата оцени дека е тоа крајно недостапно и дека во него се опфатени многу периферни проблеми. Тоа не решава некои од клучните прашања што се засегнати тука, за кој ние сега сме сите загржени. Во тоа е проблемот.
Ако вие сметате, ако овој парламент смета дека тое е доста што треба да го решиме ве молам дека Владата нема ништо против. Но Владата оценува дека ќе биде многу поцелисходно на првата наредна седница да се донесе комплетна и комплексна законска регулатива со која ке се решат сите прашања за да се избегнат овие состојби што ние денеска ги имаме. А јас нагласив, и сега ке си дозволам да повторам, еве и претседателот на Републиката е веќе присутен, советот за народна одбрана донесе мошне јасни заклучоци кои Владата ги спроведува. Вистина покрај одребите на советот и на Владата воената облас си презема и некои чекори кои се надвор од овластувањата и на Владата и на Советот. За да се регулираат тие прашања преземени се дополнителни чекори, но треба да имаме предвид една конкретна ситуација. Владата во овој момент, на оваа седница, денеска , на 29.јули не е во состојба да ви поднесе комплетна регулатива по овие прашања. А, не е ни во состојба парламентот да ги апсорбира на ваква седница бидејќи има процедура низ која треба да минат. Затоа и Владата донесе заклучок да се донесе тоа на првата наредна седница. Мислам дека со тоа би требало сите да се согласни и да се постигне еден

национален консензус, како што беше истакнвуано затоа што се работи за прашања што сите еднакво не итересира и сите еднакво не боли.

Јас незнам дали во овој случај сум доволно јасен да го изразрам ставот на Владата, која вели дека потребните закони ке ги достави за наредната седница на Собранието на Републиката. Ако вие сметата дека оваа седница, како парламент во пернаментно заседание така долго време можете да го поставите на дневен ред па ние кеѓувремено ќе гледа,ме да ги решаваме работите со законската регулатива. Но, јас се плашам да не направиме некој пребрзан чекор зашто тоа ќе биде на штета на сите нас, а вие како парламент можете да си донесете решение како што овде беше истакнато, и по совест и по свест. Свеста и совеста на Владата е изразена со овие 4 точки и мислам дека тие ја изразуваат реалната состојба, вистинските можности и потребите и желбите на Македонскиот народ.

СТОЈАН АНДОВ:
Госпоѓа Лазаревска има реплика

<u>БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА</u>

Очигледно се работи за недоразбирање. Ние не рековме дека Владата има погрешен став во однос на ова. Што значи една од наредните седници е погубно за децата македокчиѓва. Наредната седница може да биде 8 септември, може да биде 9-ти. Нека биде до петок ќе ја прифатам јас како мајка, како претставник од парламентот која има грижа на совест за овие деца што гинат овде. А ако биде 10-ти септевмри или 11-ти окомври јас неможам да го прифатам тоа. Може да се дефинира еден рок. Или, исто минатиот пат репликата се однесуваше на ова. Минатиот пат вие рековте дека законот е добар и дека се прифаќа и дека Владата ги има изготвено овие закони , можеби во многу слична содржина и суштина, сега пак велите дека овој закон е нецелосен и Владата на една од анредните седници ке го донесе тоа. Имавте вие три дена време и вие сега можевте да предложите

во ово] дневен ред  да го предложите тоЈ пакет од тие законски регулативи. Или 70 точки за два дена нема да звршиме сигурно па затоа поврзувајќи се на тоа што вие го предложивте можеби нека дојде на крајот од дневниот ред оваа точка, но да се вброи . Луѓе, тоа е апелот на сите родители кои што седат пред телевизисккте екрани и кои што го очекуваат исходот од оваа седница. Да се вброи тој закон во дневниот ред. Со тоа оазата на мирот станува навистина оаза, а не само фатаморгана.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, прво господин Абди има збор зашто тој се јави.

ФАИК АБДИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, Ги имам прочитано сите предлози, еве ги слушнавме предлозите и тука, го слушав внимателно потпретседателот на Владата, предлозите и дискусиите од страна на пратениците од ВМРО ДПМНЕ. Јас лично доаѓам до свои впечатоци и заклучоци, што и конкретно би зборувал за нив.

Сакам во овој момент да се обратам до сите вас овде, машки и женски што имате деца и до народот македонски, и не само мајките и татковците што имаат деца во армијата. Имам информации не се тоа добиени по пат на некој си други страни, туку со писма од војниците што се во Словенија, наши македончиња, кога зборувам наши македонци тоа значи македонци, албанци, турци и роми и власи и се што е од ова македонско поднебје, Еден добар дел од нив се пренесени во Хрватска, зо Загреб. Имаме јавка од кивна страна дека се здрави и живи што се наоѓаат зо Загреб едек дел а сигурно има и во другите краишта во Југославија. Сигурно дека ни е многу тешко она што овде се случуваше со мајките, со албанките мајки, со ромските мајки во Шуто Оризари и во другите краеви и со сите мајки македонци на плоштадот итн. Сите ние ги сакаме нашите деца, нашите синови. Не сакаме да гинат. Го сакаме Сашко, ги жалиме двете албанчиња и еве сега нов случај повторно во Кавадарци. Сигурно, а веројатно ќе се погоди некое друго, може да се појави и можна е појавата, но ние мора да се сочуваме од нешто поголемо од тоа, од војна. Мислам дека сочувувањето од тоа нешто полошо е ние да

не избрзаме. Ве молам да бидеме парламентарни, а не кога некој од овде, ова **е** Парламент, кога се зборува, да нема забуни таму меѓу парламентарните групи, туку достојни и чесно да дојде овде на говорница да каже да го почитува и респект да има према секого. Значи да ја сочуваме оваа наша Македонија и тие наши деца, да не гинат повеќе да не биде она што се случи во Словенија и што се случуваше во Хрватска. Повлекувањето на нашите војски од сите други републики тоа веќе значи "чао" со Југославија. Што одамна се бара во овој Парламент. Така не може. Ние имаме и ќе мсра да имаме стрпливост чесно и поштено да ја играме сзојата улога на татковци, на мајки, на родители, на парламентарни, одговорни пред своите бирачи и пред овој македонски народ и одговорни пред дуњата пред целиот свет. И оние македонци што не живеат овде и тие што ни испраќаат телеграми дека ќе ни помагаат, нека помагаат финансиски. Не ни треба да дојдат овде да војуваат. Нека помагаат за обновата на Југославија, односно на Македонија. Само така можат да ни помогнат.
**Овде во** дискусиите двајца тројца се изразија како да имаат многу строго доверливи документи и податоци. Како тоа само тие да ги имаат тие строго доверливи податоци, па стенограми од состанок на Владата. Што тоа значи. Значи ли некоја провала? Тоа значи ли некоја специјална, ве молам!(ова молам го вика на повисок тон затоа што има реакции во салата), како тоа, ве молам тоа значи добивање информации од специјална служба. Дали значи во Извршниот совет да има некој внатре кој што во секој момект или секретарица секретар незнам кој, опростете господа министри, да некој некому прекуцава нешто или погрешно пренесува. Никој овде не е дете да не разбере што е тоа. Ве молам бидете достојки на онаа функција што ја имате како пратеници, немојте да изнесувате такви податоци, стенограми од кај знаете што е, и дека **е** нешто лошо. Јас незнам.

Јас незнам дали некој друг знае од други партии. (Некои пратеници креваат рака за збор), Ве молам јас уште не сум завршил. Овде се слушаат разни инфорамции. Имаме официјална служба, службата на Влада":
стручна влада имаме Министерство за информации, ако има нешто треба тие да дадат информации и тие се одговорни да ги дадат. Ние таа информација ќе ја прифатиме. Имаме министер за одбрана и ќе бараме информација за состојбите од министерот за одбрана со респект и со одговорност за тоа што ќе го даде како информација овде. Никако не треба да примаме други информации сако што се вели она рекла казала, заради тоа што во некоја касарна се нашол некој кој што почнал таму да прави се и сешто, па се разбегаа, не ни е срам тоасега да го кажеме, да се вели нашите луѓе се разбегаа од касарните, напуштаат како да, што знам, се плашат, кукавици ли сме што сме. Ние не сме кукавици, Македонија никогаш не била кукавица.
Јас молам мислењето што го даде Владата и за кое што потпретседателот Ристевски двапати стана да го образложи, тоа да се прифати така и јас не гледам и не мислам дека нашите состаноци, нашата наредна седница ќе биде на 8 септември или декември. Најверојатно ако има нешто, сигурно итно би не повикале. Би дошле овде и би расправале. Јас барам како пратеник, ако има нешто лошо, ако Владата оцени дека е тоа стварно лошо, ние не сме на одмор по пат на телеграми да бидеме повикани и да дојдеме овде да си го решиме прашањето. Меѓутоа, да го решиме целосно и потполно со сите потребни и пропратни елементи да расчистиме што е тоа ЈНА, што е тоа македонска војска што беше ова што беше она, се она што следува после тоа.

СТОЈАН АНДОВ:
За збор се јави господин Зимбаков, меѓутоа ве молам Пановски се јавува за реплика па да го чуеме.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Јас ги побарав стенограмите на Владата бидејќи мислам и тврдам дека работата на Владата е јавна, а и да не е јавно, ние како пратеници имаме право да знаеме кој за што се залагал во Владата. Историски времиња се утре, задутре историјата нас сите овде што сме ќе не осуди. И ќе го прашам господинот пред мене (се обраќа кон Абди Фаик), за кого треба да гинат македонците. Тоа е таму чисто граѓанска војна меѓу Срби и Хрвати. И од секогаш се залагам и ќе продолжам да се залагам во овој Парламент, наши војници да не гинат таму во една таква глупава војна. Ние како Македонија со ништо не сме придонеле за таа војна. А факт е дека таму Словенците си ги поволекуваат своите војници, Хрватите си ги повлекуваат своите а нашите останувaат таму да се борат. За чии интереси се борат, да ми кажете.

СТОЈАН АНДОВ:
Еве се јавуваат повеќе за дискусија. Незанам колку ќе бидат сега реплики, а еве сега се јавува и госпоѓа Димитрова. Госпоѓа Димитрова се јави (а веќе кон говорница се упати Змејковски така што остана тие да се договорат кој прв ќе говори), таа има збор, реплика бара, нејзе и дадов збор (Змејковски упорно истапува на говорница, за што е прашан): кој сега, а вие барате ....

БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:

Почитувани пратеници ја сакам да се обратам до претходниот пратеник Абди. Најпрво да го прашам него, за која ЈНА се работи овде, дали стои зад нејзе југословенскиот народ? - Не стои. Со самото повлекување на Словенија ЈНА веќе не е тоа и зад не стои југословенскиот народ. Не стои, ни словенскиот ни хрватскиот ни српскиот народ зашто прво српските мајки отидоа да си ги земат децата. И ние мораме да си ги повратиме нашите војничиња овде во

Македонија. И господине мој ако сакаш ти од твоја Шутка, испрати ги сите таму (реакции).

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор Фаик Абди на реплика, зашто е прозван.

АБДИ ФАИК:

Според искажувањето на почитуваниот господин што сега ја прозва Шутка, од мојата Шутка, нека знае господинот дека се многу попристојни и попаметни од него тие што се од Шутка. Господата гледаат овде, се гледа по неговиот истап каков е, како тоа "од твоја Шутка". Немојте да ја потценувате Шутка?!. Таму има 45.000 луѓе што живеат. Од тие 45.000 најмалку 15.000 има балаковци кои што се сега во војкса и сигурно ќе одат во војска, и немојте да се правите големи херои вие господине, да се смеете, генерални секретаре на Вашата партија. Вие треба да сте многу попаметни кога излегувате овде. Народот не ве сака! дали знаете. Народот треба да ве обожава, народот треба да ве поддржава, а не вака да истапувате. На чија партија и припаѓате вие, на Гоцевата ли?!... кога ја споменувате Шутка, за малку да речете - цигаништата. Тоа ли сакавте да го кажете!?. Треба да ви биде срам!, затоа што сте пратеник.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор госпоѓа Димитрова.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Почитувани пратенции, најпрво се извинувам што можеби за неколку минути за кратко време ќе го запрам текот на седницата. Најпрво сакам да се извинам и да кажам на господинот Абди дека„се работи за недораЅбирање. Наиме, во никој случај ние зборот Шутка не го употребуваме во прерогативен смисол. Напротив, со големи симпатии сме за вашата партија и за Шутка (реагирања на пратениците а се слуша само врева).

Се работи сосема за друго и друг е проблемот. Се извинувам што ќе прекинам за малку од текот а сакам да го кажам следното: Времето во кое живееме наметнува пред Собранието прашања од општествена важност и интерес за граѓаните на Македонија. Во име на унапредувањето на демократското работење бараме седниците директно и целосно да се пренесуваат. Не може да се прифати толкувањето дека РТВ Скопје сдма ќе си избира што ќе пренесува. Прво зашто Телевизијата не е приватно претпријатие, второ основана е од Собранието во интерес на граѓаните и трето Собранието има право да бара директен пренос за својата работа и четврто, бидејќи се работи за главно закони директно врзани за интересите на граѓаните заради обЈективноста медиумите не треба селективно да пренесуваат.
Ќе молам одговор на ова прашање, можеби од водачот на овде на телевизиската екипа, дали ќе може да се обезбеди директен пренос сега од седницава.

Сакаме уште, јавно да го изразиме својот протест заради начинот на работата што го наметне претседателот Стојан Андов, а имено јавните посети, примања итн.да станат основна содржина, додека вистинската работа на Собранието што требаше да си ја заврши за време на мораториумот, да се претвори во фактички мораториум.

СТОЈАН АНДОВ:
За реплика се јави пратеникот Сотиле Стојков.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Почитувани пратеници една забелешка до господинот претседател, зашто ме виде дека бев втор за реплика, а во меѓувреме на двајца им даде збор. Тоа се случува почесто. Само да кажам една работа, за која југословенска народна армија се работи, за Словенија, југословенската народна армија, Словенија и старешините и војниците ги брка од армијата или сами си отидоа. Што значи дека немаме ни дефакто ни дејуре ЈНА.

Само да ви  кажам едне случај, забележан денеска во 8,15 часот. Југословенската армија, ќе ја наречам со возила од брза помош, нивни ВОЈНИ возила, со што имаат ознака на црвен крст, пренесува регрути и плус пренесува резервисти кои што ги зема од дома во цивилна облека. И пренесувањето на резервистите од место во место, исто така се обавува со такви возила. Па,што е тоа? Не ли е тоа непочитување на празата што ги имаат возилата за брза помош.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам само, почекајте ќе добиете збор. Господинот Стојков користи стално прилика да биде незадоволен, а овој пат е незадоволен затоа што двајца добија пред него збор, иако тој дигна рака. Доби пред него збор, прво госпоѓа Димитровска, затоа што она го образлагаше овој закон минатиот пат и мислам дека е сосема логичнс ако таа има некоја реплика или дополнување да добие збор. Меѓутоа, јас ја прашав неа, а господинот Змејковски сам си зеде збор и она му го отстапи редот. И затоа двајца зборуваа пред него. Тоа што госпоѓа Димитрова сакала сосема нешто друго да каже од оваа материја, мене не ми беше познато однапред. Ете тоа е работата.
Реплика сака господин Ристо Стаменов

<u>РИСТО СТАМЕНОВ</u>:

Јас имам реплика на сите реплики, бидејќи утврдуваме двневен ред а не дискутираме по днезен ред. И ние можеме овде да станеме да кажеме дали оваа точка да влезе во днезен ред или да не влезе. И затоа сакам да кажам, да престанеме со расправа и да гласаме, па ако влезе влезе, да можеме да дискутираме да го утврдиме дневниот ред. И доста се користиме со реплики да дискутираме овде. Имам забелешка на сите од претседателството до сите нас што пет дена не можеме да го утврдиме дневниот ред, Јас инаку незнам како ќе почнеме да работиме. Има Владата предлог има ВМРО предлог. КОј е

за овој предлог, да влезе да не влезе, има ВМРО предлог и за него да гласаме. Потоа да одиме на наредната точка. Мислам дека е редно да се опаметиме, или да станеме да си одиме, не ни е овде местото, Ако ова се пренесува, македонскиот народ и граѓаните на Македонија со нас само можат да се смеат или да бидеме посмешни од било која хумористична емисија. Јас молам друже претседниче ние вака да ги поставиме работите. Ако некој не се придржува на Деловни-кот и днезниот ред да го симнеме од говорница. Немаме зреме пет дена дневен ред па го утврдиме.

СТОЈАН АНДОВ:
За збор се јави господин Зимбаков.

ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:
Почитуван претседател, почитувани пратеници, јас ќе бидам краток и јас имам исто една забелешка. Два дена некна бевме овде, ништо не свршивме работа. Тоа ја кошта Македонија тоа е трошок. Некна расправавме за таа точка дали да влезе во дневен ред два три саат. Сега исто еденипол саат расправаме по иста точка. Јас предлагам претседателот да си ја води седницата и правилно по Деловникот. Тоа е веќе личиме ка некоја хумористичка емисија а не на Парламент. Навистина е жалосно. Отвораме материјална расправа, утврдуваме дневен ред. Да одиме на гласање за овој предлог дали сме за него или не сме за него. Друго нема ништо. Тоа е. Вака губиме време, тоа е смешно, тоа кошта пари, два дена седевме овде, земаме дневници, спиеме во хотели, тоа ја кошта Македонија. Луѓето не можат да земат редовно плата, па нели е тоа жалосно. Ве молам, овој закон не може да дојде така, не може бидејќи го нема законот и еве да направиме споредба кои се тие членови што се укинуваат, што ги стопираме, не нудиме решение. Ова ако го стопираме, не нудиме

решение, ние стопираме, воведување во евиденциза на регрутите, регрутација, мобилизација, упат во ЈНА. Тоа го стоприме а немаме решение. И јас сум за трансформација, и јас сум за нови закони. Тоа треба да го направиме, но дајте поиздржан закон. Ова не може да оди така. Ако тоа го усвоиме како што рече и потпретседателот на Владата, неи само ќе направиме поголема штета на македонскиот народ. Дајте да се вразумиме, мајку му. Еве претседателе јас мислам дека треба да се даде ова на гласање дали оди тоа на дневен ред или не. Ништо повеќе не треба да дискутираме.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро се прифаќа предлогот. Гледате дека е невозможно да се работи како што сугерирате. И без да дадам збор, трчаат луѓето.

Давам пауза од 15 минути.

(По паузата)

СТОЈАН АНДОВ:
Ги молам пратениците да си ги заземат местата.

<u>РАТКА ДИМИТРОВА:</u>

Прво накратко за репликата на господин Зимбаков кој што рече дека не го цениме времето. Мене ми е жал ако ние ја задржуваме седницата, но ја задржуваме за многу важно прашање за нашиот народ, а тоа е Законот за воена обврска. Исто така се прдружуваме кон тој заклучок дека водењето на Собранието е такво што навистина не го цени времето на пратениците. Ние 120 пратеници чекавме цел ден, тука беше и господинот Васил Тупурковски, што беше најавено дека ќе даде информација за безбедносно-политичката состојба по повлекувањето од Словенија, ние тоа не го насправивме.
Инаку, што се однесува до Законот за воена обврска може да се скрати ова поставување на дневен ред на начин што ние го преформулиравме предлогот од итен во предлог на закон, кој што ќе се стави како нормален предлог на закон за оваа седница и ќе оди и во чија што изградба потоа Владата да ги внесе сите промени што смета дека се потребни и тој фактички да стане идентичен на оној кој што веќе го има Владата. Бидејќи се работи заеден клучен закон, можеби во моментот најважен, најитен, и најклучен од целиот пакет на документи. Значи ние го преформулираме предлогот од итен во предлог на закон.

<u>ВАСИЛ ЗИМБАКОВ</u>:

Не се работи за дискусија во врска со Законот. Се работи што губиме време во утврдувањето на дневниот ред.

дали да влезе или да не влезе. Тоа е толку кратко и едноставно. Инаку и јас сум за тоа ако треба да расправаме по овој закон и 5 дена да расправаме. Значи, да не ме разберете погрешно работата е во тоа што тој предлог може да биде многу кратко. Расправаме или не расправаме, а не да губиме дури по 4 часа дали таа точка да влезе во дневниот ред.

БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ:

Како што веќе рековме еден ваков предлог Владата може да прифати. Но тоа ние веќе го напишавме. Дека ние тоа ке го сториме. Прашање дури и нешто повеќе да ви речам, она што пред малку го нагласив. Владата ги има направено сите нужни документи што беа побарани од неа и сите и само е прашање кога овој Парламент ќе оцени дека ќе побара да ги донесе. Ако тој Парламент денеска оцени да ги донесе, Владата е готова денеска да ги поднесе. Треба ли 3 пат да потврдувам дека Владата својата обврска за целата таа документација ја има веќе утврдено. А според заклучоците на овој Парламент, според 3-тата точка од тие заклучоци, треба Парламентот да ги побара. Значи, тогаш кога Парламентот ќе оцени да ги поднесе. А што се однесува со конкретниот предлог Владата го прифаќа и нека се внесе во дневниот ред во таа форма, а таа ќе се потруди во рамките на своите можности да го поднесе пред овој Парламент на разгледување во постапката што е предвидена на таквиот начин на разгледување на законот. Со оглед на прашањето, бидејќи се работи за воена обврска, бидејќи се работи за народна одбрана, каде што ситуцијата сами ја оценуваме мошне е наелектиризирана, се работи за животите и смртта на нашите деца, ние како Влада не можеме

и не сме индиферентни. И тоа на секого треба да му биде јасно. Меѓутоа, сетоа тоа сепак ќе зависи, не од Владата, туку од овој Парламент и тој Парламент треба да постигне консензус за овие клучни прашања за нашата иднина и за нашата судбина во оваа свера.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Прво сакам да дадам една исправка на излагањето на Блаже Ристевски на неговото прво истапување кога кажа сека Владата ги разгледувала мислењата и ставовите на Воениот совет. Станува збор за Советот за прашањата од народната одбрана, а не воен совет. Друго, сакам да укажам дека сигурно Парламентот нема да зафаќа во вакви мачни ситуации, за кои не би требало да има прегласување и надгласување, ако навистина сме согласни дека тоа се прашања од национален карактер, ако Владата го извршува она што овој Парламент некогаш сме го имале веќе заклучено. Јас ќе укажам само на неколку заклучоци со кои навистина како Парламент се доведува сами во заблуда и паѓаме сами во клопка, а ја доведуваме во заблуда и поширораката јавност.

На седницата од 9 и 10 мај еве што сме заклучиле: "Точка 8". Се задолжува Владата да побара од Министерството за народна одбрана на Македонија да ги утврди фактите за евентуално прекубројно праќање на војници од Македонија, заради недостигот на пополнувањето на ЈНА од другите републики. Доколку констатира дека постојат такви случаи, а веќе практиката го потврди тоа дека постојат, еднаш да се прекине со таа пракса тоа го доведува во прашање југрсловенскиот карактер на ЈНА и да се обезбеди пропорционална застапеност на обврзниците на ЈНА од сите републики.

Исто така Владата да побара од Министерството за народна  одбрана да утврди дали се вистински сознанијата дека во одделни единици на ЈНА претставниците на ЈНА од Македонија во кризните подрачја се зафатени со поголем процент, одошто војниците од другите републики. Одговор од Владата ние до ден денес не сме добиле.

Точка 9. Се задолжува Владата ка Македонија доколку констатира дека во некоја Република се отстапува од пропишаниот контингент на војници да преземе соодветни мерки во врска со контингентот на војниците од Македонија. Ние по овој заклучок од 9 и 10 мај одговор не сме добиле.

На седницата одржана на 18 мај поставив барање да се направат измени на законите за народна одбрана и воена обврска, за да одделни прашања од териоријалната одбрана и функционирањето на народната одбрана се ставаат како суверено право на Република Македонија. Претседателот на Владата на оваа седница од 18 мај 1991 година, со образложение на претседателот на Собранието се прифати заклучокот и укажа дека Владата ги има овие закони во постапка и обработка и треба да ги предложи за една од наредните седници. Ние на седницата од 6 и 8 јуни 1991 година донесовме ваков заклучок: Се задолжува Советот за народна  одбрана на Република Македонија на својата седницата од 9 јули 1991 година да ги разгледа сите прашања поврзани со мобилизацијата, регрутирањето на војниците од Македонија, натамошното служење на војниот рок на наши војниил во единиците во краиштата со воени дејствија и да му предложи на Собранието соодветни предлози. Бидејќи прашањата кои се

опфатени во овој предлог за донесување на закон за итна постапка се прашања кои веќе се поставени во оваа точка 3 од заклучоците што сме ги донеле на 6 и 8 јули, сметам дека е неоправдано ако ние тие ставови и оценки кои што ги добивме од Советот за народна одбрана, за прашањата од народна одбрана кој што сме го задолжиле е неоправдано ако не ги ставиме на дневен ред во рамките на овие прашања и во рамките на прашањата што се опфатени со предлогот за донесување ка овој закон, за да Парламентот со формално правно кревање рака за или против му даде извршен карактер на овие заклучоци на Собранието. И на крајот од последната седница која ја одржа Собранието на Република Македонија донесовме еден став дека доколку Собранието на Република Македонија оцени дека по мирен и демократски пат не може да дојде до договор за конституираше на идната југословенска држава како сојуз на суверени држави, ја задолжува Владата на Собранието да му достави усатвен закон и сите други акти со кој ќе ги утврди сите прашања од уставно правен карактер со кој Република Македонија како самостојна независна држава ќе го преземе извршувањето на своите суверени права.

Бидејќи прашањата кој се предлагаат со предлогот за донесување на закон претставуваат прашања кои би требало како суверени права да се пренесат од Федерацијата на Република Македонија за прашањата и за мобилизација и за регрутација и за отслужување на воениот рок, а еднаш се произнесе и Советот за прашање на народната одбрана. На Собранието на Република Македонија му предлагам да го донесе следниот заклучок кој би гласел:

"Врз основа на точка 3 од заклучоците за актуелно политичко-безбедносната состојба во земјата донесена на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 26 и 27 јуни 1991 година и 6 јули 1991 година, Собранието на РМ на седницата одржана на 29 јули 1991 година го донесе следниот заклучок:

1. Се задолжува Владата на Собранието на Република Македонија веднаш да му го достави Уставниот закон и сите други акти во кои спаѓаат и овие прашања кои што беа наведени за народната одбрана и сите други акти со кои ќе ги утврди сите прашања од уставно-правен карактер со кое Република Македонија како самостојна и независна држава ќе го преземе извршувањето на своите суверени права кои ќе бидаст разгледани на првата наредна седница, што ќе се одржи најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на оваа седница. На тој начин предлогот за донесување на закон по итна постапка за неприменување на одредени одредби од сојузниот закон за воена обврска, ако еден од актите во рамките на тој пакет кој што Владата го има поднесено, а јавно го соопшти на седницата од 24 ќе го добиеме и ќе го поставиме на дневниот ред. А расправата по ова прашање ја завршиме со овој заклучок и ги преминеме меѓусебните конфронтации.

СТОЈАН АНДОВ:

Овој заклучок сега е еден нов предлог кој мораме да го отчукаме и поделиме на пратениците и да видиме дали некој сака да учествува во расправата, бидејќи за секој предлог

предлог овде мора да биде отворена расправа. Очигледно на ова ќе мора повторно да се вратиме.

ПЕТАР ГОРГИЕВ:

Бидејќи јас претходно го поддржав образложението на потпретседателот Блаже Ристевски, сега сметам да поставам едно прашање кое после неговото повторно излегување дека може да се стави на дневен ред законот ако овој Парламент, прашањето е доста сериозно и прашањето во тој правец што е изменето од мислењето од почетокот на седницата во поглед на исполнувашето на точка 3 кое што ја има дадено Владата за поднесување на еден вака сериозен предлог на закон за воената обврска. Во мислењето од точка 3 стои дека во Владата и надлежните министерства во тек е интензивна обработка на прашањата што треба да бидат уредени со овој закон, како на кадровските организационите и материјалните услови за неговото спроведување. Многу сериозна работа. Сметам дека за ова пред пола час или час не е ништо изменето од она што Владата сериозно размислуваше за тој проблем и сметам дека проблемот е многу сеоиозен затоа што на совест ги имаме животите на нашите деца. Сметам дека овие подготовки треба најсериозно да се направат и тоа под најитно на чело со претседателот на Републиката ако сакаме за донесуваше на ваков закон, многу сериозно подготвен до Владата за него да расправаме. Од тука сметам дека не треба воопшто ние денеска да расправаме, ако сме во можност за наредните 3 дена, но претходно еден сериозен разговор со претседателот на Републиката и старешините посебно воената команда, заради состојбата сега

што ја имаме во делот на единиците на ЈНА. Дали е народна или не е најмалку е битно денеска, но ЈНА уште постои таква каква е и ние имаме сериозни проблеми сега со децата кој што не прашуваат што ние сега правиме и што одлучуваме во Парламентот.

За што се задолжуваме. Ние мораме прво на демократски начин да обезбедиме животите на децата да ги спасиме. Тоа е основно. Затоа е најсериозно прашањето за разговори на еден демократски начин предлагање на одредени решенија што ќе бидат во насока да се надмине ова. Оттука јас го подржувам мислењето на Блаже Ристевски, а сега сум изненаден што може и денекса ние да расправаме, а точката 3 упатува на тоа дека треба одредени работи како подготовка да се направат, па во наредните денови нека се направат.

На крајот да завршам по ова прашање ние парламентарниците не смееме да бидеме ставени под искушение. Словенциите сакаа да ја донесат Декларацијата, но први во Парламентот се изјаснија нивните челници, иако знаеја дека таа Декларација Брионска нема да биде спроведена, но успаја во својот Парламент да ги убедат парламентаркииите да се донесе. Не можеме ние овдека да расправаме ако по ова прашање не се избнеге претседателот на Републиката, претседателот на Владата, претседателот на Парламентот. Треба прво тие да кажат кој е патот за да можеме ние да оценуваме дали е тој пат или не. Ова е историска работа. Сигурно дека нашите деца се ставени во искушение сега за што се борат горе. Но мораме ние овдека да кажеме за што тие се борат. Затоа јас сметам дека животите на децата се во опасност ако ние одлука донесеме набрзина, а не сме отишле да разговараме и да ги спасиме нивните животи.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Ние навистина се измачуваме и свесно или несвесно ги драматизираме некои проблеми. Владата ја прифати иницијативата на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ во однос на воените закони и констатира дека процесот на припремата кој веќе е во тек треба да се заврши. Ние во пакет мерки имаме кажано дека се стават вон од сила овие закони, но тоа уште не значи дека ние сме ја ситуирале целата проблематика. Тоа е сложена материја. Ние тоа го работиме. Ние рековме на наредната седница на Собранието, ако треба може и процедурата на оваа седница да тече. Фактички за што станува збор. Ако го сватиме Собранието перманентно да работи, ништо не смета да стои процедурата во дневниот ред, а ние кога ќе бидеме готови со законот ќе го досатвиме на Собрание. 10 дена, 15 дена, 20 дена, тоа е сериозен проблем. Се согласувам со овие сугестии дека би требало навистина сите политички сили и пратенички групи да постигнат едно усогласено милсење, бидејќи станува збор за еден сериозен проблем.

НИКОЛА КЉУСЕВ: (продолжение)

Па дури и Словенија која водеше борба со армијата бараше одреден рок да ги повлече од таа армија своите војници, па Хрватска што велите вие ги повлекува тоа не е точно и таа бара време како да ги расчисти работите. Меѓутоа, малку ли е тоа што Советот за народна одбрана и претседателот на Републиката како претседател на тој Совет воспостави контакти сите витални интереси на Македонија во однос на армискиот комплекс да се заштитат. Регрутите од Македонија да не одат вон Македонија. Тоа спаѓа во коктекстот на новиот закон.

Второ, мобилизираните војници од Македонија да не ја напуштаат територијата на Македонија.

Трето, заробените војници од Словенија да останат во Македонија.

Четврто, ние бараме и оние кои на свој начин од било кои причини се вратиле дома, претседателот на Републиката заедно со воената команда воспостави сила и на тие луѓе да не се врши пресија. Значи, во тој интервал на донесување на овој закон, овие витални проблеми ние ги држиме во свои раце, а морам да ве информирам како парламент дека и ние сме ставени пред тешки искушенија од друга страна. Вие читате во печатот што се случува. И ние добивмениекои телеграми во кои ни се закануваат по тој и тој член претседателот на Владата или неговите министри ке треба да одговараат за такви и такви изјави. Ние им велиме тие телеграми да си ги ставите за украс, за нас е важен ставот и записникот од Советот за народна одбрана. Дали го добивте тој записник? Сте го добиле како доверлив материјал, па спрема тоа ве молам неможе да се упатува критики на Владата на Советот за народна одбрана кои чесно си ги обавуваат своите ангажмани. Оставете ја таа Влада да го подготви овој закон,

да ви го достави ако сакате ние рековме на наредната седница, а ако мислите дека оваа седница ја сваќаме како перманентна ништо не пречи во таа процедура и вие акцептирате едно такво сваќање. Но, поразумно е да ни дадете нормално време тоа да го завршиме. Што е ова измачување во оваа дискусија. Кој се тие спротивставени работи. Јас не гледам тука, туку претпоставката е рационално да ги поставиме работите, мирно да ги разрешуваме овке позначајни проблеми, армискиот комплекс е доста сложен, дали можеме ние денеска па дискутираме, да донесеме закон, а незнаеме што е со нашата жива сила, како е опремена, што е со нашите граници како се институираат, што си мислите вие преку ноќ да се расправат тие работи, тоа се сложени проблеми и дајте тоа забрзано да го работиме, но со разум, со ум сите да бидеме сложени на тој комплекс и затоа ве молам не се фаќајте за сите овие формалности, ако мислите да ја оставите Владата врз нејзиниот предлог за наредната седница да го подготви а таа наредна седница повелете вие кажете 10, 15, 20 дена кога мислите ние се согласуваме со тоа, но не се согласуваме денеска па утре да решаваме, таква работа е невозможна.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Сакам да ја дообјаснам работата во врска со преллогот од групата за законот за воената обврска.
Господине претседателел сите ние во ова Собрание го добивме записникот од Советот за народна одбрана и ги видовме заклучоците, но гледаме и друга работа дека по тие заклучоци не се постапува, дека праксата е спротивна на тие заклучоци, а знаеме од друга страна дека единствено што може како што ни кажува министерот за народна одбрана клучот на работите е во законот. Додека Македонија, ова Собрание не ја покаже својата политичка волја низ

еден закон не можеме, како што ни рече министерот за народна одбрана, ние од него да бараме да го направи тоа што се заклучоци на Советот за народна одбрана. Што значи да го постигне тоа што ние од него го бараме нашите деца да остануваат во Републиката. Од тие причини ние инсистираме на овој закон. Вие на некој начин имате некое разногласие јас го чувствувам од една страна викате дека е тоа готово во пакетот и ние можеме да го очекуваме ако не во текот на денешната седница дека се прогласи таа за переманетна нека биде во текот на 3 дена, но работата е толку итна, толку важна што ние не можеме 10-15 дена да чекаме.

Ние имаме случки деновиве во Охрид, во Кавадарци друг случај и од ден во ден се судруваме се повеќе со други народи кои во историјата никогаш ништо не ни направиле, а тоа се страшни последици и многу тешка одговорност си земаме на своите плеќи.

Ние би се согласиле со еден заклучок ако основниот закон за кој се смета дека фундамент на сите овие пакет закони, а тоа е законот за самостојност кој најверојатно тоа често го спомнувате е готов изготвен е од Вас, поминат на Владата го донесете зо текот на оваа седница која навистина може да трае и три дена бидејќи на дневен ред се 57 точки минус овие итаи што се бараат сега.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОБСКИ:

Почитувани пратеиици,

Последното излагање на пратеничката Димтрова ќе го поврзам предложениот заклучок на Петров се навестува лека денот "Д" е денеска. Мислам дека тое е најопасната работа и преку законот за народна одбрана, јас така го сватив, и преку заклучокот се наговестува дека повикувајќи се на точката 3 од заклучоците која во целост е препишана од декларацијата членот 7, со тоа само се додава "ја задолжува Владата", а и во нашите расправи целосно се

вртиме околу еден проблем. Ние сите сме сложни доколку не дојде по демократски пат до договор за конституирање на идната југословенска заедница како сојуз на суверени држави, Собранието ќе донесе уставен закон, во Декларацијата членот 7 се вели , а заклучокот гласи "ја задолжува Владата".

Повеќе пати рапсрававме на предлогот на потретседателот на претседателот ка Републиката кога ке настчпи тој ден "Д" за Македонија и мислам дека сите ние ако го расчистиме тоа со еден консензус кој се бара нема да се надмудруваме со ситни празни деловнички и слични одредби.

За да го расчистиме тоа , за да донесеме олреден заклучок законот за народна одбрана ние мора да бидеме свесни што значат тие од правен аспект.

Уствен закон со кој се предлага согласно членот 7, согласно членот 4 од Декларацијата за самостојност се менува уставно правниот карактер на државата и истиот може да биде донесен во постапка предвидена за менување на уставот согласно членот 439 став 2 и Уставните амандмани 79 и 74 кој е иста постапка како со донесување на Уставот. Со оглед на ваквата постапка за донесување, а имаме започнато постапка за донесуваље на нов устав која, според сознанијата, односно нацрт уставот кој го нуди Владага ке биде утврден на наредната седница мислам дека така одат подготовките, ова прашање најбрзо и на најбезболен начин ке го решиме со разрешување на новиот устав. Уште еднаш ќе подвлечам мора да разликуваме уставноправниот карактер на државата се менува само со акти. Тоа е уставен зако и амандман кој се донесуваат во постапка предвидена со Уставот. Значи, во прашање е времето покрај оној друг проблем иако има одредени согледувања од правниците и искажувања дека тој уставен закон може да се донесе и по скратена

постапка да забрзаме доколку имаме консензус, но во секој случај зад тие уставноправни акти стои волјата на народот. Кога сме кај волјата на народот во однос на референдумот мораме да истакнеме два начини.

Едниот начин е донесување на уставен закон или амандман за измена спрема мене тука е целата суштина тој уставен закон би бил со измена на начелото 1 од уставот на СРМ, а сзде се поставува прашање дали го почитуваме Уставот на СРМ а не Уставот на СФРЈ кој никој не го почитува.

Бидејќи оваа Македонија е суверена одамна, нејзината сувереност е во тоа што со уставното начело 1 е пренесена дел од сувереноста во СФРЈ и таа е договорена. Со укинување на таа пренесена сувереност фактички ние стануваме суверена и самостојна целосно. Дали е тоа прашање, односно сакам да истаккам и во однос на референдумот кој не е уставна категорија тој е морална, правна и меѓународна волјата на народот затоа што и ние седиме овде во интерес на тој народ значи тогаш имаме две можности ако донесеме уставен закон тој уставен закон произведува уставно дејстзо, но не произведува правни последици, бидејќи тој закон треба да оди на утврдување. Откако ќе биде утврден тогаш произвдуаа и правно дејство и се применува.

Другиот модел кој сметам дека Владата го прифаќа во своето мислење донесување на Устав по скратена постапка и претходно изјаснување во однос на народот. Бо таа смисла ќе ги измениме сите недоразбирања и надмудрувања во овој парламент.

Сметам дека по последното излагање на Димитрова, да не навлегувам во важноста сите сме свесни, за закокот за народна одбрана со последното нејзино образложение фактички се сака, а за тоа збор-руваше претседателот на Републиката повеќе пати, во кој момент ќе настапи тој ден "Д" што секаде е чуден и различен од Словенија,

Хрватска и сл. Патиштата на Југославија тие двата се познати. Едниот е Хрватскиот кој донесе уставо кој беше закрзнат во 60% од своите одредби и сега по прогласувањето фактички се активира уставот, се носи уставен закон за реализација на членот 5 или 10, а другиот начин е словенечкиот начин. Тие почнаа со декларации за суверeноста но до сите одредби мора да стојат изјавите на претседателите кој се повикуваат во свој случај на волјата на народот односно на референдумот и плебисцитот.

Ако расчистиме оваа брионска декларација иако не се почитува од некои, дава целосен мораториум, мислам дека и од тој аспект мораме да водиме сметка, но за мене денеска не е тој ден "Д" што мора да го измениме уставно правниот карактер на сите акти. Тоа значи не со уставниот закон само еден акт, за мене се важни законот за народна одбрана, но важен е и законот од економските аспекти, законот за нарушување на народната банка за немање примарна емисија што треба да ги донесуваме. Мислам дека тука копјата се вадат во овој парламент и меѓупарламентарните групи основно по мене е да ја забрзаме постапката за уставот и претходното изјаснвуање во рокови кои ние заеднички ке ги утврдиме.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Имам исправка во поглед на излагањето на другарот Гештаковски. Не го предложив заклучокот за да направам импровизација, туку напор да се сублимира она што веќе ова Собрание го утврдило за да не гласаме неколку пати по повеќе точки, а Владата си кажала некое мислење и во поглед на иницијативата на реформските сили и на Социјалдемократскиот сојуз и во поглед на барањето на ВМРО-ДПМНЕ за донесување на декларација. Бидејќи за овој законски текст е во рамките на пакетот на повеќе закони кој треба да се донесе Владата сама кажала во точката 3 се вели тоа и тоа да не го повторува, Владата таква оценка

сеуште нема добиено и затоа не го понудува предлогот на закон за неприменување на одделни одредби на законот за воена обврска. Затоа сакам да кажам дека не го прејудицирам денот "Д", како што кажа другарот Гештаковски во заклучокот, туку кога би ги добиле сите тие законски текстови во една процедура ке процениме што ке прифатиме што не и како ќе се постави парламентот во однос на инкцијативата за референдум и во однос на декалрацијата и уставно-правната позиција на Републиката. Бидејќи овој закон што сега се предлага по итна постапка е во пакетот на тие законски акти што треба да се доенсат заради пренесување на одделни суверени права во рамките на Републиката.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Само кратко. Ние сите се согласивме односно и Петров не прејудицираат во тоа кога ќе се усогласиме, но мора да истакнам дека тие акти се донесуваат во рок од 2-3 дена, бидејќи како парламент и народ се трудиме сите да ги искористиме сите можности на националните интереси на македонскиот народ во склопот на Сојузот на суверените држази. Тоа не обврзува декларацијата, платформата што значи, јас н кажавдека и декларацијата е во таа смисла, но да не се впуштаме, Хрватска и тие акти за тој ден "Д" ги донесе во рок од 2 дена 90 или 100 закони.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Мислам дека и двата предлога првиот на госпоѓа Ратка и вториот на Тодор Пегров ѕо суштина за мене немаат никаква разлика.

Едниот е во вип на предлог закон за кој што пред два дена спомнав дека неможе на ваков начин како што се предлага и донесе, а вториот станува збор за предлогот на Тодор Петров каде што тој зборува за задолжување на Владата според заклучокот од 9 и 10 мај.

Овде станува збор за нешто друго. Овој закон може да дојде на дневен ред само тогаш кога ова Собрание ќе донесе заклучок, оти Владата е веќе еднаш задолжена, и тоа е се подготвено како еден корпус на закони кои сега во моментот стојат во еден фрижидер. Значи, без заклучок на ова Собрание за што многу добро зборувате Гештаковски за тој ден "Д" не можат да се активкраат, според тоа мислам дека не можеме да го издвоиме само овој закон и денеска да го поставиме на дневен ред без целината на сите други закокски решенија кои во друга насока го активираат и уставниот закон за кој ние пред неколку дена расправавме дали да одиме по постапка на уставен закон, дали на референдум, дали на политичка декларација или донесување на нов устав.

Според тоа мислам дека прашањето не може на ваков начин заобиколено, дали со пробивање на еден закон за кој сметам дека е клучен закон во целиот тој пакет на закони или преку ова прашање кое го поставува Тодор Петров повторно задолжување. Се работи дека ние како Собрание треба да донесеме јасен заклучок дали ги активираме сите овие закони врз основа на определбата што треба да ја донесеме и по кој пат ке се определиме затоа што имаме сега во опток 3 решенија. Имаме опток за референдум, имаме решение за нов устав и политичка декларација на пратеничката група. Според тоа, мислам дека заеднички треба да дојдеме до заклучокот и да не одиме понатаму во расправа според тоа предлагам и едниот заклучок кој официјално е доставен од Тодор Петров да се подели и да се изјаснуваме по него и по вториот за законот за народна одбрана и со тоа мислам дискусијата да ја прекинеме, но да биде јасно затоа станав, за што станува збор оти неможеме само со издвоен закон да одиме сега да решаваме.

Трето, се согласивме територијалната одбрана да не оди надвор од Македонија. Сега разбрав дека има разни други случаи. Има војници дојдени на отсуство, има војници дојдени за полагање на испит, разни случаи. И утринава разгледував неколку такви случаи, се сретнав со некои родители итн. Тоа е прашање на кое треба како и досега што ги решававме овие работи да им пристапиме на сличен начин и да успееме максимално што можеме да успееме. Значи, тоа е едната работа во која ние нашата обврска според одлуките на Советот за народна одбрана ја извршуваме.

Втора работа е законот. Законот треба да го подготви Владата. Ако имаме Совет за народна одбрана како што гледаме тој по тие прашања донесе добри одлуки, ги спроведе, би требало тој Совет да го разгледа тој закон и да го даде своето мислење. Инаку тој Совет не треба да постои ако не е така. Тоа не значи дека другите комисии надлежни, закокодавни и други не треба да го гледаат, но треба од таа воена гледна точка да добиете мислењаа на Советот за народна одбрана како треба тој закон да изгледа. Пет, или десет дена позеќе или помалку апсолутно немаат никакво значење при досега преземните мерки за кои говорам. На тој начин само се создава нервоза, јавноста добива сосема обратен впечаток од тоа како стојат работите и ги дигаме емоциите и тензиите без потреба. За секој одделен човек, еден, единствен ние се грижиме. Вчера на собирот во Трново реков дека ние во меѓуетнички судири зо едка бесмислена војна на два народа не сакаме да учествуваме и немаме деца за да гинат во една таква војна. Верувам дека сиот Парламент така мисли и тука нема партиска поделба во тој поглед, Дајте, едно по едно работите да ги средуваме

и да ги доведеме до крај. Законот треба да го разгледаме, но да се подготви од Владата, да ги погледаме сите аспекти од воена и друга гледна точка како изгледаат, да Ви дадеме свое мислење и Парламентот да го разгледа тој закон по нормален пат. Ништо со тоа нема да загубиме, а со неговото донесување нема да ја решиме третата фаза за која сакам да ви кажам дра-три збора која не чека. Пред таа фаза се сега и зо Словенија и во Хрватска па и Србија донесе некаков закон за народна одбрана итн. Меѓутоа, тоа е сега веќе фактичка положба. Законите тука се добра правна основа да ги имаме, но да ги постигнеме целите децата кои се во армијата да се вратат. Тоа е пак процес на многу тешки разговори кои ќе ги имаме и кои треба успешно пак да ги завршиме како и ова што Ви реков, пред тоа што го сторивме заради тоа што Словенија сега постигна договор во рокот на мораториумот да им се вратат сите војници. Хрватска тоа прашање не го решила, воопшто не го решила. Да немаме заблуда дека војници од Хрватска не се наогзат зо ЈНА. Тоа Не е точно, затоа што ЈНА така не ги пушта, ниту можеме да ги земеме со сила. Пак ќе мораме да седнеме врз основа на одлуките кои ќе ги донесе овој Парламент како што разговарагме врз основа на одлуките на Советот за народна одбрана да бараме начин и пат тие деца да се вратат што побрзо дома. Секој друг пат нема да ни даде резултат. И затоа мислам нема потреба околлу ова да се обвинузаме. Треба да заклучиме да се подготви тој закон, да ни дојде со мислењето на Советот за народна одбрана. Ние ќе го свикаме Советот за народна одбрана за 24 часа штом Законот биде подготзен, ќе дадеме свое мислење и нека си врват работите нормално како што треба да врват. Никој нема интерес тоа ниту да го забавува, ниту да не се донесува, но треба да го направиме на начин како тоа му доликува на овој Парламент и на

Македонија како држава каде што не можеме на начин поради овој настан денеска, онаа информација утре итн. да донесуваме импровизирани и недомислени работи.

Бидејќи сум загрижен за тоа што не сме во состојба да преминеме на фактичка распраѕа по прва, по втора, по трета точка, на дневниот ред. Ние усвојуваме дневен ред и тоа по неколку дена, сега се создаде една атмосфера, било кое заседание кое ќа се закаже се исцрпува на крајот на краиштата во утзрдувањето на дневниот ред, а потоа евентуално една или две точки, или значајни , не говорам за оние рутински кои така после се изгласуваат евентуално расправаме и се разделуваме за да следниот пат се состанеме пак за да би дискутирале за дневниот ред од 60 и повеќе точки за кој дневен ред на лице место денеска, утре , попладне, вечер, се даваат крупни предлози кои треба да ја определат судбината на Републиката и се разбира по нив тогаш се расправа по материја, а не за дневен ред. За дневен ред во сите парламенти се расправа на следниот начин. Јас не знам каков е нашиот Деловник, зошто така го направивме. Можеби треба да седнеме и да го измениме, да направиме порационална, поефикасна работа на Парламентот. Прво, Претседателството за тоа постои. Тоа е составено од повеќе партии, затоа постои да го приготви заседанието за да најмалку остане потреба за вакви распрази околу дневниот ред и тоа оние точки кои се најважни и тогаш оттаму доаѓа икицијатива, ако нема согласност за меѓупартиска, меѓупарламентарна меѓу партиите, парламентарните групи за претходни расправи за да се дојде до нешто што може да биде во најголем степен усогласено и тогаш дневниот ред овде доаѓа, се дава по секоја точка кратко образложение, ако некој има против, кратко да каже зошто е против и се оди на гласање. Ние наместо

тоа ја претресовме сета национална проблематика на Македонија, без дневен ред. Секој стана и даде нов предлог и нови заклучоци итн. Тоа не води никаде. Не можеме на тој начин да го оспособиме Парламентот да работи како што треба да работи. За дневниот ред треба половина час, еден час, нека треба час и половина максимално, нека има границиа таа работа за да можеме наместо ова наше така да кажам меѓусебно спротивставување околу дневнкот ред досега можеме две, или три точки во овие три дека да решиме. Тоа си било за иднината на Македонија и за состојбата во која се наоѓаме, а морам да кажам и за угледот на Парламентот. Тоа многу повеќе би придонело од се ова што го правиме сега со овој начин на расправа. Зошто го велам тоа? Затоа што не може нашиот дијалог овде во Парламентот да почнува и да завршува со утврдувањето на дневниот ред. Ова е највисокиот државен орган на Македонија кој мора да одлучува , а не да се расправа со денови за дневен ред. Во овие времиња кога во еден дел на оваа земја во која уште живееме се води практично војна, секој ден има по 100-тина мртви. Ние се надмудруваме околу тоа која точка, па потоа реплика на се што е речено, па дуплика, па повторно реплика, нема крај. За секој збор кој што го рекол можеш да станеш и да кажеш "точно тој збор не беше така речен , или вака беше речен" и тоа нема крај. Ако ни е важно да дојдеме до тоа да се утврди дневниот ред и ако ни е важно да дојдат тие точки за кои сите така загрижено, емоиционално овде говориме: доцниме, што прави оваа Македонија, кога ќе дојдат тие работи на дневен ред? Ние со ова сета таа расправа ја одолжуваме и ја оневозможуваме. Јас мислам дека тоа не ни е потребно.

Второ, реков за Претседателството мислам дека би требало да му дадеме поголеми овластувања и доверба да тоа на своите претходни припремни состаноци да го заврши најголемиот дел од оваа работа. Тогаш тоа претседателство нас навистина многу ќе ни помогне.

Трета работа, со оглед на тоа што сите знаеме каков е составот на Парламентот, каков е односот на силите, илузија е од било кој да мисли дека може било што да наметне преку расправа околу дневниот ред, споровите околу дневниот ред итн. Во јавноста можат да се постигнат некои одгласи, но мислам најопасен е оној крајниот одглас да овој народ заклучи дека нашиот Парламент не е способен да работи. Тоа не смееме да го дозволиме. Во овој момент тоа е нешто што ние не смееме како македонци да си го дозволиме, да пуштиме се друго, партиска и било каква друга определеност. Ние мораме да мислиме што овој највисок државен орган кој е веќе крњ, тој веќе не е цел. Ако ние него го онеспособиме во овие моменти кога можеме да бидеме исправени пред многу судбоносни одлуки и веќе сме исправени да го онеспособиме да работи и да оставиме ваква слика кај народот, а народот ќе мора таа наша работа да ја верифицира. Ке мораме да одиме порано или подоцна на тоа да провериме преку референдум што тој народ мисли за оваа, или за онаа одлука, или претходно како, кој гледа на тоа да се изјасни, па потоа да се оди со одлучување итн. Ние кај тој народ кај кого утре треба да постигнеме ефект да ни верува и она што му предлагаме за што треба да се изјасни е судбинско прашање зад кое стоиме сите ние за да го добиеме оној ефект со кој Словенија и Хрватска насекаде излегуваат најнапред. Имаме 80, или 90 насто од народот кој се изјасни за тоа. Немаме ние никој од нас лично после право да застапуваме нешто друго и тоа ни е најголемиот аргумент и за меѓународното

признавање на нашата држава и за внатрешните нејзини понатамошни активности, иницијативи итн. и како преговарачка позиција итн. Ве молам, да ја скратиме ако било на кој начин може оваа расправа и да дојдеме до тоа да го утврдиме дневниот ред и да минеме на оние точки, да расправаме за оние точки кои навистина се пресудни за работата на Парламектот и за судбината на нашиот карод.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Исцело се сложувам со дискусијата на претседателот Глигоров и мислам дека ако се поставеа главните точки на дневен ред, а тоа е тоа што ние баравме. Што основното, политичко безбедносната ситуација во моментов после повлекувањето на армијата од Словенија и после Охридскиот самит кој што заврши фактички без консензус на врвот. Тоа е основното за што ние треба да разговараме и заради тоа по разни точки излегуваат вакви дискусии. Ако ние таа точка ја поставиме на дневен ред нема да биде текот ваков каков што е. Други две работи исто така многу ме загрижувггт и сакам да ги споделам тука со пратениците, а тоа е. Мислам дека не се процедурите, начинот аа разговарањето , репликите и тие состојби криви за некои работи. Мислам дека тоа не е само процедуралната работа, или не познавањето на процедурите. Ме загрижува еден друг факт, дека по донесувањето на Декларацијата за сувереност на Македонија која овде со акламација и едногласно ја донесовме во нашето Собрание нема во пракса фактички ниеден израз на сувереноста, ниеден закон и ниедна мерка низ Собраниево не помина како заштита и како операционализација на таа Декларација на сувереност. Конкретно во врска со овој закон претседателот

исто така кажа дека Србија си донела свој републички закон, пред тоа и Словенија и Хрватска. Ние знаеме дека сме во период на мораториум. Каков и закон да донесеме тој во истиот момент се замрзнува. Тој не може да функционира. Единствено се работи за израз на политичка волја на овој Парламент. Да се знае дека како во Србија, во Хрватска_и во Словенија и ние имаме некои видувања во врска со оваа област на народна одбрана што понатаму и како понатаму. Ме загрижува уште една работа. Во мај годинава на Сојузното собрание 30 наши делегати, фактички 29 наши делегати

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, сега да се разбереме. Вие дадовте предлог овој проект да биде сега како предлог за донесување. Да го објасните тоа.

<u>РАТКА ДИМИТРОВА:</u>

Основно што го предизвика тој предлог на закон да го донесе нашата група беше фактот дека разбравме 30 души на Сојузното собрание од Македонија биле свикани од надлежните и им било наложено да гласаат "за" тој закон, а тој закон претставува најреакционерно нешто и директно ги елимикира легитимните органи од власта на Републикава. Ако тоа во мај се прави, тоа значи очигледно е дека ова Собрание мора во таа област да ја покаже својата политичка волја, не пракса, само политичка волја.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, предлогот е сега модифициран, сега ја сфатив госпоѓа Димитрова претходниот пат кога зеде збор, дека Пратеничката група не бара по итна постапка сега да се уврсти во дневниот ред, туку го доставуваат како предлог за донесување. Предлог за донесување, така рече. Еве како стојат работите:

Како предлог за донесување треба да се упати тој предлог до Собранието и во рок од 30 дена, а најмалку 15 дена треба да биде на расправа. Тоа е по Деловникот. Инаку не можеме никако ефикасно да работиме. Предлог за донесување не може да има никаква итна постапка. Деловникот е таков, кога ќе го промениме ќе работиме инаку.

Според тоа се останува на тоа и нема што да гласаме, ако се останува на предлогот да биде предлог за донесување. Предлогот за донесување ќе го достават, ќе го ставиме во постапка каква што е предвидена со Деловникот. Дали има некои прашањ??(Нема).

Ако нема по оваа точка, по Предлогот на ВМРО ДПМНЕ расправата е исцрпена и не треба изјаснување на Собранието, тие ќе си достазат предлог за донесузање...
(од место се јавуваат дека не е исцрпена расправата)

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Стефковски.

Ете затоа нам утводувањето на дневниот ред ни трае најмногу

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ :

Ние дадовме предлог за донесување на закон по итна постапка итн. Предлгачот, во името на Работната група го преформулира со тоа што место по итна постапка, што како термин исто така не држеше, да речеме и тоа, предлог за донесување со Предлог на закон. Фактички ние го третираме веќе како не предлог на закон

туку како предлог за донесување бидјеќи имаме мислење од Владата за Предлогот за донесување, ние само ја избегнуваме онаа втората постапка како предлог закон, што фактички е итна постапка, се откажуваме од итноста на карактерот, а да остане на дневен ред на седницава на Собранието. Доколку се мисли дека треба да се повлече од дневниот ред, а веќе Владата се произнесе по него, друга е постапката како ќе тече понатаму расправата. Во расправата ако го утзрдиме во дневниот ред, ќе кажеме нема мислење од комисиите и може да ја одложиме расправата по тој закон. Но, никако да го симнеме од дневен ред или мислам да не биде утврден во дневниот ред. Во тоа е разликата.

СТОЈАН АНДОВ:

Вие треба да го прецизирате предлогот. Ако ви е предлог за донесување, не може да се уврсти во дневниот. Ако е по итна постапка, ако сакате да ја продолжиме расправата.

Госпоѓа Димитрова го преквалификува предлогот. Дали останувате на тоа? Дали останувте на новиот предлог дека се работи за предлог за донесување? Ако е предлог за донесување, Ве молам итно нека ми се испрати, да го пуштам во постапката.

Молам, ако е така, тогаш со тоа е завршена расправата и господин Стефковски еве ова е моето појаснување.

РАТКА ДИМИТРОВА:

(Зборува од место) како предлог да се стави на дневен ред

СТОЈАН АНДОВ:

Неможе како предлог за донесување да се стави на дневен ред.

Дами и господа, работата во Парламентот е обичен хаос ако не се почитува процедурата.
Повелете господине Арсов ако имате нешто да кажете повелете на говорница.

Нема никој можност да направи собир и тој собир да си ја изврши законската и уставна функција ако притоа не се почитува начинот ан кој тој орган работи.

Ако сакате по итна постапка не може да биде предлог за донесување. Тогаш е она што го испративте овде како предлог на закон. Ако останете на тоа треба да гласаме.
Имаме мислење на Владата.

Но, бидејќи вие го преквалификувавте како предлог за донесување, јас очекувам во текот на денот да ми се испрати тој предлог за донесување и да го пуштам во постапката. Во деловничките рокови.ќе закажеме седница и ќе се расправа кога ќе го добиеме предлогот.
Дали е ова готово? (да)

Имаме заклучок од господинот Петров. Тоа не се однесува на еден закон, туку е комплексен.

Дали господинот Петров го повлекува заклучокот? (го повлекува).

Одиме понатаму.

По две прашања, врзано со ова е и предлогот односно барањето на пратеникот Тодор Петров, Владата на Република Македонија да достави информација за извршување на точките 8 и 9 од Заклучоците за актуелната политичко-безедносна состојба во земјата и Републиакта што Собранието ги донесе на 9 и 10 мај 1991 година со предлог претставникот на Владата да се произнесе.
Бидејќи ова го одложивме, како што одлучивме, кога ќе дојде претседателот Никола Кљусев, јас предлагам целиот комплекс

за што инаку претходно расправавме по повод Предлогот на Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ и прашањето на пратеникот Тодор Петров Собранието да расправа за актуелно политичко-безбедносната состојба во земјата и Републиката по донесувањето на Одлуката на Претседателството на СФРЈ за повлекување на ЈНА од Република Словенија, сега треба да се произнесеме дали го уврстуваме во дневниот ред. Јас мислам дека тие влегуваат во една материја, трите барања.

Ако предлагачот Петров прифати дека тие негови две барања се вклопуваат во барањето на Пратенкчката група ВМРО ДПМНЕ да не одиме во посебна расправа за тоа дали е или не е, тогаш ... пратеникот Петров прифаќа, тогаш одиме да го разгледаме како една точка која има повеќе аспекти, закучоци и друго, како една точка во дневниот ред - политичко безбедносната ситуација во Републиката и земјата.

Дали се согалсувате со тоа? (Се согласуваме).

-Предлагам таа точка да ја уврстиме во дневниот ред.

-Кој е за, молам да крене рака? (Пратенициите креваат рака).

-Дали има некој против? (нема)

-Има ли воздржани?(двајца пратеници се воздржани) Констатираат дека Информацијата за политичко-безбедносната, состојба во Републиката и земјата е ставена како посебна точка во дневниот ред по која ќе водиме расправа.

Ако одевме по постапката, по процедура, ова многу лесно ќе го одлучевме без премногу расправи овде.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

За оваа точка треба да дојде членот на Претседателството

СТОЈАН АНДОВ:

Редоследот после ќе го утврдиме и ќе кажеме кој се треба да биде присутен.

Комисијата за финансирање и буџет, имајќи ги предзид ставозите на Владата на Република Македонија предлага Собранието да ЈА ОДЛОЖИ расправата по Извештајот на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собраниего на СФРЈ за текот и резултатите од усогласувањето на сојузните акти што беа предвидени за седницата на Соборот на републиките и покраините од 19 јуни 1991 година и Нацртот на законот за претворање на курсните разлики по депонираното дезизно штедење кај Народната банка на Југославија и на курсните разлики по определени странски кредити во јавен долг на федерацијата. Ова се предлага поради потребата од поцелосни согледувања на прашањата што треба да се уредат со одделни сојузни законски прописи.

- Кој е за предлогот на Комисијата, молам да креке рака?(пратениците креваат рака)

- Дали има некоЈ прогиВ? (еден е против)

- Дали некој се воздржува од гласањето? (еден е воздржан)

За оваа седница добив и дополнителни предлози за дополнување на дневниот ред.

Добив предлог од пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и на Реформските сили на Македонија-Либерална партија, Предлог на одлука за самоопределување на Република Македонија како самостојна и суверена држава за влегување во сојуз на суверени држави на Југославија. Добив Предлог на декларација за самостојност на Република Македонија, тоа е од пратеничката

група на ВМРО ДПМНЕ и денеска добив предлог од ВМРО ДП, пратеникот Голубовски, Предлог заклучоци што Ви се поделени.

Го молам претставникот, ако се еден или двајца, за првиот предлог да даде образложение за основаноста и итноста на овој предлог.

Има збор господинот Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Почитувани пратеници, се работи за предлогот, бидејќи претседателот на Парламентот не ја искажа одлуката до крај, се работи за Предлог за донесување на одлука за самоопределување на Република Макеоднија како самостојна и суверена држава и стапување во Сојуз на суверени држави на Југославија преку изјаснување на граѓаните на Македонија по пат на референдум. Тоа е заеднички предлог на двете пратенички групи, на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз и пратенкчката група на Реформските сили на Макеоднија - Либерална партија.

Од моментот на предавањето на нашиот предлог до денешнава седница, го добивме и мислењето на Владата по предлогот од што може да се заклучи, верувам дека сите пратеници го имаат добиено мислењето на Владата, дека Владата, не би го цитирал тука целото мислење, би се повикал на последниот дел, на последните реченици од мислењето каде што Владата дава можност Собранието да донесе одлука за распишување на референдум за претходно изјаснузање на граѓаните на Македонија по прашање од битен општествен интерес за Републиката.

Оттука, ние како предлагачи го прифаќаме Мислењето на Владата и го прецизираме Предлогот во согласност со Мислењето на Владата како Предлог за донесување одлука за распишување на референдум за претходно изјаснување на граѓаните, што би било во согласност со

Законот за референдум и во тој случај прашањето што го дефинираме во нашиот Предлог би останало исто за суверена самостојна држава и нејзино стапување во Сојуз на суверени држави на Југославија. Кои се причините за нашиот предлог? Образложението за нашиот предог и за итноста на нашиот предлог?

Ако ми дозволите само едно мало навраќање на дел од документите што ова Собрание за времето на своето постоење ги има донесено:

Еден од првите побитни акти беше актот за сувреност на Република Македонија каде што овој Парламент во името на граѓаните на Република Македонија јасно и децидно, решително се изјасни дека бара потполно политички субејктивитет во донесувањето на одлуките. Тоа значи дека не се согласуваме со ничие туторство и со ничие попување, туку самостојно и суверено парламентот на Република Македонија ќе ги доенсува сите одлуки што се сврзани со виталните интереси на Република Македонија.

Потоа следеше Платформата што ги дефинираше критериумите за водење на преговорите за иднината на Југославија, каде што исто така наведовме низа критериуми и правци каде што ќе се движат нашите претставници во преговорите за идната Југослазија. Јас би навел само еден од нив а тоа е дека овој парламент се изјасни дека не прифаќа Република Македонија да остане во редуцирана федерација. Тоа исто така во неколку наврати низ разни заклучоци на овој Парламент е јасно искажано.

Понатаму следеа низа заклучоци во разни прилики во кои што често пати едногласно а во повеке наврати со мнозинство на гласови Македонскиот парламент дека прва и приоритетна определба на Република Македонија е определбата за сојуз на суверени држави на Југославија. Дека таа определба произлегува од виталните интереси на Република Македонија и дека водејќи сметка во потполност за

рамноправниот статус на Република Македонија во тие преговори, за политичкиот субјективитет на Македонија, се додека постојат можности и постојат шанси до таков договор да дојде по мирен и демократски пат, со респект на виталните интереси на Република Македонија, ние како Парламент во името на Република Македонија ќе се застапуваме каков договор да се постигне.

Значи, тоа е прва и приоритетна определба за која се задолжи овој Парламент. Но, исто така рековме ако до таков договор не може да дојде заради причини што се надвор од нашата моќ, бидејќи за да се постигне таков договор е потребна согласност и на другите членки на досегашната федерација, значи на другите републики, тогаш ние сме подготвени Република Македонија да ја конституираме како самостојна, суверена македонска држава.

Понатаму, дадовме поддршка на Брионската декларација со што се определивме за почитување на тромесечниот мораториум во кое време нема да донесуваме, очекуваме тоа и другите да го прават, да не се донесуваат еднострани акти што би го нарушиле договорот постигнат со Брионската декларација.

На крајот, на последната седница имаме заклучок под реден број два во кој велиме дека тромесечниот мораториум Република Македонија ќе го искористи за донесување на скте државно-правни акти, а пред се како највисок акт Уставот на Република Македонија со кој Републиката ќе се конституира како самостојна суверена дражва, што не е во ниту еден момент во спротивност со нашата определба за Сојуз на суверени држави бидејќи и при реализација на едната варијанта и при реализација на другата варијанта, во прв момент Македонија мора да се конституира како самостојна суверена држава, а потоа доколку се постигне договор за Сојуз на суверени држави, дел од

функциите да префрли за вршење на заедничката договорна заедница

Водејќи сметка пред се за досегашните документи, акти и заклучоци донесени на ова Собрание, пак ќе повторам најчесто едногалсно или со големо мнозинство, пратеничките групи на Социјалдемократскиот сојуз и на Сојузот на реформските сили - Либерална партија сметаат е дојден моментот таа до сега актуелна политика на Република Македонија во однос на југословенските односи доживеее своја верификација и пред граѓаните на Република Македонија, пред народот на Република Македонија и тоа да се направи по пат на референдумско изјаснување.

Прашањето го дефиниравме така како што претходно го наведов и со потврден одговор на ова референдумско прашање односно со позитивен резултат на референдумот, од една страна би доживеале верификација на досегашната актуелна политика на Република Македонија а од друга страна би ги зацртале осковните правци во кои би се движел за да ги оствариме стратешките интереси на Република Македонија.

Сметаме дека и покрај тоа што сме народни пратеници, како што често знаеме да кажеме а тоа значи дека сме избрани од страна на народот и покрај тоа што овој парламент е народен парламент мислиме дека за вака битни работи единствен монопол за одлучување има непосредно народот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија и дека тие низ едно непосредно изјаснување ќе го кажат својот конечен збор.

Очекуваме дека нашиот предлог ќе наиде на согласност на сите пратеници зо Македонскиот парламент, и не само на пратениците во македонскиот парламент, туку и во сите партии што егзистираат во Република Македонија без разлика дали се парламентарни или тон парламентарни, бидејќи нема партија во Република Македонија што во својата програма и во своето делување не говори дека ги застапува интересите на граѓаните на Република Македонија, на народот на

Република Македонија. Ако е тоа така, тогаш во согласност со тие определби треба да се даде можнсот на тој народ, на тие граѓани да се изјаснат што мислат за едно вака битно прашање.

Сметаме дека секој оној кој што ќе се спротивстави на овој предлог на крајот на краиштата би сакал да работи зад грбот на народот и против интересите на народот. Едноставно, ако сите велиме дека говориме и работиме во интересот на народот, бујрум народот нека си го каже својот збор непосредно низ изјаснувања на референдум. Со надеж дека сите ќе се согласиме околу оваа одлука, Ви благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Ова е образложението за основаноста и итноста овој предлог на одлука да се уврсти во дневниот ред, не е материјална расправа.

-Молам, дали некој бара збор? (Никој)

-Молам, кој е за уврстување на оваа одлука на дневен ред да крене рака? (пратениците креваат рака) 71 пратеник гласаа оваа одлука да биде увствена на дневен ред.

-Дали има некој против? (3)

-Дали некој се воздржува? (4 пратеници)

Според тоа констатирам дека предлог-одлуката, вака квалификувана, мора да ја формулирате точно како гласи, Предлог на одлука за распишување на референдум да се уврсти на дневен ред.

Го молам претставникот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да даде образложение за предлогот на Декларацијата за самостојност на Република Македонија.

ДОСТА ДИМОВСКА:

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, на почетокот морам да укажам на тоа дека доставениот текст го преформулиравме во предлог на декларацита за самостојност на Република Македонија, не на Нацрт-декларација.

Во врска со предложениот текст од пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ и на 2-те пратенички групи за донесување на одлука за распишување нас референдум добивме мислење од Владата

во кое што погрешно е назначено дека пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ предложила декларација за независнот. Молам овој текст да се корегира бидејќи ние предложивме Декларација за самостојност на Република Македонија.

Исто така во мислењето на Владата цитиран е заклучокот на Собранието донесен на претходните седници на Собранието во кое што стои дека доколку Собранието на Република Македонија оцени дека по мирен и демократски пат не може да дојде до договор за конституирање на идната југословенска заедница како сојуз на суверени држави ја задолжува Владата на Собранието да му достави уставен закон и сите други акти.

Предлогот на текстот на декларацијата за самостојност пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ всушност го доставува како политички акт во кој што е изразена оценката дека дошло до изменување на фактичката состојба во Југославија, всушност уставно-правниот статус на југословенската заедница која што ја сочинува шест конституенти со изделувањсто на Словенија особено со повлекузање на единиците на ЈНА од Република Словенија исто така по актите што ги донесе Република Словенија фактичката состојба е променета, а истовремено да се потсетиме на заклучоците што овде ги донесовме и што се содржани во Платформата за преговори, имено, во нив стои дека Макелонија ка се определува нејзина опоеделба не е релуцирана федерација. Претседателот на Републиката во csоето обраќање пред Собранието и во средствата за јавно информирање изјавуваше дека секое издвојување на која и да е од југословенските републики, автоматски го повлекува издвојувањето на Република Македонија, бидејќи во редуцирана

Југославија не ја гледа иднината на македонскиот народ. Членот пак на Сојузното претседателство д-р Васил Тупурковски изјави дека во случај на непостигнување на концензус на Охридската мировна изјава ќе мандат од македонското собрание за повлекување на Армијата од Република Македонија истовремено со нејзиното повлекување од Словенија. Повикувајќи се на овие изјави на носителите на врвната власт во моментот кога Република Словенија и фактички договорно се издвојува и ЈНА се повлекува од нејзината територија, Парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ да се донесат сите потребни документи за осамостојување и за функционирање на суверена држава Македонија. Актите да се усвојат во пакет со одлука за нивно замрзнување додека трае мораториумот. Со тоа би се сочувал мирот и безбедноста на Републиката, а би се изразила политичката волја на нашиот народ да го заштитат од реално присутната опасност од губење на суверенитетот, така што оваа Декларација за самостојност на Република Македонија всушност е предложена како една оценка на Парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ дека фактичката состојба изменета и дека треба да одат во процедура уставниот закон и пакетот на закони за осамостојување на Република Македонија, со тоа Парламентарната група смета дека после осамостојувањето на Македонија треба да продолжат преговорите за стапување во сојуз ка суверени републики на Југославија. Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Овде се наоѓаме пред една ситуација која треба да ја разјасниме. Значи, не се предлага како акт, туку како оценка.

ДОСТА ДИМОВСКА:

Јас незнам дали не се разбираме, или се правиме дека не се разбираме. Оценка е дадена од страна на Парламентарната група, а таа оценка е содржана во предложената Декларација за самостојнрст. Нема тука ништо нејасно. Тоа е политички правен акт кој" што "произлегува од оценката.

СТОЈАН АНДОВ:

Подобро е да ве прашам и да се изјасните отколку да не ве прашам, па различно да мислиме, а јас ја водам седницата.

Ве прашав дали е ова предлог за оценка што ја има паралементарната група па Собранието да ја утврди како оценка, или е правен акт. Ако е како предлог за оценка, ве молам тогаш ние имаме во мислењето на Владата дека Собранието не дало таква оценка досега а вие предлагате сега да даде оценка. Во таков случај е една работа.

Ако предлагате акт Собранието нема таква оценка уште. Затоа велам да ги разјаснкме работите. Да не биде вашето во спротивност на мислењето на Владата, затоа што Парламентаранта група проценила, но таа оменка треба Собранието да ја оцени. Дали да ја ставиме на дневен ред?

ДОСТА ДИМОВСКА:

Во расправата пратениците ќе се изјаснат дали ја прифаќаат оценката што е содржака во Декларацијата, во правно-политичкиот акт или не ја прифаќаат.

СТОЈАН АНДОВ:

Мене не ми е многу јасно, но да не излезе дека

не ја ставаме на дневен ред предлагам да ја ставиме на дневен ред Декларацијата, па тогаш ќе зборуваме прво за оценката, па после актот да се донесе.

Молам, предлагам да се изјасниме кој е за да се стави на дневен ред Декларацијата да крене рака. (Пратениците креваат рака)

-64 пратеника се "за".

-Кој е протнв? (4 пратеника)

-Кој се воздржани? (8)

Констатирам дека се прифаќа овој предлог нас Деклрацијата да се уврсти во дневниот ред.

По овие 2 предлога имавме мислење на Владата. Во меѓувреме денес добив предлог.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:
Дополнување на предлогот од 26.

СТОЈАН АНДОВ:
Ова е друго, не е дополнување, ова е ново. Ова е заклучок. Јас молам да го прочитаат претставниците на Владата и да ни кажат мислење на Владата. Дали им е потребна седница или можат веднаш да одговорат.
Ми укажува секретарот дека заклучок може да се донесе по некоја точка ко]а би имала материјал и по материјалот би се водела расправа, а заклучокот да биде акт.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

-Заклучокот по точката 1 за политичко-безбедносната ситуација.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи, предлогот на Голубовски е во рамките на 1-та точка, точакта за политичко-безбедносната ситуација, Тогаш не е потребно сега мислење на Владата, затоа што тоа е во тој пакет и тогаш тие ќе си кажат каква е проценката на политичката ситуација.

Молам, со ова ги исцрпивме сите предлози што беа дадени зас дневен ред. Сега треба да го утврдиме днезниот ред.

Предлагам, први 3 точки да бидат политичко-безбедносната ситуација во Републиката, Одлуката за ререферендум и 3-та точка Декларацијата, а потоа ќе ви ги прочитам овие со решението што ви се доставени.

Со Решението ги имате, само има нешто што е симнато. Прифативме овде по итна постапка да се уврсти и предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за самостојно вршење на дејност со личен труд и Предлог на закон за неприменување на законот за општествениот капитал и член 4 од Законот за исплата на лични доходи на средства за непосредна и заедничка потрошувачка.

Ве молам прво да ги расчистиме другите работи.

Веќе се договоривме точките 51 и 52 да се симнат од дневен ред.

(Ги чита точките 51 и 52 од Решението за свикување на седница).

Значи, овие 2 точки отпаѓаат, а како точка 29 и точка 30 доаѓаат предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за самостојно вршење на дејност со личен труд и

предлог на закон за неприменување на законот за општествениот капитал и членот 4 од Законот за исплатата на личните доходи и на средствата за непосредна и заедничка потрошувачка и на средставата за исхрана на работниците во текот на работата, во делот што се однесува на издавање интерни акти. Тие доаѓаат како 29 и 30, а од 29 и 30 се поместуаваат, па точакта 50 доаѓа како 51 и т.н. Со првите 3 нумерацијата се изменува.

РИСТО ЈОВАНОВ:

Господине претседателе, сакам да укажам расправа да водиме заеднички за одлуката и Декларацијата. Овие 2 точки да не ги делиме. Тука и апелриаме заеднички концензус, да се договориме за овие две работи. Ако водиме расправа за одлуката а после за Декларацијата на ВМРО-ДПМНЕ можеме пак да западнеме во некој рамки. Апелирам овие 2 точки да ги споиме во една.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа го предгага предлагачот на едната точка. Може да ги спојат ако се согласат предлагачите и на едната и на другата точка. Јас немам право да го направам тоа.

(Реагирања од место)

Не може така, мора ла се знае која е точка. Или е една или се 2 точки. Позикајте го господинот Црвенковски.

Има збор Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Ако останува усогласеноста помеѓу двете парламентарни групи ние инсистираме ова да биде посебна точка што од проста

причина точката што ја предлага другата парламентарна група треба претходно едно прашање да расчистиме, околу заклучокот 3 на Собранието во однос на оценката за непостоењето на веќе мирни демократски средства за разрешување на југословенската криза. Ние остануваме на овој предлог.

СТОЈАН АНДОВ:
Значи, сепак остануваат 2 точки.

РИСТО ЈОВАНОВ:
Кога не се согласуваат ние бараме по точка 2 да оди Декларација, а по точка 3 Одлуката.

СТОЈАН АНДОВ:
Тоа ќе го дадеме на изјаснување, ќе гласате па ќе видите.

Молам, пратениците да не излегуваат. При вакви најважни работи стално некој влегува и излегува. Јас знам има пушачи, овде е забрането пушењето, меѓутоа, нека седат тука.

Околу ссдржианта на дновниот ред, има уште едно недоразбирање. Господикот Арсов сака нешто да каже.

70.

ДРАГАН АРСОВ

Почитуван претседателе , почитувани пратеници,

Станува збор повторно за законот за воена обврска. Јас се извинувам што повторно него ќе го спомнам зашто е непосредно врзан со дневниот ред и го утврдувам дневниот ред. Сакам во текот на утврдувањето на дневниот ред да ги расчистиме работите да нема дилеми. Го почитувам мислењето на г-дин претседателот Киро Глигоров дека Претседателството кога ги расчисти сите дилеми и со однапред постигната согласност и однтпред утврден дневен ред да настапи пред Собранието. Затоа укажав дека токму тогаш кога го утврдуваме дневниот ред не секогаш можеме да постигнеме заедничка согласност. Повторно ќе повторам ние како пратеничка група овде покренувзме иницијативи подолго време и само затоа што понекогаш не ја имаме стручната помош и заради такви некои наши слабости во однос на постапката на подготвување на законските проекти, на предлатањето, тоа наше незнаење некогаш овде се злоупотреоува на еден или на друг начин. Колку пати да предлагаме било каква иницијативата што да предлагаме, секогаш овде на еден или на друг начин се отфрла. Конкретен пример покажува и овој наш пример. Прашањето за воената обврска и прашањето сврзано со народната одбрана, ние како иницијатива сме го покренале уште пред 2-3 месеци. Од владата чекаме, одговор на таа наша иницијатива, сега ја нема, а таа е доставена до Министерството за народна одбрана. Оттаму нема никаков одговор. Владата, минатиот пат, и не само минатиот пат, неколку пати уназад пред Собранието не информира дека тие го имаат подготвено Законот за народна одбрана и воена обврска и дека прашање е дали ние овде односно

Собранието ќе ја донесе политичката правна оценка за донесувањето на тие закони и сврзано со таа оценка ќе биде понуден тој пакет на закони. За тоа станува збор. Мислевме дека е тој ден, тој момент на политичко-правната оценка за да се понудат тие закони. Но бидејќи и на тој план нема разбирање (од место реагира претседателот на Владата). Дозволете сега слушаме дека таква оценка, правно-политичка оценка Собранието ќе донесе и тогаш ќе го подготви Владата законот. Дали тој закон е подготвен или не е подготвен. Стално се зборува дека (реакција на претселателот на Владата од место) дозволете ако тој закон беше изготвен, немаше потреба ние да поднесуваме ваков предлог, затоа што ние чекаме овде, чекаме на ред неколку седници тие закони да бидат поднесени, а тие сеуште не се ставаат на дневен ред. Дозволете само да објаснам. Тоа беше причината што ние го понудивме овој закон за неприменување на одредбите од Законот за воената обврска. Од овој предлог ние не се повлекуваме. Ние се повлекуваме само од итната постапка, остануваме на предлог за донесување на закони. Дозволете, се повлекуваме тој да биде поставен на дневен ред по итна постапка, бидејќи Владата има мислење дека ја прифаќа иницијативата, ние инсистираме овој закон да остане на дневен ред, а бидејќи Владата има мислење по него, а не инсистираме да биде прифатен по итка постапка, туку Владата да го прифати Предлогот за донесуваље ка закон затоа што (реакции на пратениитe од место), затоа што, не по итна постапка зашто во Мислењето на Владата тоа на некој начин е кажано и како таков предлог Владата да го доработи, ако тој не ги содржи сите тие одредби што смета дека треба да ги содржи и на наредката седница да ни биде понуЈГен во таа форма како што смета Владата во комплетен состав и цела содржина.

СТОЈАН АНДОВ:

Ама тоа го договоривме, на наредната седница да дојде предлог за донесување на закон, кој што ќе оди во постапка. Тоа е договорено. Еднаш **е** веќе договорено, дали се разбравме.

Добро. Не мсже да бкде во дневниот ред и на оваа и на онаа седница. Како може два пати,

Тогаш во таков случај преддлагам да го утврдите дневниот ред.

1. Актуелната политичко безбедносна состојба во земјата и во Републиката;

2. Предлог на одлука за референдум;

3. Декларација за самостојност на Република Македонија;

4. Програма за работа на Владата на Република Македонггја во мандатниот период;

5. Предлог на Републичкиот буџет за 1991 година;

6. Предлог на закон за извршување на Републичкоит буџет за 1991 година;

7. Предлог на закон за системот на финансирањето и општите општествени и заеднички потреби;

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи;

*9.* Поедлог на закон за здравствена заштита;

10.Предлог на закон за измекување и дополнување на Законот за експропријација;

**73.**

11. Предлог на закон за дополнување на Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката;

12. Предлог за донесување на закон за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства за потрошувачката за 1991 година, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данокот од доход, со Предлог на закон;

14. Предлог за донсување на закон за изменување и дополнување на Законот за стапките на даноците на граѓаните, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за посебниот данок на промет на производи и услуги, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за уредување на имотните односи настанати со противправни заземања на земјишта во општествена сопственост, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за промет со земјишта и згради, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за максимумот на обработлива земја што се остава на семејни задруги и земјоделски домаќинства на подрачјето на Република Македонија, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за редовните судови со Предлог на закон;

22. Предлог за донесуванзе на закон за изменузање и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување ка зггкон за научноистражувачка дејност,со Предлог на закон;

24. Предлози за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување ка Законот за насоченото образование, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Закокот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;

27. Предлог за донесување на закон за материјално обезбедување на Законот за цивилните инвалиди од Народноослоботителната војна, со Предлог на закон;

28. Предлог за донесување на закон за материјално обезбедување на Законот за цивилните инвалиди од војната, со Предлог на закон;

29.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одморалиштата на децата и младината,со Предлог на закон;

30. Предлог за доnесување на закон за изменување и дополнување на Законот за општествена заштита на децата, со Предлог на закон;

31. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон;

32. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за самостојно вршење дејност со личен труд;

33. Предлог на закон за неприменување за општествениот капитал и членот 4 од Законот за исплата на личните доходи на средствата за непосредна и заедничка потрошувачка и на средствата за исхрана на работниците во текот ка работата во делот што се однесува на издавање интерни акции;

34. Нацрт на закон за хидролошка и метеоролошка дејност;

35. Предлог за донесување на закон за локалната самоуправа;

36. Предлог измена и дополнување на Просторниот план на Република Македонија;

37. Предлог на програма за изготвување и донесување и измена и дополна на просторни и урбанистички планови во Република Македонија во 1991 година;

38. Предлог на одлука за именување на јавен правобранител на Македонија;

39. Предлог на одлука за именување заменици окружни јавни обвинители во Скопје;

40.Предлог на одлука за именување заменик окружен Јавен обвинител во Битола;

41.Предлог на одлука за именување на општински јавен обвинител во Штип;

42.Предлог на одлука за именување на општински јавен обвинител во Радовиш;

43. Предлог на одлука за именување на општински јавен обвинител во Берово;

44. Предлог на одлука за именување на заменици општински јавни обвинители во Скопје;

45.Предлог на одлука за именување заменик јавен обвинител во Кавадарци;

46.Предлог на одлука за именување претседател на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;

47.Предлог на одлука за делегирање член на Советот на општествениот систем за информирање на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

48. Предлог на одлука за состав на Уредувачкиот одбор на "Собранискиот информатор",

49.Предлог на одлуки за избор на членови на конкурсни комисии за именување на индивидуални работоводни органи;

50.Предлог на одлуки за разрешување и именување претставници на општествената заедница во органи на управување;

51.Иницијатива за склучување на Договор за обезбедување на средства и за нивно инвестирање за доградба, стандардизација и опремување на Клиниките за хирургија и ортопедија на Медицинскиот факултет во Скопје;

52.Барање за давање на автентично толкување на члек 9 од Законот за продажба на станови во општествсна сопственост поднесено во Југобанка - АД - Белград - Југобанка-Скопје;

53.Инфоркација за снабдување со лекови на населеиието во Република Македонија;

54.Информација за странски вложувања во Република Македонија во 1990 година;

55. Извештај на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија за настапот на седницата на Соборот на републиките и покраините по повод расправата по Експозето на претседателот на Сојузниот извршен совет Анте Марковиќ, од 19 април 1991 година;

56. *Пред*лог на закон за ратификација на Спогодбата за измени на Спогодбата од 24 август 1988 година меѓу Сојузниот извршен совет на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Владата на Сојузна Република Германија за упатување на југословенски работници на организации на здружен труд од Социјалистичка Федеративна Република Југославија и за вработување во Сојузна Република Германија врз основа на договор на изведување на работи (АС бр. 1406/1) ,

57. Иницијатива собранијата на републиките и автономните покраини да склучат Договор за издавање на доплатна поштенска марка за финансирање на настапот на Југославија на Светрската изложба EXPO'92 во Севилја во Шпанија, со Нацрт на договор.

58. Предлог на закон за ратификација на Европаската конвенција за правниот статус на вонбрачните деца (АС број 1402);

59.Предлог на закон за ратификација на Европската конвенција за меѓународна важност на кривнчните пресуди (АС број 1399);

60. Предлог на закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права (АС број 1403),

За предложениот дневен ред, молам со кревање на рака да се изјасни Собранието,

А еве некој се јавува за збор.

JОРДАН БОШКОВ: Дами и господа мене ми е мило што утврдување на дневниот ред веќе некако го приведуваме при крај. Имам една мала сугестија во однос на овие точки каде што се врши именување и избор, јас предлагам тие точки со оглед на тоа, што за нив не ни престои некое долгометражно нагодување да бидат поставени најпрвин на дневен ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас имав предлог да остане како што беше, а еве сега има друг предлог.

Го давам на изјаснување, кој е за предлогот на господин Бошков нека крене рака? (2 гласа)

-Дали има против? (мнозинството)

Со убедливо мнозинство не се прифаќа предлогот на господин Бошков.

Дополнителни предлози неможе да се примаат.

-Молам, кој е за предложениот дневен ред нека крене рака? (Делегатите креваат рака).

-Дали е некој против? (2)

-Дали некој се воздржува? (1).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Само да ви кажам иако е прва оваа точка за политичко-безбедносната ситуација известен сум дека доколку сакаме да му овозможиме на членот на Претседателството на СФРЈ од подрачјето на Република Македонија да учествува зо таа расправа тогаш треба да расправаме нешто подоцна по неа, заради тоа што , како што сум известен може да стигне во Скопје не пред 19,00 часот. Тој е во Брисел и учествува во работата за Југославија, на Советот на министрите на 12-мината на Европската заедница, Ова само да го знаете.

А сега даваме пауза за ручек. Ке продолжиме во 16,00 часот.

(Седницата ја прекина работата за пауза за ручек во 14,10 часот).

(По паузата)

СТОЈАН АНДОВ:

Ги молам пратениците да ги заземат своите места. Да продолжиме со работа.

ФАИК АБДИ:

Почитувани дами и господа, имам да прочитам едно писмо, (Прилог)

80.

Другар Абди,

Револтирана од излагањето на Змејковски кој рече: "Праќајте ги од Шутка", известете го Парламентот и Змејковски како и бранителот Димовска, дека таму не живеат луѓе од втор ред, таму живеат и работат деца од цело Скопје, како професори и лекари и други кои ги омаловажи Змејковски. Дали знае Змејковски дека ЈУТЕЛ ги собра сите народи од Југославија во Сараево за мир, штета што на гледал да знае дека мирот бара безомалозажување на лугето по боја на кожата и вероисповест, а не да ги двоиме луѓето како тој што ги нарече со омаловажување, а дали утре да чекаме транспарент каков што беше пред изборите "смрт на Албанците" а сега да биде "смрт на Ромите". Срамота е говорницата да се користи за вакви недостојни дискусии, срамота е за времето во кое живееме да ги двоиме луѓето на прв и втор ред.

Олга Димеска,
пензионер од Скопје

СТОЈАН АНДОВ!

Да продолжиме со работа на следниот начин. Во разговор со претседателот на Владата разјаснивме две работи. Тој предлага и не моли нас пратениците овде за политичко-безбедносната ситуација во земјата и Републиката да расправаме во присустзо на господинот Тупурковсжи член на Претседателството на Југославија. Господинот Тупурковски може да стигне во Скопје најрано во 21 часот, тогаш би можеле да почнеме со таа точка. Друг предлог има денес да не располагаме за Програмата, затоа предлагам овие две точки Одлуката и Декларацијата треба да ги погледнат надлежните тела Законодавно-правната комисија, Декларацијата треба да ја разгледаат ЗПК и Уставната Комисија. Затоа и за нив сега не можеме да расправаме. Обидот ЗПК да се собере за време на паузата не можеше да се собере како што не извести господинот Гештаков. Се надевам дека наскоро ќе ги собере и ќе се повлече Комисијата. Кога ќе донесе извештај ќе можеме да ги гледаме овие две работи.

Исто така овие закони кои ги уврстивме зо дневниот ред да ги погледне ЗПК и матичната комисија.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Ако вам ви беше познато за овие проблеми што ќе настанат во врска со дневниот ред, зотто тогаш изгубивме толку време за дефинирање на редоследот. Мислам дека несериозно е работењето и основно сомневање кај мене се јавува дека со седницата се манипулира. Мислам дека не прифатливо е да ги искажувате вашите интервенции, како готов став. Ако гласавме по дневниот ред, требаше да не прашате дали ги прифаќаме таквите интервенции.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е редоследот. Останува. Друга работа е во текот на расправата дали може да се помести напред или назад. Првата точка во записникот останува како прва точка. Редоследот останува ист.

ВЛАДИМИР ТОЛУБОВСКИ:

Вие веќе најавивте дека за таа точка треба да се сочека некој да дојде.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е нормално кога за време на паузата ни кажаа за тоа. Господинот Тупурковски сите сакаме да биде присутен на расправата.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Навистина немам коментар за ваквото образложение.

СТОЈАН АНДОВ:

Вие сите баравте да биде присутен. Веројатно не сме во состојба текот на министерскиот состанок да го подредиме на седни-цата на Парламентот.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Јас имам предлог во врска со втората и третата точка независно од работата на телата, бидејќи и телата треба да ги разгледуваат тие акти но да ги врзиме сега тие да бидат врзани со првата точка. Значи предлагам по првата точка да ги разгледуваме втората и третата точка'.

СТОЈАН АНДОВ:

Овде е предлог во текот на расправата сепак да го зачуваме редоследот расправата да се обави прво по првата точка, па по втората па по третата. Јас мислам дека е тоа прифатлив предлог Тие останувaат како прва, втора и трета точка, а ќе расправаме по нив кога ќе се стекнат услови.

Ве известив и за замолницата на претседателот во врска со Програмата и сега можеме да поминеме на петтата точка од дневниот ред.

Минуваме на 5-та точка - Предлог на Републичкиот буџет за 1991 година.

Предлогот на Републичкиот буџет и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени. Отворам претрес во начело. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на буџетот. Ве известувам дека ЗПК поднесе амандмани во насловот на раздел 22 и на член 4 со кој се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дела на текстот на Предлогот на Републичкиот буџет.

Комисијата за земјоделство и шумарство поднесе амандмани на раздел 65 за внесување нова позиција,на раздел 65 позиција 545, на раздел 65 позиција 548 и на раздел 65 позиција 552 а Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандман на раздел 17 позиција 144.

Со поднесените амандмани се согласи претставникот на предлагачот и тие се сосгавен дел на текстот на Предлогот на Републичкиот буџет.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана поднесе амандман на раздел 11, позиција 97.

Претставникот на предлагачот не се произнесе по овој амандман и согласно одредбите на Деловникот на Собранието на Републик Македонија, Собранието треба да води претрес по овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на раздел 11 позиција 97 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана.

Го молам претстанвикот на Владата на Република Македонија да се произнесе по поднесениот амандман.

Има збор Методија Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Јас мислам дека на Комисијата на која се разгледуваа тие амандмани, даден е одговор на Предлогот во однос на оваа позиција меѓутоа, незнам зошто тоа во извештајот не е санкционирано инаку Владата изјаснувајќи се по сите амандмани ќе се изјаснеше и по овој. Оваа позиција сметаме дека треба да остане, тоа е озозможено и во Нацртот на расправата за надомест на лицето што неоправдано поминало во притвор и истражен затвор, и онаа обврска што произлегува од самите прописи кои се применуваат во Република Македонија, според тоа со оглед на веќе изнесени ослбодоителни пресуди на предлог на Министерството за правосудство и управа а во Нацртот и Собранието го имаше прифатено овој дел, меѓутоа, во расправата по предлогот како што е истакнато во Изештајот на оваа комисија остана отворено.

Владата останува на предлогот на амандманот, ако предлагачот на амандманот инсистира, веројатно ќе треба Собранието да се изјасни по амандманот.

СТОЈАН АНДОВ:
Го молам претставникот на Комисиајта да се изјасни дали останувте" на амандманот.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:
Во расправата на Комисијата во врска со оваа стапка од Републичкиот буџет овде се расправало и ставот на Комисијата е во вид на амандман претставникот на Владата даде исцрпна информација во врска со овие средства, бидејќи тие средства за првпат се предвидени оваа година во Буџетот. Бидејќи морам да признаам и во расправата на Комисијата се шпекулираше со намената на овие средства, бидејќи и министерот за финансии спомна дека тоа е предлог на Министерството за правосудство го молам министерот да даде исцрпна информација за намената на тие средства. Во врска со информацијата е обусловена судбината на амандманот.

ГОРГИ НАУМОВ:
Пратеници, навистина навистина вие можете да предлагате и да ги брише правата на осудените лица за надомест на штета за неоправдан нивен престој во затвор или во притвор. Меѓутоа, претхдоно треба да ја бришете законската и уставната основа за нивните права.

Ако тие осудени лица поминале со месеци, со години во затвор и потоа со судска одлука е утврдено дека се неосновано осудени од постојните правни прописи на нив им следува надомест на материјална штета имовинска, неимовинска им следува призанвање правото на стаж додека биле во затвор, им следува право на социјално осигурување, им следуваат и права од постојната законска регулатива на надомест на штета за

времето кога излегле од затвор и не можеле да се вработат. Според тоа, цената на слободата и на животот, мислам дека не можат да се надоместат со материјален износ. Во таков случај во текот на 1991 година во Министерството за правосудство и управа има повеќе од 20 барања за надомест на штета по овој основ. Министерството за правосудство дел од овие барања ги уважува, дел во одреден износ ги упатува на парница. Јас како министер сум обврзан на граѓанинот кој неосновано е осуден или бил во притвор да му определам материјален износ. Тогаш таквиот износ оди на буџетот. Ако судот донесе пресуда дека тоа право на граѓанинот е основано, независно дали се предвиденр средства или не се предвидени, судот односно државата мора да ја исплати оваа сума. Од тие причини мислам дека барањето на оваа Комисија е неосновано. Да ве известам за само едно барање од 223 милиони динари јас барам 40 милиони. Само едно барање е поставено од семејството на Методија Антонов Ченто за 9 години колку што бил во затвор и со правосилна пресуда е утврдено дека бил невин. Семејството во самото барање наведува дека сумата не ја бара за себе, туку ја бора за рефундација. Кие се обративме и до Сојузниот секретаријат за правосудство и управа Сојузниот секретаријат целосно средства да побара од Федерацијата, бидејќи Методија Антонов Ченто бил осудуван по сојузен закон, бидејќи тогаш од јавното министерство на Југославија било дадено мислење дека пресудата е исправна, иако сега се утврди дека таа пресуда е незаконита. Понатаму, Министерството за правосудство и управа е задолжено од Владата на Република Македонија да поведе постапка за рехабилитација на Павел Шатев, Панко Брашнаров и на сите други кои неосновано биле осудувани , а сега со евентуална постапка е утврдено дека е незаконита постапката со која биле осудени кои исто така имаат право на надомест на штета. Од тие причини мислам дека барањето е минимално отколку барањата за надомест на штета.

87.

Пред судовите има преку 20 спорови од лица кои се неосновано осудени и бараат материјална штета за своето право.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор, по овој амандман? (НЕ).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на Раздел 11, позиција 97.

Амандманот го ставам на гласање.

-Кој е за, молам, да крене рака? (4)

-Дали има некој против? (25)

-Дали некој се воздржува од гласање? (Останатите).

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на раздел 11 позиција 97 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана.

Пратеникот Јордан Зафиров поднесе амандман на Раздел 65 позиција 544.

Комисијата за земјоделство и шумарство и претствникот на предлагачот не го подржаа овој амандман, а пратеникот Јордан Зафиров го повлече.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Републичкиот буџет.

-Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на Републичкиот буџет го ставам на гласање.

-Кој е за, молам да крене рака? (67).

-Дали има некој против? (Нема).

-Дали некој се воздржува од гласање? (5).

Констатирам дека Собранието го донесе Републичкиот буџет за 1991 година.

По повод усвојувањето на Републичкиот буџет Комисијата за стопанство, Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за

земјоделство и шумарство му предлагат на Собранието да го усвои следниот работен заклучок:

1. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија да го преиспита Законот за критериумите и за начинот на обезбедување дополнителни средства за финансирање на општите општествени потреби на општините ("Службен весник на СРМ", број 31/84), одпричина што постојните критериуми за обезбедување на дополнителни средства на општините не се во согласност со изменетата улога на општината како локална самоуправа.

2. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија да ги утврди општествените организации и здруженија на граѓани за кои постои посебен општествен интерес, а чие финансирање треба да се остварува од Буџетот на Републиката.

3. Се задолжува Владата на Република Македонија да преземе активности за обезбедување на средства за стимулации за извозно ориентираните претпријатија.

4. Доколку Владата на Република Македокија предложи ребаланс на Републичкиот буџет за 1991 година, во неговиот пораст да не бидат вклучени Разделот 59 - Младински совет на Македонија и Разделот 60 - Републички одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ.

5. При изготвувањето на Ребалансот на Републичкиот буџет Владата на Република Македонија да ја има предвид потребата за зголемување ка средствата предвидени во позицијата 544 за Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во износ од 27 милиони и 500 илјади динари заради зголемување на премијата на млекото со оглед дека сега нема билансни можности.

6. Овој заклучок заедно со извештите на Комисијата за финансирање и буџет и на Комисијата за стопанство да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за финансии.

-Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (64)

-Дали има некој против? (Нема).

-Дали некој се воздржува од гласање?(4).

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Преминуваме на 6-та точка - Предлог на закон за извршување на Републичкиот буџет за 1991 година.

Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доствени односно поделени.

Отворам општ претрес.

-Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Ве известувам дека Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 7 и 20, а Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман за внесување на нов член 15-а со кој се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство и шумарство поднесе амандман за внесување на нов член 15-а, а досегашниот член 15-а поднесен од Комисијата за економска политика и развој станува 15-б, во кој по бројот"15"се додаваат зборовите "и 15-а".

Со овие амандмани се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе 7 амандмани.

Комисијата за финансирање и буџет ги прифати амандманите.

1, 2, 3, 4 и 7а претставникот на предлагачот се согласи со овие амандмани и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Амандманот 5 Комисијата за финансирање и буџет и претставникот на предлагачот не го прифатија, а пратеникот Тодор Петров го повлече овој амандман.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

-Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

-Кој е за, молам да крене рака? (61).

-Дали има некој против? (Нема).

-Дали. некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1991 година.

-Во врска со што барате збор?

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Во врска со усвојувањето на Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1991 година на Одборот за внатрешна политика ние предложивме еден работен заклучок кој не е спомнат, па во смисла на одредени договарања што ги правевме и со министерот за финансии во присуство на претседателот на Собранието рековме дека на ова Собрание треба да се усвои еден работен заклучок во смисла се задолжува Владата на Република Македонија да ја следи состојбата со остварувањето и реализирањето на општинските буџети во 1991 година и во зависност со следењето да врши интервенција за надминување на негативните состојби во општините каде би се појавиле преку Собранието на Македонија односно Републичкиот буџет.

Во оваа смисла сметав дека и министерот за финансии тоа ќе го потенцира.

СТОЈАН АНДОВ:

Тој извештај од Вашата комисија го немам.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Тој извештај е од Комисијата за внатрешна политика на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Ова е по повод на Законот а не е интервенција во Законот.

Има збор Љубомир Поповски претседател на Комисијата.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Точно е дека се расправаше на Комисијата во врска со овој предлог за донесување на еден работен заклучок иако нашата Комисија не беше матична во врска со Буџетот, ние имавме препорака тоа да го направиме на Комисијата за финансирање и буџет, меѓутоа на крајот Комисијата се согласи и проблемот е од техничка природа испуштен е тој заклучок и треба да се вгради.

СТОЈАН АНДОВ:

Да се дополни извештајот на Комисијата и да остане во документацијата, а ресорниот орган прифаќа. Усогласено е.

Тогаш го ставам на гласање заклучокот. Жал ми е што неможеме да ви го поделиме.

-Кој е за, молам, да крене рака? (68).

-Дали има против? (3).

-Дали некој се воздржува од гласање? (4).

Констатирам дека Предлогот на заклучокот е усвоен.

Преминуваме на седмата точка - Предлог на закон за системот на финансирањето на општите општествени и заеднички потреби.

Предлогот на законот и извештаите Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за образование, наука и култура и на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отвотрам општ претрес.

-Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Ве известувам дека Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 15, 22, 37 став 1, 42, став 2, 43, 57 и 58 став 1, 59, 60 и 61.

Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за образование, наука и култура поднесоа амандман на член 15.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 61.

Со предложените амандмани се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе 23 амандмани.

Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за труд и социјална политика како и претставникот на предлагачот ги прифатија амандманите 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8, 9, 10, 11 став 1, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 22 и 23 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров ги повлече ставовите 2 и 3 на амандманот 11.

Амандманот 21 на пратеникот Тодор Петров, комисиите и претставникот на предлагачот го прифатија со измена и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за труд и социјална политика, како и претставникот на предлагачот не го прифатија амандманот и на пратеникот Тодор Петров и согласно одредбите на деловникот, Собранието треба да води претрес по овој амандман.

Отворам претрес по амандманот 6 на пратеникот Тодор Петров.

-Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот 6.

Амандманот го ставам на гласање.

-Кој е за молам да крене рака? (7).

-Дали има некој против? (37).

-Дали некој се воздржува од гласање? (18).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

-Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и истиот го ставам на гласање.

-Кој е за, молам, да крене рака? (74)

-Дали има неко против? (1)

-Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за системот на финансирањето на општите и општествени и заеднички потреби.

Преминуваме на 8-та точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи.

Предлогот на овој закон, извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност ви се доставени одкосно поделени.

СТОЈАН АНДОВ: (продолжение)

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

-Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот Претрес.

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност поднесе амандмани и на членовите 7, 12, 16 и 26.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана поднесе амандмани на членовите 7,16, 26 и 32.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 7, 12, 26, 29, 30, 32 и 44.

Со предложените амандмани се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на членовите 16 и 26.

Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Законодавно-правната комисија го поддржаа амандманот на пратеникот Тодор Петров поднесен на член 16, а претставникот на предлагачот се согласи и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Амандманот на член 26 поднесен од пратеникот Тодор Петров, комисиите не го поддржаа, меѓутоа предложија нов текст на член 26 со кој се согласил пратеникот Тодор Петров и претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Зоран Крстевски во името на Пратеничката група на Реформските сили на Македонија-Либерална партија поднесе амандман на член 10 став 2.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана го поддржа овој амандман во изменета форма со што се согласи пратеникот Зоран Крстевски.

Претставникот на предлагачот се согласи и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Туше Гошев поднесе амандман на член 10 став 1 и 2. Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе по овој амандман.

<u>ТУШЕ ГОШЕВ</u>:

Јас се извинувам, слушнав дека предлагачот на законот требаше да каже нешто за мојот амандман. Да нагласам дека согласно на член 70 став 4 од Уставот на Република Македонија цитирам "Предлагам амандман на членот 10 став 1 по зборовите "кривична постапка" се додаваат зборовите "или безбедноста на земјата". Ставот 2 се брише. Образложение. Дополнувањето на став 1 на овој член се предлага заради усогласување на точка 4 на амандманот 70 на Уставот на Република Македонија. Според овој амандман единствено со закон може да се пропише дека само врз основа на решение на Судот може да се отстапи од начелото на неповредливост на тајната на писмата и на другите средства за општење ако е тоа неопходно за водење на кривичнат апостапка или за безбедноста на земјата. Со измена на ставот 1 на овој член има потреба од бришење на ставот 2. Сметам дека ставот 2 не е во согласност со точка 4 на амандманот 70 од Уставот на Македонија.

СТОЈАН АНАДОВ:

Го молам претставникот на Владата да се изјасни по овој амандман.

JОРДАН МИЈАЛКОВ:

Почитувани пратеници, една единствена цел и содржина на Предлрг-законот за измена и дополнување на Законот за внатрешни работи е усогласување со уставните амандмани за создавање на правен основ како би можеле органите на управата на општините и управните работи на внатрешни работи да се пренесат,трансформираат на Министерството за внатрешни работи. Така би било Министерството за внатрешни работи единствено. Што се однесува до член 10 тие се мерки кои се предвидуваат во кривична постапка и кога е безбеноста на Републиката во опасност. Со амандманот , став 1 од амандманот се согласувам. Меѓутоа, со став 2 од амандманот на се согласувам. Додавам да не отпадне став 2 од член 10 на Законот, а да се додаде "за што го известува претседателот на Републиката". Значи ние тие мерки ќе ги изречуваме со обавестување на Претседателот на Републнката кој е дефакто задолжен за безбедноста на Републиката. Ве молам ако сакате безбедноста да биде со врзани раце, усвојте го амандманот. Ние во одредени моменти мораме тие мерки да ги применуваме. Уште еднаш Ве молам да не се усвои ставот 2 од амандманот.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Ве молам, ако се деклариравме дека ќе градиме правен систем и ќе го почитуваме уставот што го имаме, ќе го прочитам ставот 4 на Уставниот амандман 70 . "Единствено со закон може да се пропише дека само врз основа на решение на Судот може да се отстапи од начелото на неповредливост на тајната на писмата и на другите средства за општење ако е тоа неопходно за водење на кривична постапка.

СТОЈАН АНДОВ:

Го молам претставникот на Владата да се изјасни по овој амандман.

ЈОРДАН МИЈАЛКОВ:

Почитувани пратеници, една единствена цел и содржина на Предлог-законот за измена и дополнување на Законот за внатрешни работи е усогласување со уставните амандмани за создавачите направен основ како би можеле органите на управата на општините и управните работи на внатрешни работи да се пренесат,трансформираат на Министерството за внатрешни работи. Така би било Министерството за внатрешни работи единствено. Што се однесува до член 10 тие се мерки кои се предвидуваат во кривична постапка и кога е безбеноста на Републиката во опасност. Со амандманот , став 1 од амандманот се согласувам. Меѓутоа, со став 2 од амандманот на се согласувам. Додавам да не отпадне став 2 од член 10 на Законот, а да се додаде "за што го известува претседателот на Републиката". Значи ние тие мерки ќе ги изречуваме со обавестување на претседателите на Републиката кој е дефакто задолжен за безбедноста на Републиката. Ве молам ако сакате безбедноста да биде со врзани раце, усвојте го амандманот.

Ние во одредени моменти мораме тие мерки да ги применуваме. Уште еднаш Ве молам да не се усвои ставот 2 од амандманот.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Ве молам, ако се декларираме дека ќе градиме правен систем и ќе го почитуваме уставот што го имаме, ќе го прочитам ставот 4 на Уставниот амандман 70 . "Единствено со закон може да се пропише дека само врз основа на решение на Судот може да се отстапи од начелото на неповредливост на тајната на писмата и на другите средства за општење ако е тоа неопходно за водење на кривична постапка.

или за безбедноста на земјата."Оттука сметам дека ставот 2 е во директна спротивност на ставот 4 од Уставниот амандман 70. Согласно на тоа ако ова Собрание гради политика да законите го надоградуваат Уставот, или пак на фаличните нормативни определувања на Уставот се доградуваат со закони што сега ќе се усвојат, мислам дека ќе го изгубиме и овој правен систем што денес го имаме.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

При ваква околност кога предлагачот на амандманот инститира поготово во врска со бришењето на ставот 2, предлагачот не го прифаќа амандманот, мислам дека е неопходно Законодавно-правната комисија да изгради став и без тој став мислам дека не можеме да одиме во оваа ситуација. Затоа предлагам Законодавно-правната комисија да го има на деневен ред и овој амандман, бидејќи досега го немаше во процедура и во текот на нејзиното свикување мислам дека е постапка за свикување вечерва, или најдоцна до утре до 8,00 часот, ако се обезбеди кворум вечерва добро, ако не , утре во 8,00 часот да се изгради став, па потоа да се оди на расправа по овој проблем.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас морам да ви кажам толку колку што јас ги познавам законите во оние други граѓански општества таквите мерки ги изрекува судот. И да не имаме ние овде некое специфично решение и тоа треба да се испита. Ексклузивно право тоа на органите на внатрешни работи, не знам дали постои тоа , да речеме во западните земји.

JOРДАН МИЈАЛКОВ:

Овде се работи за две мерки. Мерката при кривична псотапка. Кога е кривична постапка точно судот донесува решение за изречување на тие мерки, туку се работи за другата мерка кога е загрозена, безбедноста на Републиката. Тука да има право министерот да донесе мерки. Тие се итни мерки, тие се неопходни мерки. Значи, се работи за две мерки. Едната мерка, кога се води кривична постапка и се неопходни мерки, тогаш судот донесува. Тоа стои во ставот 1. Во став 2 стои кога е загрозена безбедноста на Републиката, а тука се ограничуваме. Јас предлагам, да кога ги изречеме тие мерки го обавестуваме претседателот на Републиката. Па ако немаме доверба во претседателот на Републиката што тој ја води безбедноста, кој би тука? Во сите современи држави оваа мерка се извршува и се дава. Значи не е во прашање кривична постапка. Во кривична постапка точно судот одредува, претходна согласност на судот. Овде е кога е загрозена безбедноста на Републиката министерот издава и го обавестува претседателот на Републиката. Јас мислам треба да прифатиме. И затоа ве молам.

СТОЈАН АНДОВ:

Нека го погледа тоа Законодавно-правната-комисија.

ЈОРДАН МИЈАЛКОВ:
Ако е така јас ќе повлечам.

СТОЈАН АНДОВ:
Не станува збор за тоа. Нека го погледа Комисијата,

<u>JОРДАН МИЈАЛКОВ:</u>

Тука убаво пишува. Овде пишува две мерки. Првата мерка ја дава судот. Втората мерка кога е загрозена Републиката, тогаш е итно, а кога е загрозена Републиката претседателот на Републиката прогласува, таква е состојбата и ние донесуваме мерка и за таа мерка веднаш го обавестуваме претседателот на Републиката. Значи судската постапка ние ја запазуваме. Инаку треба да ни бидат врзани рацете, па нека хараат непријателите на земјата.

СТОЈАН АНДОВ:

Да останеме на тоа сепак, да го погледа Законодавно-правната комисија. Сакам да Ви укажам дека можеме многу да погрешиме ако дадеме овластување на органот на внатрешни работи што не се вообичаени на сегашните овластувања кои ги има во Европските и другите демократски земји.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Моево јавување е чисто од процедурален карактер. Јас уште еднаш го молам претседателот на Собранието кога има говор во вид на коментар и на толкување на содржината на законите да излегува на оваа говорница, бидејќи кажаното овде има сосема многу поинаква тежина од кажаното таму.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали останува претставникот на Законодавно-правната комисија на тоа барање? (останува ) .

да го разгледа. Тоа нејзе и следува. Никој не може да ја лиши од тоа право.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас сум известител на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана во врска со овој амандман по кој таа Комисија расправаше и препушти на ЗПК да ја оцени согласноста , поготово на ставот 2 во врска со амандманот 70. До денес ЗПК не се состана. По тој проблем практично нема мислење од ЗПК иако претседателот на ЗПК присуствуваше и учествуваше во работата за внатрешна политика и ОНО. Тука е и господинот Стефковски, мислам знае за тој факт. Би било нужно и потребно ако сакаме демократски врз основа на нормите што ги имаме усвоено во овој Парламент да оваа Комисија расправа по овој предлог во услови кога и предлагачот инсистира на амандманот, а исто така и претставникот , предлагачот на законот не го прифаќа амандманот. И не постои никаква опасност за тоа да во текот на работата оваа Комисија се состане и изгради став и да продолжиме со работа по овој закон. Јас не гледам никаква опасност од тоа , а би настанал навистина опасен преседан ако мислам го пречекориме ваквиот начин на работа.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако е така како што ми се тврди овде јас се сомневам дека ние ќе добиеме брзо извештај на надлежната Комисија и тоа ќе си мине. Дајте да ги прибавиме сите акти на време. Јас не знам заради која причина не гледам од Комисијата овоз амандман, од ЗПК, но нека го погледаат сега. Нека се повлечат и нека го погледаат.

Да одиме понатаму. Тоа го резервираме.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон. Резервиран е само овој амандман.

Дали некој бара збор?(Никој).

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот ќе го одложиме до извештајот на Комисијата, да утврдиме што е со амандманот и ќе го дадеме на гласање.

Минуваме на точка 9. - Предлог на закон за здравствена заштита.

Предлогот на овој закон, извештаите на ЗПК и Комисијата за здравство Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

-Молам, кој бара збор?

Да одиме понатаму. Тоа го резервираме.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон. Резервиран е само овој амандман.

-Дали некој бара збор?(Никој).

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот ќе го одложиме до извештајот на Комисијата, да утврдиме што е со амандманот и ќе го дадеме на гласање.

Минуваме на точка 9 - Предлог на закон за здравствена заштита.

Предлогот на овој закон, извештаите на ЗПК и Комисијата за здравство Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

-Молам, кој бара збор?

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Трпчевски.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Дами и господа, остварувањето на правата на здравствената заштита односно социјалното осигурување спаѓа во основните права на граѓаните. Тоа значи дека треба да се разграничк делот на осигурувањето од дејноста на здравствената заштита и на прво место да биде граѓанинот, а потоа институцијата на здравствената заштита и системот на здравственото осигурување.

Досегашниот систем на самоуправното организирање покажа низа слабости во одделни неразвиени општини па и во другите и граѓаните со тешкотии ги остваруваа одредените права од здравствената заштита. Соочени со тешкотиите во обезбедувањето на средства за здравствена заштита некои заедниции имаа двојни цени за здравствените усдлуги, паушален износ за подрачјето на својата заедница и поединечни цени на услуги за други заедници со доста висок износ. Дури и некои заедници не беа во состојба да одвојат средства за покривање на одделни трошоци за енкои скапи здравствени услуги како што се за дијализа, долготрајно лекување на душевно болни, лекување на осигурениците Во други републички центрииили во странство.

Во последните години, се повеќе се проширувaше и зголемуваше партиципацијата за поедини услуги и лекарства што создаваше револт кај осигурениците, а посебно кај тие со ниски лични примања, посебно кај пензионерите.

Постојниот систем на здравствената заштита е донесен во 1985 година и тоа е систем на т.н. општинско здравство. Новиот концепт на здравствената заштита поставен во |Предлогот на зконот за здравствена заштита се заснива на напуштање на стариот принцип на договорни односи, а не пазарни помеѓу СИЗ-овите односно сега фондот и здравствените роганизации поставени на економски закономерности.

Потребата од промени во функционирањето на здравствениот систем произлегуваат од обезбедување на рамнотежа помеѓу здравстдвените потреби и материјалните можности, воспоставување рамнотежа помегу правата од здравствената заштита и обврските на здравственото осигурување. А тоа ќе рече рамнотежа помеѓу корисник, здравствен работник односно здравствена организација и фондот за здравственото осигурување.

Со предлогот на законот се цели да се овозможи поефикасно но и поефтино здравство. Новиот систем на здравствената заштита, во него ќе биде доминантен граѓанинот кој е должен да го чува своето здравје и одговорен за неговото одржување. Тоа значи тој сам да го бара местото и начинот за остварувањето на здравствената заштита.

Приоритет во овој предлог на закон е во основната примарно превентивна здравствена заштита, дел на болничкото лекување, на лековите, лековитите средства и рехабилитацијата.

За надстандардните потреби се воведуваат посебни видови на здравствено осигурување што го обезбедуваат граѓаните лично, со што сегашниот начин на партиципација на корисниците на здравствената заштита се напушта. Овде солидарноста и взаемноста

се задржуваат како основни принципи и понатаму во рамките на таканаречената Национална програма.

Меѓутоа, здравствените програми што се општ интерес за Републиката треба да бидат финансирани директно од Буџетот на републиката како што се дел на превентивните програми, корисници на одделни социјални права, заштита на одредени социјални групи и дејноста на јавното здравство. Мислам на овој начин треба да се надминат спротивностите што постојат за барањата на граѓаните за неограничени права од здравствена заштита, со ограничени средства и експанзивност на развојот на здравствената служба.

Со овој закон ќе се утврди начинот на плаќањето на услугите како поединечната цена, како и кај некои здравствени услуги според цената на откуп на програми. И во едниот и во вториот случај цените треба да бидат засновани на пазарни услови на работењето.

Денешните СИЗ-ови ќе бидат заменети со Фондот кој ќе биде во состав на Министерството за здравство. Со ова се цели да се намалат трошоците за функционирање на досегашните 33 собранија на општинските СИЗ-ови. Фондот, заедно со здравствените организации краткорочно и долгорочно ќе донесува програми во кои ќе ги набележат програмите од здравствената заштита, развојот на здравствената заштита, договорните односи помеѓу нив, како и цената на услугите. Исто така, со актите во Фондот е регулирано и работењето на Фондот, контролата на работата на здравствените организации, како и контролата на користењето на средствата од сите видови на осигурување.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Славе Наумовски.

СЛАВЕ НАУМОВСКИ;

Почитувани пратеници, немав можност да учествувам во расправата на Комисијата, па сакам да дадам свој придонес во корист на донесување на Законот за здравството.

Донесувањето на Законот треба да помогне во надминување на напластените вкупни проблеми во македонското здравство посебно за ублажување на тешката материјална псложба.

Во новиот закон е широко отворен просторот за рационализација на здравствената мрежа, а со тоа и подигање на квалитетот на здравствената заштита.

Овој закон го сметам за прогресивен во однос на досегашниот закон и особено динамичен со што ќе може да се вградат нови и квалитетни подобрувања. Се надевам со ред други акти што ќе го следат. Широко позитивно е прифатено помеѓу лекарите воведувањето на новата категорија на пружање сите видови здравствена заштита со нов квалитет на сите нивоа, од т.н, приватно здравствено приватни здравствени организации, до приватни болници, санаториуми и клиники.

Ќе гласам за новиот закон за здравствена заштита.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Трпеновски.

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:

Неспорно е дека беше нарасната потребата и општествената свест дека постојниот здравствен модел треба да се

реконструира заради тоа што истиот во системот на здравственото осигурување продуцираше владавина на права без материјално покритие, продуцираше исто така мрежа на здравствени институции врз економски основи и се засниваше врз владавина на општествената својна третирана во пракса како сечија и ничија односно модел на своина кој продуцираше од себе и други нерационални модели на организација.

Според тоа, слободно можеме да заклучиме дека заклучивме дека овој кризен модел е самиот за себе и продуцира криза во целиот систем. Така што неговата реконструкција беше императивна.

Новиот модел на здравството е плурален модел. И тоа во секторот на здравственото осигурување, а исто така и во секторот на здравствената мрежа. Во секторот на здравственото осигурување новиот модел на здравството го прифаќа општото задолжително осигурување како национална обврска на суверени граѓани, меѓутоа има и еден иноватен облик на задолжително осигурување, а тоа е дополнително задолжнително осигурување за граѓани што како претприемачи се вклучуваат со дополнителни дејности водени од желбата за профит. Бидејќи дополнителните агажирања на граѓаните носат и ризик по здравјето се оценува дека е потребно ангажирање на дополнителни средства за покривање на ризикот од заболувања што произлегуваат од тоа.

Ова осигурување се протега и на граѓаните и ова е новина што покрај себе си 4 члена на семејството имаат повеќе бројно семејство, заради адекватна примена на начелото на солидарност, со слободите и правата на граѓаните во трошењето

на заедничките средства и во воспоставување на национална демографска рамнотежа.

Потоа, доброволното осигурување како основни права и слобода на граѓанинот и на крајот, специфичното осигурување за специфичните плурални облици на своина и за поводите што се поврзани со постоењето на ваквите своински облици.

Според тоа, слободно можеме да заклучиме дека новиот модел граѓанинот го става во централно место и бара соучество на истиот во чувањето на сопственото здравје.

Исто така, во обезбедувањето на материјалната основа на новиот здравствен модел се вклучува и државата како еколошка и социјална држава со својот буџет учествувајќи во создавање на материјална основа на националната здравствена безбедност.

Со предлогот на законот се предвидува и титуларна сопственост на здравствените институции и на финансискиот капитал, државата. Државата, иако не е најдобрата домаќинка, сепак во оваа фаза на преструктуирање на здравствениот модел заради длабочината на неговата криза, а секако дека ќе може да изврши негова реконструкција и воспостави рамнотежа на средствата што се зафаќаат од системот од националното здравство од едната страна и мрежата на здравствените институции од друга страна.

Мислам дека е прифатлив предлогот на Законот за здравството на Фондот за сите облици на здравствено осигурување да се смести во Министерството за здравство како најкомпетентен да раководи и го насочува финансискиот капитал наменет за здравството.

Исто така треба да сватиме дека новиот плурален свонски модел на здравствената дејност е раздружен од фондот, ставен на отворен национален пазар и комуникацијата со Фондот новиот закон ја воспоставува врз цена на услуга и врз цена на програма. Секако дека стратегијата на насочувањето на финансискиот капитал ќе зависи и од пропратните акти во управувањето и раководењето со оваа осетлива област. И да не должам мислам дека на овој начин компониран, новиот здравствен систем ќе овозможи на една преструктуирана основа, здравство каде што граѓанинот ќе биде слободен да бира основа односно лекар на целиот национален простор, а здравствените работници творечки ќе се вклопат во системот и ќе се грижат за граѓанинот што ја дал довербата, па врз конкуретни основи здравствените работници ќе живеат од квалитетот на својот труд. На тој начин ќе се развие илузијата дека пазарот и здравјето се неспоиви свери, а во суштина преставуваат неделива целина.

Меѓутоа, мора да развиваме и свест дека здравството не може сосем да се претежира исклучиво како пазарно, затоа што на здравството не е да работи апсолутно врз стопанските принципи и со производство на услуги односно пригоди врз таа основа да ги покрие расходите, туку неговата клучна задача е да го чува и напредува здравјето на граѓанинот како најскапа основна слобода и право. Здравствените работници од медицински хуманистички и политички аспект имаат аспирации што одговараат на духот на времето, меѓутоа, со овој закон сметаме дека ќе се стоварат и повалидни материјални основи во функција на новиот здравствен модел.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на членовите 183, ставови 1 и 2 и 3, 184 ставовите 2 и 3, 190 став 2, 191 -став 1, 192 и член 193 и тие се составен дел на текстот на законот.

Комисијата за здравство поднесе амандмани на членовите 66 став 2, 124 и 138 став 1, а ЗПК поднесе амандмани на членовите 27 точка 2 и 3, 138 став 1 и 2, 142 став 1 и 230 со кој се согласил претсавникот на предлагачот и тие се составен дел на предлогот на закон.

Комисијата за здравство поднесе амандман на членовите 66 став, 124 и 138 став 1 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на закон.

Исто така амандмани поднесоа и пратениците Тодор Димов, Тодор Петров, Санде Давчев, Зоран Крстевски од името на Пратеничката група на Реформските сили на Македонија - Либерална партија, Симеон Ивановски и Никола Стојановски.

Пратеникот Тодор Димов поднесе амандмани I, II, III и IV.

Со оглед на тоа што Комисијата за здравство не ги прифати овие амандмани, а Владата на Република Македонија не се согласи со овие амандмани согласно одредбите од Деловникот на Собранието на Републиката Македонија, Собранието треба да води претрес по секој амандман одделно.

Отворам претрес по амандманот I поднесен од пратеникот Тодор Димов.

-Молам кој бара збор?

Има збор господинот Димов.

ТОДОР ДИМОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, врз основа на исцрпното мислење на Владата како и извештајот на Комисијата за здравство и социјална политика и моите дополнителни сознанија се откажувам односно ги повлекувам поднесените амандмани.

СТОЈАН АНДОВ:

-Сите 4? (да)

Според тоа не е потребен претрес по овие амандмани.

Пратеникот Тодор Петров поднесе 49 амандмани на Предлогот на законот за здравствена заштита.

Комисијата за здравство ги разгледа амандманите поднесени од пратеникот Тодор Петров и во текот на претресот пратеникот Тодор Петров ги повлече следниве амандмани: I, II, III, V, VI, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XVII, XIX, XXI, XXIII, XXIV, XXVIII, XXIX, XXXIV, XXXV, XXXVI, XXXVIII, XL, XLI , XLII, XLIV, XLVI, XLVII, XLVIII и XLIX.

Амандманите VII, XV, XX, XXV, XXXIX, XLIII и XLV поднесени од пратеникот Тодор Петров, Комисијата во целост ги поддржа.

Со оглед на тоа што и Владата на Република Македонија се согласи со овие амандмани тие се соствен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за здравство ги разгледа и ги поддржа со извесни изменувања и дополнувања амандманите: IV, XIV, XVI, XVIII, XXVI, XXVII, XXX, XXXI, XXXII, XXXIII и XXXVII.

Со измените и дополнувањата на овие амандмани се согласи пратеникот Тодор Петров и Владата на Република Македонија и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандмани на членовите, 23, став 1 и 73.

Комисијата за здравство, ЗПК и Владата на Ре-публика Македонија не ги прифати овие амандмани, Согласно одредбите од Деловникот Собранието треба да води претрес по секој амандман посебно.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 1 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Господин Давчев има збор.

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Почитуван претседателе, почитувано претседателство, почитувани пратеници. Членот 23 се однесува за инвалидите во професионалните организации, организации за професионална рехабилитација и вработување на инвалиди. Овој амандман не е ништо ново освен бенефициите што ги уживаа и до сега овие инвалиди. Што сакам да кажам. Бидејќи здравството почна да работи пазарно, јас мислам дека во целата таа пазарна економија, некако хуманоста почна да се губи. Можам единствено да се согласам бидејќи за овие организации ќе се донесе посебен закон, за организации за професионално рехабилитирање и вработување инвалиди што ќе го достави Владата, но до тогаш да се прогласи еден мораториум на сите поранешни бенефиции што ги имаа овие заштитни работилници додека да се донесе законот, бидејќи до

заштитни работилници ќе се најдат во многу тешка ситуација. Минатата година неколку отидоа под стечај, а има доста кои едвај преживуваат и ќе се најдат во многу тешка ситуација.

За тоа предлагам овој амандман да се прифати бидејќи нема друго решение до донесување на законот. Бенефициите што ги имаат не е ништо ново. Бенефициите што ги уживаат другите заштитни работилници во Југославија и надвор во Европа се поголеми отколку што ги има во Македонија. Сметам дека мора и Македонија мора да покаже една хуманост спрема овие инвалиди.

СТОЈАН АНДОВ:
За збор се јави пратеникот Јумеровска.

ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, јас жалам што морам да се спротивставам на ставот односно на амандманот на мојот почитуван колега, меѓутоа, мислам дека за прв пат пред нас се нуди еден закон што долго време беше во опсервација во овие собраниски клучки, од проста причина што законот во форма на нацрт беше доставен уште во јануари а комисијата доста детално, исцрпно и опсежно расправаше на повеќе свои седници во врска со овој закон и мислам дека понудивме еден нов модел во кој што националното здравство би било пред се поставување на здравство на здрави нозе, односно овозможување на пазарни услови на работа и оневозможување на третирање на здравството како потрошувачка, како што беше и до сега, туку преку едни конкретни услови на се овозможи се она што до сега беше прикажувано како загуба заради тоа што, ќе потсетам на Информацијата што ја имавме за искажаните загуби во здравството, оние 407 милиони

динари од минатата година односно првите 3 месеци истата оваа сума веќе се повторува и ја наметнува потребата од оневозможување на бенефиција на било која категорија на луѓе.

Меѓутоа, она со што потполно ќе се сложам во дискусијата и на претходниот пратеник е дека се работи за категорија на луѓе кои се само 2.700 илјади на број. Овие луѓе заслужуваат специјален третман, Мислам дека со тоа секој од вас ќе се согласи.

ГУЛИСТАНА ЈУЛМЕРОВСКА (продолжение)

... сигурно се наметнува потребата од изнаоѓање на посебен закон со кој и повластиците што ги има оваа категорија налуѓе за која што велам не е голема треба да биде доставена во посебна форма на закон а не во форма на овој закон кој што е системски и во кој што не би требало да постои никакво изземање ако сакаме да кажеме дека здравството работи во здрави услови односно ако сакаме да оневозможи уште во старт работа на здравството во ненормални услови односно колабирање на здравството односно на крајот на краиштата земја во која што нема да постои одреден модел на здравство.

Според тоа мојата интенција би била да сепак не оспорно што се работи за хумана категорија на луѓе, неоспорно тоа што се работи за здравство за кое што секаде се декларираме дека мора да биде присутно преку начинот на пружањето на здравствена услуга за хумани услуги предлагам законот да се усвои во форма во која што е предложен од комисијата односно од Министерството за здравство а за оваа категорија на луѓе да се направи изземање со посебен закон.

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Јас се извинувам, но мора да и реплицирам на колешката, бидејќи здравството не е чисто пазарна економија. Ова е хибрид мегу договорна и пазарна. Преоѓање на пазарна економија, не е чисто пазарна економија и со тоа неможам да се согласам бидејќи на такви придонеси пазар нема.

Друго, и јас се согласувам да се најде решение но додека се најде решение тие организации ќе пропаднат, или пак организациите ке ги исфрлат инвалидите на улица.

ПЕРКО КОЛЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Ова е закон за здравствена заштита, не е закон за решавање на проблемите во било кој работни организации. Во сите земји, па и кај нас секоја од кружните услуги што ќе бидат, значи вид на здрвствена заштита, потребно е да има финансиска основа. Инаку ке дојдеме во оваа ситуација како сега што е здравството.

Друго е прашање, јас апсолутно се согласувам со пратеникот присуствува на состаноци токму со претставници на овие претпријатија, што државата преку други закони во социјална заштита, преку буџетот треба да го обезбеди финансирањето на нивната заштита и со тоа учествува повеке дури и во случаи кога тие ке бидат и на улица односно кога нивните работни организации ке ги напуштат.

СТОЈАН АНДОВ:

-Молам дали уште некој бара збор по овој амандман.

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на амандманот на член 23 став 1.

- Амандманот го ставам на гласање.
- Кој е за молам да крене рака ? (29)
- Дали има некој против? (32)
- Дали некој се воздржува од гласање? (3)
- Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен на член 23 став 1 од пратеникот Санде Давчев.

Отворам претрес по амандманот на член 73 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

- Молам кој бара збор? (никој)

- Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на член 73.

- Амандманот го ставам на гласање.

- Кој е за молам да крене рака ? (17)

- Дали има некој против? (31)

- Дали некој се воздржува од гласање. (10)

-Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен на член 73 од пратеникот Санде Давчев.

-Пратеникот Зоран Крстевски од името на Пратеничката група на Реформските сили на Македонија. Либерална партија поднесе амандман на членовите 11 и 97.

- Комисијата за здравство, Законодавно-правната комисија и Владата на Република Македонија не ги прифатија овие амандмани. Согласно одредбите од Деловникот, Собранието треба да води претрес по секој амандман посебно.

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

-Молам кој бара збор? (никој)

- Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на член 11.

- Амандманот го ставам на гласање.

- Кој е за молам да крене рака? (10)

- Дали има некој против? (38)

- Дали некој се воздржува од гласање? (6)

- Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот поднесен на член 11 од пратеникот Зоран Крстевски.

Отворам претрес по амандманот на член 97 поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

-Молам кој бара збор?

Има збор Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Морам да признаам дека од замор, или незнам од што направив процедурална грешка. Отиде првиот амандман кој всушност го повлекува и вториот. Меѓутоа, само да го искористам правото.

Практично гласањето против овие амандмани значи гласање против спортот и спортистите во Македонија. Тоа треба да биде јасно бидејки на овој начин клубовите кои и онака во системот на обезбедувањето на средства за физичка култура не можат ни основните активности да си ги обезбедат на овој начин еден од предусловите за здрав спорт и здрава генерација ние тоа го направивме.

ПЕРКО КОЛЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Многу е тешка квалификацијата дека со овој амандман сме против спортистите. Тие луѓе се веќе еднаш по стандардна основа осигурани здравствено. За додатните нивни спортски активности дали може да се занимаваат со спорт, како нивниот организам ќе се развива, па и цели клубови, тимови што бараат цели лекарски екипи да дежураат на стадион и слично ред е по тие други основи тие да си го финансираат тој дел. Луѓето веќе еднаш се здравствено осигурани.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, бидејки се работи за специфична здравствена заштита на спортисти точно ќе му реплицирам на министерот. Се работи за заштита на спортисти во текот на спортувањето. Не се работи за општа здравствена заштита кога се испитуваат способностите на спортистите пред да започнат да спортуваат туку во текот на спортувањето од започнувањето на работата во клубовите се до неговата спортска кариера. Не влегува тука здравствената заштита при организирањето на спортските натпревари и други работи.

Исто така сакам да напоменам,  ако може да ми одговори министерот која ке биде во овој момент со донесувањето на овој закон работата на специјалистите по спортска медицина и институтот по спортска медицина бидејки тие се тие луге кои ги водат спортистите од започнувањето на нивната спортска кариера до завршувањето.

Програмата за работа на спортските клубови ке бидат финансирани од страна од министерството за образвоание, култура и физичка културга. Индиракно за оваа намена треба да се подигнат пари од буџетот. Значи индирекно и во буџетот само ке дојде една трансформација и прелевање на средствата од една намена во друга. Дали не е поедноставно дирекно овие средства да одат во министерството за здравство и така да се реализира оваа работа.

ПЕРКО КОЛЕВСКИ:

Бидејќи беше спомнато за случаи во тек на спортување, значи за акутна повреда и акутно заболување, откажување  најчесто на срцето и слично за тоа се тие по основниот закон за здравствена заштита осигурани.

Што ке работат лекарите специјалисти по спортска медицина. Токму ова сега што го зборуваме со спортистите кои додатно треба клубовите и другите организации да учествуваат во нивното здравствено осигурување. Тие имаат можност и за други систематски прегледи да се вклучат токму оној дел што зборуваме пазарно да се вклучат во пружењето на оваа специфична здравствена заштита која пред се е превентивна во проценката на физичките и психичките можности за спортување.

СТОЈАН АНДОВ:

-Молам дали уште некој бара збор?

Никој.

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на член 97.

Амандманот го ставам на гласање.

-Кој е за молам да крене рака? (23)

-Дали има некој против? (38)

-Дали некој се воздржува од гласање? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен на член 97 од пратеникот Зоран Крстевски.

Пратеникот Симеон Ивановски поднесе амандмани на членовите 22 став 3 , 23 став 1, 41 за додавање нов став 2 и амандман за додавање нов член 89-а.

Комисијата за здравство и Законодавно-правната комисија не го прифатија амандманот на членот 22 став 3, а претставникот на предлагачот не се согласил.

Согласно одредбите од Деловникот Собранието треба да води претрес по овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 3 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

-Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на член 22 став 3.

Амандманот го ставам на гласање

-Кој е за, молам да крене рака (8)

-Дали има некој против? (40)

-Дали некој се воздржува од гласање? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен на член 22 став 3, од пратеникот Симеон Ивановски.

Амандманите на членовите 23 став 1, 42 за додавање нов став 2 и амандманот за додавање нов член 89-а, Комисијата за здравство, Законодавно-правната комисија и претставникот на предлагачот не ги прифатија.

Овие амандмани во текот на претресот во Комисијата за здравство, пратеникот Симеон Ивановски ги повлече.

Пратеникот Никола Стојановски поднесе амандмани на членовите 17 точка 3, 28, 41, 4 2 и 121 точка 4.

Амандманот на член 17 Комисијата за здравство и Законодавно правната комисија го прифатија, а претставникот на предлагачот се согласи и тој е составен дел-на текстот на предлогот на законот.

Амандманите на член 28 и 42 се идентични со амандманите поднесени од пратеникот Тодор Димов и нема потреба повторно да се изјаснуваме .

Амандманот на член 41 Комисијата за здравство и Законодавно-правната комисија го прифатија со изменета форма. Пратеникот Никола Стојановски се согласи со изменетата форма, а претставникот на предлагачот се согласил и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Амандманот на членот 121 точка 4 Комисијата за здравство и Законодавно-правната комисија не го прифатија, а претставникот на предлагачот не се согласил.

Согласно одредбите на Деловникот Собранието треба да води претрес по овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 121 точка 4 поднесен од пратеникот Никола Стојановски,

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Законот за здравство претставува општ интерес и секој граганин за него живо е

заинтересиран па оттаму и толку дискусии на самиот парламент и толку амандмани од граѓани, од здравствени работници и други заинтересирани. Од овие амандмани кои јас ги предложив некои се усвоени. Овој конкретно што не е усвоен се однесува на членоТ 121 во кој се зборува за здравствена дејност со личен труд. Во точката 4 после зборовите во работен однос да стои "и пензионери ја ставаат својата пензија од мирување",

Образложение:

НИКОЛА СТОЈАНОВ: (продолжение)

Со овој член пензионерите се исклучени од вршење самостојна здравствена дејност со личен труд, со кое се доведени во нерамноправна положба со другите граѓани. Со новиот закон за работни односи објавен во "Службен весник" број 20 од 27 јуни 1990 година во член 3 изричито е кажано - корисник на лична пензија не може да основа работен однос. Меѓутоа со истиот тој закон дадено е право на вработбните да можат да работгат до 65 години старост а по потреба на работната организација и после 65 годишна возраст да можат да останат во организацијата, кое право им беше одземено на пет генерации кои отидоа во пензија со законот донесен во декември 1986 година, број 46. А со овој закон за работни односи од 1990 година наместо да се корегира таа грешка која е неуставна, повторно се онеправдуваат пензионерите а предлогот е да се промени таа точка со тоа што би се скинала таа дискриминација која е направена со овој претходниот закон према овие генерации.

СТОЈАН АНДОВ:
Господин Манчевски.

JОВАН МАНЧЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас го почитувам постариот колега и тоа што сме од иста струка педијатри, меѓутоа не можам да се сложам да правиме дискриминација меѓу здравствените работници. Тука се зборува само за лекари додека за здравствени работници има и други. Затоа мислам дека не е праведно на ваков начин да го прифатиме овој амандман што се предлага и што не е праведен. Мислам дека не е во духот на денешното, не се опфатени сите.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор министерот за здравство Перко Колевски.

ПЕРКО КОЛЕВСКИ:

Почитувани пратеници, под потполн респект кон колегата Стојанов ние го расправавме и во Министерството и во комисиите и ја прифакаме како иницијатива определена што е направена во некој закон што отерал луѓе во пензија кои само две или три години дека треба таа неправда да се исправи. Меѓутоа, по сите овие тела што ги набројав заклучок е дека тој процес да се искажам така, исправање на таа неправда треба да се направи во Законот за работните односи. Таму треба да се регулираат овие прашања за сите пензионери што се пензионирани под таков основ или што ќе се откажат од пензијата во мировање. Тогаш треба да дискутира. Собранието за такви решенија во законот за работни односи каде што му е основно место. Во Законот за здравство со вакви некои детали и во комисиите мислевме дека не треба да се занимаваме.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор господин Трпчевски.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Во Комисијата за здравство се задржавме на овој член бидејќи сметаме дека стварно не само здрвствените работници во овој случај лекарите, меѓутоа и другите профили вработени кои пред три години заминаа предвремено во пензија на 60 години или неколку генерации кои што беа опфатени, навистина тие се ставени во една нерамноправна положба поготово што сега со новиот закон до 65 години се предвидува да се работи, а и некоја можност да останат луѓето и понатаму доколку чинат за работната

организација. Меѓутоа да го исправиме донекаде или оваа неправда се согласивме да предложиме од Комисијата за здравство како наш амандман кога ќе се донесува Законот за работни односи, во тој случај оваа материја да биде регулирана, не само за лекарите односно другите здравствени работници и сите вработени кои се на одреден начин беа пензионирани предвреме.

СТОЈАН АНДОВ:
Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на член 121 точка 4.

Амандманот го ставам на гласање.

-Кој е за, молам да крене рака? (11 галса)

-Молам, кој е против? (47)

-Дали некој се воздржа од гласање? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен на член 121 точка 4 од пратеникот Никола Стојановски.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 4 со кој не се согласил претставникот на предлагачот. Според одредбите на Деловникот Собранието треба да води претрес по овој амандман.

Отворам претрес на амднманот поднесен од ЗПК.

Има збор господин Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Законодавно-правната комисија му посвети посебно вниамние на Законот за здравствена заштита сметајќи го како системски закон кој беше една година во постапка. Тргнувајќи од интересот за надминување на состојбите во здравството, Законот го разгледуваше на своите седници од 17 и 25 јули и истакна повеќе амандмани.

Еден од клучните амандмани е амандманот на член 4 кој гласи односно зборовите во овој член:"во состав на Министерството за здравство" се бришат. Фактички се работи за Фондот за здравство. Од овој член 4 од статусот на фондот произлегува и цела друга концепција на Законот и затоа следуваат поголем број на амаднмани што ќе зависат од судбината на овој член.

Се за функција и развој на здравството ЗПК смета дека предложеното решение Фондот за здравстзено осигурување да биде во состав на Министерството за здрвство не во согласнслст со правниот систем на Републиката. Комисијата смета имајќи го предвид карактерот на прашањето што треба да се остварува во обалста на здравството Фондот за здравствено осигурување треба да биде како посебен орган а не во состав на министерството за здравство.

Во членот 81 и 91 став 2 и 3 од Законот за органите на управата точно е определено кои органи се во состав на министерствата, да не ги читам инспекторати, управи, заводи, комисии, совети, дирекции. Исто така пратениците мора да бидат запознати дека во постапката за донесување на законот за органите на управата беше истакнат амандман со кој сите фондови требаше да влезат во состав на министерствата од познати причини тие не беа усвоени.

Јас морам да ве запознаам уште еднаш со амандманот 64 став 3 финансирањето на заедничките потреби на општествените дејности е регулирано на три начина еден е преку буџетот, физичка култура и др. ги донесовме тие закони. Друг начин е фондовски начин и во амандманот вели "и на друг начин". Законодавно-правната комисија смета дека ова не е на друг начин значи ова е фондовски и треба да важат одредбите на Законот за здравство.

Исто така ЗПК тргнуваше и го разгледуваше прашањето дека се ова работи од посебен општествен интерес затоа здравството, пензиското, инвалидското осигурување и вработување се издвоени од буџетските средства. Владата во својата конзистентност во предлагање на решенија за овие три области во Законот за пензиско инвалидско осигуруваше тргнува во формирање на Фонд како посебен орган со се она што следи со органи управен одбор и сл. Во Законот за здравство се формира фонд при Министерството за здравство како посебен орган односно орган на управа, а сметајќи дека има својство на правно лице согласно одредбите од Законот на управата што се однесуваат на дирекции, совети и слично.

Јас морам пак да истакнам дека е ова клучното во Законот за здравство и ова се размислувањата на Комисијата. Исто така беше истакнато, морам јас да кажам, пратениците да бидат запознати пред одлучувањето дека Комисијата врз основа на своите сознанија што ги имаше од материјалите од Нацрт законот кој беше на јавна дискусија беше предложено решение Фондот како самостоен орган. Врз основа, сигурно на расправата, одредени согледувања во здравствените организации е предложено ова решение. Сите наредни членови со исклучок на тоа кога ќе дојдеме кај другите амандмани во однос на членот 138 каде што е именувањето на директорот кој го именува министерот, во таа смисла другите се или поврзани или се прифатени од претставниците.

Затоа сметам пред да одлучиме да ги согледаме сите состојби во интерес и да одлучиме правилно и во интерес на здравството. Ова се согледувањата на ЗПК која смета дека треба доизградба на правен систем од уставен и друг карактер па потоа да ги регулираме односите во однос на ваква концентрација на фондови при органи на управата, а смета дека ќе има и одредени правни пробл ми во својство на правно лице за истапување пред банките слично.

ЗПК смета дека предложените решенија во член 4 не е во согласност со правниот систем.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? Има збор господин Колевски

ПЕРКО КОЛЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ќе ми дозволите овде малку повеќе да го злоупотребам вашето време и да истакнам дека овој закон подолго време се наоѓа на разгледување и тој беше во форма на предлог закон пред Собранието кога комисиите го гледаа. Меѓутоа, со изборот на сегашната Влада Министерството за здравство го повлече од неколку клучни причини. Согледувајќи ја состојбата во здравството, тешката економска состојба, да не повторувам што пред малку изнесуваа колегите што значи општинско здравство, што значи нерационално здравство автархично развивање на здравството до тие причини Министерството изгради една концепција какво здравство ние треба да имаме со кое што ќе дојдеме до порационално, поекономично и подостапно и поефикасно здравство. Тука консултиравме доста литература од стручњаци специјалисти за организација на здравството, од околните земји, Европа, и се одлучивме за таканаречена концепција државно-национално здравство. Таму јасно се разграничени правата и обврските на државата искажани преку Парламентот, Владата односно Министерството. И тие правила буквално се внесени во овој закон. Тоа значи дека Парламентот ќе решава за легистативните функции здарвствена политика, здравствено законодавство, здравствена стратегија и програми, здравствени и еколошки стандарди, здравствени начела на солидарност, буџет, извори, алокација. Владата

односно Министерството за здравство ги има регулативните функции кои содржат спроведување, координација, надзор врз здравствената политика и стратегија, надзор врз програмите и контрола од воведување на законодавството, контрола, евалуација, специјализација и кадровска политика, лиценци итн. Финансиски функции, овде е истакнато располагање со фондови, контрола на прибирање и контрола на трошење на финансиските средства.

Уште еднаш само да истакнам дека дражвата во основа ги пропишува придонесите за здравство и оттука произлегува и можноста за ставање на фондот односно финансиските средства во Министерството за здравство. Исто така уште една главна функција тука е ставена, тоа е сопственичката функција, која подразбира управување со државните здравствени организации во име на државата од определени директори. Значи од одредените директори. Во ситуации сегашни какви што имаме, ние со овој закон, клучна точка беше да ги ставиме здравствените организации како јавно, државно здравство и клучна точка беше фондот да го ставие во Министерството за здравство. Врз основа на овие два постулата е вградена целокупната концепција на национално здравство со сознание како што ги истакнав во сите земји кои ни беа достапни. И не е тоа некоја наша измислица или експеримент како што се спомна.

Во минатиот период, да ве потсетам само, вие сте информирани, Министерството за здравство презеде широки консултации за сите здравствени организации во целата Република и сите дословно застанаа зад овој концепт. Исто така сакам да кажам дека се оцени дека во овие услови дека е тешко, а натака кога ќе се зајакне економиката во нашата држава може да се создаваат и приватни заводи за приватно здравствено осигурување кое што може да потпадне под ваква норматива како пред малку што пртставникот на ЗПК сугерираше.

Клучно прашање е сега дека во консултација со овие правници и правни тела кои се како филтри на Владата каде минуваат законите пред да дојдат во Собранието стои јасно мислење дека ова решение што ние го нудиме во членот 4 не е во колизија со постоечкиот правен систем. Дека се можни и едното и другото решение.

Со амандманот 64 на Уставот на Републиката Македонија се упатува на неколку начини и основи за обезбедување на средства за остварување на правата, потребите и интересите на општеството и тоа.

ПЕРКО КОЛЕВСКИ: (Продолжение)

Со тоа што се утврдува дека средствата за остварување на правото на здравственото, инвалидското, пензиското и другите видови на осигурување се обезбедување со начелата на взаемност и солидарнрст. Конкретизирајќи го наведениот уставен амандман во Предлогот на законот за здравствена заштита, се предлага средствата за здравствено осигурување да се обезбедуваат со плаќање на придонеси во Фондот за здравствено осигурување кое е во состав на Министерството за здравство во својство на правно лице. Основање на овој фонд како орган во состав на Министерството за здравство со својство на правно лице има подлога и основ во Законот за органите на управата ("Службен весник на СРМ" број 40 од 1990 година), според кој за вршење на определени управни, стручни и други работи од делокруг на Министерството е потребно посебно организирање и самостојност во работата. Со овој или друг закон можат да се основаат органи во состав на Министерствата, а на одделни органи на управата може да им се даде својство на правно лице. Така на пример од органите во соств на министерствата што се основани со закон за органите на управата својство на правно лице има Дирекцијата на републички стокови резерви што е во состав на Министерството за стопанство, Педагошкиот завод на Македонија како орган во состав на Министерството за образование и физичка култура и Републичкиот завод за меѓународна техничка соработка, што е орган во состав на Министерството за наука.

Од наведените уставни и законски одредби произлегува дека решението што се предлага во Предлогот на законот за здравствена заштита, според кој фондот за здравствено осигурување се основа во состав на Министерството за здравство не е спорно од аспект на неговата уставна и законска основа.

Споредбата со пензиското и инвалидското осигурување мислиме дека не држи поради тоа што таму е системот диригиран од прибирање на средствата и едноставно нивно исплатување. А овдека со овие средства ние вусшност вршиме планирање, развој, програмирање, инвестиции, основни функции кои многу задираат во политиката на постоењето на егзистенцијата на здравството како систем искажан преку системот на здравствено осигурување, преку здравствените организации. Затоа јас ви сугерирам да се изјасните за решението на Владата во тој да остане овој член како што е решението во членот 4, така ние ќе се изјасниме за можност да создадеме поекономично, порационално, подостапно здравство во кое што доктринарно ќе се врши здравствената заштита. Доколку се одлучите за предлогот од ЗПК тоа значи дека се одлучувате за постоечкиот систем досега што е, само што средствата се прибираат во републичка СИЗ, а сега таа СИЗ нема да се вика СИЗ, ќе биде тоа Фонд за здравствено осигурување со онакви права кој што ќе бидат и можности во решавањето на здравствените прашања на Републиката кои ќе бидат поголеми и од Министерството за здравство. Во тој случај треба да размислиме дали им требаат два такви органа.

ПАНЧО МИНОВ:

Сметам дека според Законот за органите на управа и амандман 64 како што објасни министерот за здравство нема децидна забрана, а има правен основ за регулирање на друг начин со закон на дејствувањето на Фондот во склопот на Министерството за здравство. Ова го образлагам со документи ако се споредат надлежностите кои се содржани во член 4 на Фондот, а тоа се дека преку фондот фактички ќе се задоволуваат правата за здравствена заштита кои се загарантирани со Уставот и Законот, односно за кои гарантира државата. Понатаму,

Фондот ќе има надлежност да ги задоволува потребите на општеството во областа на здравствената заштита и правата од здравствено осигурување. Исто така, една ингеренција на општеството во областа на здравството која е од јавен карактер и од посебен општествен интерес што е аргументација во прилог на дејствувањето на Фондот во слободно министерство за здравство. Сметам дека во состојба на разорен систем на здравствено осигурување каде што стекнатите права на здравствено осигурување се многу поголеми во однос на ефектите со финансирањето на здравствената заштита врз база на усвоениот систем на здравствено осигурување како и предимензионираноста на здравството од организационен аспект на здравствени работници, неможе да се постигнат ефекти ако не се државата со конкретни и непосредни надлежности вплети во разрешувањето на овие клучни проблеми, а тоа се регулативата во здравствената област, тоа е надзорот и контролата во извршувањето на здравствената дејност, финансирањето и посебно од аспект на прибирање и контрола на трошењето на здравствениот динар, како и управувањето односно персоналниот надзор, односно персоналната надлежност на Фондот, односно Министерството за здравство спрема директорите во одделните облици на здравствени домови. Уште еднаш сум против амандманот за постојното решение во член 4.

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:

За амандманот на член 4, амандман 1 што го поднесе ЗПК мора да кажам дека не нуди ништо ново, никаква трансформација, туку напротив нуди статус во нова обланда. Тоа покажува дека тешко се менуваат закоравени односи и дека некому тоа му одговараат. Сигурно дека има и подобри решенија од тоа предложено од Владата, но никако не е подобро решението предложено од ЗПК, тоа делува по малку и разочарувачки врз здравствените работници и установи, зашто

СИЗ-овите и сироманијата ни се за малку преку глава. Нивниот газдински однос со туѓ динар и нашата немоќ не доведуваат често во очајување. Можеби ќе го смениме само газдата, но суштината не е во тоа. Јас мислам дека многу долго главниот збор во здравството го имаа и нестручни и некомпетентни, почнувајќи од министрите што се менуваат па надолу Предлогот на Владата е едно решение што е моментално подобро од другите, затоа се залагам за негово прифаќање, дотолку повќе што она другото се засновува на еден амандман кој што го поднесе колегата Тодор Димов кој по разговорите во парламентарната група се огради од него, а пред малку и го повлече.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

ЗПК не навлегува во матријалните состојби, гледа усогласеност на законите со Уставот и надградбата на законодавниот систем. Морам да објаснам нешто во однос на пратеникот Панче кој е член на ЗПК. ЗПК неколку пати ги гледаше особено не сакам да се упишам во амандманот 64 став 3, па пресудете им само како гласи тој. Средствата што се остваруваат на загарантирани со уставот и со законот права се обезбредуваат во Буџетот на Републиката, во фонд или на друг начин. Овде е понуден со фонд и што се модифицира. Ако беше на друг начин ЗПК ќе го гледаше во друга смисла. Не фонд регулиран на друг начин, да не навлегувам од законодавен правен аспект, доколку ги измениме овие односи ЗПК нема ништо против. Но мислам дека одредени пратеници и материјалната расправа ја мешаваат со статусот на Законодавно-правна комисија. Тука е проблемот во разликувањето и расправата пред ЗПК и другите комисии.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Јас сум против амандманот на ЗПК, бидејќи тој прво формално неможе да се поднесе, бидејќи тој е системски предлог, може да има сопствен предлог таков секој пратеник во Владата. Владата предлага системско решение, автентичен текст, може и мали неусогласености да се отстрануваат или да се дополнуваат. За таков системски предлог посебен закон и посебен предлог можат да се предложат.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Претходниот пратеник сигурно не го познава доволно деловникот, ЗПК во расправата по предлог за донесување на закон донесува свои констатации и мислеша и укажува. Кога ЗПК расправа по предлог за донесување на закон своите искажувања ги поднесува во вид на амандмани.

СТОЈАН АНДОВ:

-Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на амандманот на член 4.

Амандманот го ставам на гласање.

-Кој е за молам да крене рака? (14).

-Дали има некој против? (31).

-Дали некој се воздржува од гласање? (3).

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот подне-сен на член 4 од Законодавно-правната комисија.

Бидејќи не го усвоивме амандманот на член 4 беспредметно е да расправаме по амандманите 2, 5, 6, 7, 8, 10, 11 поднесени од ЗПК, бидејќи се во врска со овој амандман.

Пратеникот Иван Иванов поднесе амандмани на членовите 90, 95 и за додавање на нов член 112-а.

139.

Овие амандмани се доставени непосредно пред почетокот на седницата.

АЛЕКСАДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Одредени амандмани се врзани со амандманот 4. Понатаму имаме одредени амандмани што не се поврзани со амандманот

СТОЈАН АНДОВ:

Кои не се поврзани.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандман 6 во член 138, став 2 се брише. Се работи за една суштинска работа, амандман 7, амандман 8.

СТОЈАН АНДОВ:

Амандманот 10 и амандманот 11 каде се, бидејќи тие колку што ми е познато'се прифатени на Комисијата, тие се составен дел на текстот. Претставникот на Владата да се произнесе. На пример членот 6 овде предвидува Фондот да има директор, директорот да го поставува Собранието.

ПЕРКО КОЛЕВСКИ:

Со членот 4 што го прифативте решението Фондот во Министерството, сите овие амандмани што ги истакна претствникот се повлекуваат од ЗПК, бидејќи тие беа ставени во случај ако Фондот биде во Министерството. Само амандманот за Медицинскиот факултет го прифативме. Тоа е амандманот за членот 203. Тој е пропуштен во извештајот и сме го прифатиле.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали е тоа по зборот "според" се додаваат зборовите: "овој закон ни"

ПЕРКО КОЛЕВСКИ:

Точно.

СТОЈАН АНДОВ:

Тој амандман е усогласен и е составен дел на Законот.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

По предлогот на комисијата што беше, а сега извештајот има уште еден битен амандман тоа е амандманот 8 на членот 138 кои немаат врска со фондот многу битно прашање што правиме раздор меѓу одредени министерства од законодавноправен аспект. Членот 138 за директор на јавна здравствена организација врз основа на јавен конкурс може да се именува лице со високо образование. Директорот на јавната здравствена организација по предлог на здравствениот го именува го односно го разрешува министерот за здравство. Министерот за здравство фактички по ова решение ги именува односно разрешува директорите почнувајки од клиниките до здравствените организации и домовите. Фактички правиме шаренило. Еден министер за образование не може да именува директор на едно основно училиште фактички а министерот за здравство ги именува нив. Дали е во ред незнам.

Став 1 велиме врз основа на јавен конкрус. Да бидеме свесни Собранието на Македонија делегира членови во конкурсни комиси ке ги именуваме овде ке заземаат став, ќе одат во здравствени организации, ке пренесуваат во советот што ке решат, ќе решат нема никакво дејство министерот ке го постави или ке го разреши. Општественото влијание во изборот и именвуањето и одговорноста пред Собранието се пос-тавува во врска со концентрацијата. Сакам да кажам дека треба да се размисли во однос на шаренилото. Тоа е што смета законодавно-правната комисија спротивно на правниот систем во овој момент со регулирање на новиот устав. Пак потенцирам се прави различност, шареноликост и неодговорност во министерствата во однос на овие работи што ке имаме големи правни последици во врска со законодавното укажување. Јас сум известител на законодавно правната комисија и молам да бидам така сватен и да му дадеме поголема одговорност затоа што на еден амандман од одредени аспекти можат да настанат

големи последици кои ние ке ги чувствуваме. Тоа е амандманот 8 на членот 138, став 2.

СТОЈАН АНДОВ:_

Ставот 2 се менува и гласи:

ПЕРКО КОЛЕВСКИ:

Почитувани пратеници значи во овој член 138 првиот дел од амандманот 6 ние сме го прифатиле "може да", вториот дел ставот 2 "Владата не го прифати", јас пред малку ви ги читав основните постулати на организирање на државно национално здравство, се цени дека не може да се направи во овој момент кај нас и потоа рационализација во здравството, угасување на одредени одделенија, создавање на нови, вертикална, хоризонтална и функционална поврзаност. Од тие причини бидејќи тоа не може да се изврши само под услов ако се има дирекно влијание во кадровската политика. Затоа е ставено вакво ре-шение од страна на Владата. Со тоа што нив ке ги предлага Советот за здравство, а ке ги именува односно разрешува како што пишува во тој дел од законот - Министерот за здравство.

Овој концепт на национално здравство некој замеруваат дека бил централистички, тој е доктринарен, а доктрина значи нешто повеке од овие термини, оние работнички совети, оној систем како што мислевме досега, па ке делегираме членови да поставуваат такви решенија не ке можат да се извршат овие постулати што се зацртани во оваа смисла на рационализација.

СТОЈАН АНДОВ:

-Дали уште некој бара збор?

Значи, ставот на Владата амандманот да не се прифати.

Бидејќи понатаму никој не бара збор, амандманот 8 од Законодавно правната комисија го ставам на гласање.

-Кој е за молам да крене рака? (18)

-Кој е против? (35)

-Кој е воздржан ? (12)

Констатирам дека амандманот 8 на Законодавно правната комисија не е усвоен.

Амандманот 9 се однесува на членот 142 став 1.

Такстот е усогласен .

Пратеникот Иван Иванов поднесе амандмани на членовите 9: и со додавање нов член 112-а. Овие амандмани се доставени непосредно пред седницата.

Отворам претрес по амандм анот на членот 9 5 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам, кој бара збор?

ПЕРКО КОЛЕВСКИ:

Почитувани пратеници, претседателе, јас разговарав и со поднесувачот на амандманот, имаат два амандмани и тоа на членот 95 по определена точка бара да се додаде класификација, номенклатура на здравствени установи, бара да се додаде работничка амбуланта. Мотивиран со решение кое го бара во членот 112 , овие амандмани се врзани каде што бара работничка амбуланта дека може да организира и работна организација. Ние не сме предвиделе термин работничка амбуланта, но постои амбуланта. Во сите овие норми што ги искажуваме на организација на здравствената заштита на здравствените организации. Меѓутоа, точно за неговото барање она што е основно дека работна организација може да основа амбуланта има решение во законот. Во

членот 117 пишува "организациите од областа на стопанството и други организации во согласност со своите потреби можат да спроведуваат здравствена заштита на своите работници, ако ги исполнуваат условите во однос на простор, опрема и кадри". Средствата за спроведувањето на здравствената заштита во членот 118 пишува од претходниот член од овој закон дека средствата ги обезбедуваат организациите кои организираат спроведување на здравствена заштита на своите работницн, а со дел од средствата учествува и фондот за здравствено осигурување бидејкЈ тие се веке осигурани така што за овие амандмани постои решение. Затоа не се прифатени.

ИВАН ИВАНОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Најпрвин сакам да му заблагодарам на министерот д-р Колевски за даденото образложение, меѓутоа, би сакал да кажам кој беше мотивот за поднесување на еден ваков амандман.

Познато е дека во изминатите години при важењето на стариот закон за здравство и здравствена заштита многу претпријатија односно тогашните организации имаат основано здравствени амбуланти во своите претпријатија односно фабрики со цел да се зголеми квалитетот на пружањето услуги на вработените. Тоа нешто беше постигнато меѓутоа, за жал, целта за финансирањето на овие институции, а самото организационо подредување односно поставување беше подредено на тогашните медицински центри и нивни здравствени домови со што практично претпријатијата односно работните организации беа доведени во една предодредена улога два пати да ги плакаат трошоците на осигурување. Моето мотивирање да ги поставам овие два амандмани беше на линија таа грешка - онеправданост на претпријатијата да се исправи. Овде министерот Колевски кажа дека ова коинцидира со членот 117 и 118

тоа е точно, мегутоа, во овие два члена од постојниот нов закон не се регулира прашањето на финансирањето. Таму изрично е кажано дека тоа ке биде финансирано од претпријатијата од основачите, **а** со еден дел ке учествуваат. Јас би го повлекол овој амандман до колку во делот на образложението министерот кажеше дека основните трошоци на финансирањето тоа значи личните доходи на ангажираните работници и во делот на оној минимум критериуми кој ке бидат утврдени на ниво на републиката и материјалните трошоци бидат покриени од средствата кои ќе бидат собирани спрема овој закон, а не повторно да бидат на товар на претпријатијата и без тоа издвојуваат значителна сума на средства. Во тој случај со една таква изјава ако со законот се обезбеди една таква примена јас во тој случај подготвен сум да ги повлечам двата амандмани.

ПЕРКО КОЛЕВСКИ:

Јас се извинувам ако криво сум разбран, мислам дека бев јасен на крајот така стои онаа реченица дека ке учествува фондот. Тие луѓе се еднаш здравствено осигурани, си имаат книшки и онаа здравствена заштита што ја укажуваат во таа амбуланта ќе си бидат услугите по тие цени како што ги имаме во сите здравствено организации. Нема работната организација повторно да плака за преглед, за лекување, бидејки е таа нивна со нивни основни средства, влијае во вработувањето тоа е нивна здравствена организација во работната организација. Натамошниот дел на извршување на услуги она тековно како и сите здравствени организации тие можат да одат и кај приватни и во државни установи да се лекуваат, а и во работните организации, тоа е слободен избор на човекот.

ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ:

Сметам во врска со предлогот на амандманот што го изнесе колегата од Кочани дека можат да се формираат амбуланти во работните организации, но во превентивна насока. Инаку ако ние дозволиме таа јака работна организација да формира своја амбуланта, а другите што се сами ке бидат на фондот, во таков случај ке се доведеме во состојба едни работници да немада имаат исти права како и другите, но за презентивни цели сметам дека треба да формираат.

ИВАН ИВАНОВ:

Јас се извинувам што повторно барам збор, меѓутоа, две работи сакам додатно да кажам.

Ова што го предлагам тоа се однесува исклучиво на превентивна заштита.

Второ, претпријатијата нема да основаат амбуланти кои ќе се бават заради остварување на доход или остварување на приходи. Тие ќе основаат амбуланти со цел да вршат превентивна здравствена заштита на своите вработени. Спрема тоа во образложението на министерот Колевски беше речено тие ке ги имаат истите критериуми како и сите слични основани од овој тип. Овде не се работи за да некој остварува приход, се работи да не плаќа повторно ни лекар ниту материјални трошоци.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е усвоено. Тоа е веке решено во законот.

ИВАН ИВАНОВ:

Во законот не е кажано.

СТОЈАН АНДОВ:

Министерот тврди.

ИВАН ИВАНОВ:
Тврди е нешто друго.

СТОЈАН АНДОВ:
Нема потреба два пати да влегува, ако е решено во законот. Јас мислам дека Иван Иванов го повлекува.
Одиме понатаму и амандманот 112 се повлекува.
Продолжуваме со претресот по текстот на предлогот на законот.
-Молам, кој бара збор? (никој)
Бидјеки никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

-Кој е за молам да крене рака ?(66)

-Дали има некој против? (2)

-Дали некој се воздржува од гласање (1)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за здравствена заштита.

Одиме на амандманот на пратеникот Туше Гошев на законот за внатрешни работи.

Дали Комисијата го разгледа?

НАЌО СТОЈАНОВСКИ:

Јас се јавив за збор да кажам нешто во врска со расправата по повод законот за здравството. (општо негодување)

Бидејќи по ретко се јавувам, а има пратеници кои многу почесто се јавуваат а јас трпеливо слушам и јас би сакал да ме сослушате барем десетина секунди. Смислата е во следното.

Мислењето на Законодавно правната комисија треба да се почитува до крај. Ако смета овој парламент дека со дезавуирање на мислењата што ги достави Законодавно - правната комисија по овој закон

и по други закони дека завршила соодветна работа, тогаш мислам дека е страшна забуна. Самиот закон во практиката ќе предизвика бројни последици од аспект на неговата неусогласеност со уставот и законите. Мислам дека по прашањето на мислењето од Законодавно - правната комисија треба многу посериозен однос да се има и од Владата затоа што ќе настане една правно хаотична состојба во практиката, па ќе се чудиме што понатаму ке правиме. Само толку.

Сега би сакал да кажам во врска со она што е на вкевеп ред по точката за амандманот за законот за внатрешни работи.

Законодавно правната комисија во нецелосен состав се повлече и расправаше по прашањето на амандманот и исцело го поддржа амандманот на пратеникот Туше Гошев, од причини што смета дека предлложените решенија во членот 10 од измените и дополнувањата на законот за внатрешни работи поготово ставот 2 е во целосна спротивност со жправниот систем што владее во Република Македонија. Од тие причини предлага на овој состав на овој парламент во целост да го усвои поготово ставот 2 од членот 10 од Законот за изменување и дополнување ова да отпадне.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали претставникот на Владата на комисијата се изјасни?

СТОЈАН АНДОВ:

Го молам претставникот на Комисијата да се изјасни по овој став. Дали остваривте соработка со Владата.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Соработка со претставниците на Владата беше остварена нивкото интимно мислење исто вакво какво што е, како што го иска-жавме и ние од Комисијата, но исто така сметаат дека на тој начин со бришење на овој став дека му се врзува работата, Сметаат дека навистина е во спротивност со постојните уставни прописи.

ЈОРДАН МИЈАЛКОВ:

Јас сметам тука нема интимно неинтимно. Ние инсистираме да остане став 2, бидејќи тој став 2 е основна дејност на државната безбедност. Во сите земји стои таква одредба. Инсистирам , сега немолам, инсистирам.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи министерот за внатрешни работи инсистира да се усвои Предлогот на текстот на законот што го достави Владата.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Јас имам само едно прашање. Бидејќи овде не се поставува прашањето од потребата или од непотребата за постоење или непостоење на такво решение. Се поставува прашањето дали е тоа во согласност со Уставот , или не е во согласност со Уставот. Па би го прашал министерот за внатрешни работи, дали инсистира на одредба во закон за внатрешни работи која што е во спротивност со Уставот и дали е тоа во ред да биде инсистирано од страна на министерот за внатрешни работи?

СТОЈАН АНДОВ:
Дали уште некој бара збор?

<u>ЈОРДАН МИЈАЛКОВ:</u>

Тоа е во склад со законот и Уставот. Овде се работи за две мерки. Посебна мерка во кривична постапка каде што задолжително добиваме од судијата решение. И посебна мерка за вонредни околности на безбедноста на Републиката која мерка ние ја применуваме и го известуваме претседателот на Републиката, бидејќи тој е главен командант за донесување на одлука за безбедноста на Републиката. Според тоа, тоа е во склад со законот.

<u>ТУШЕ ГОШЕВ:</u>

Ако го погледнете уставниот амандман 76 точка 1 став 3 каде што вика: "Владата ги врши работите од својата надлежност врз основа и во рамките на овој Устав". Па аналогно на тоа на уставниот амандман 70 точка 4 јасно гласи. Мислам дека јас не предложив ништо, само го предложив текстот на уставниот амандман, а ако министерот не се согласува со текстот на Уставниот амандман, тоа е негово право.

<u>ЈОРДАН МИЈАЛКОВ:</u>

Оваа мерка е од областа на безбедноста. Акоземеме во крајна линија и тој амандман можеби не е во склад со Уставот. Според тоа, инсистирам да земете во предвид дека оваа мерка е мерка на безбедноста, не е мерка која се води во судската постапка и е во согласност со претседателот на Републиката.

СТОЈАН АНДОВ:

Да најдеме решение. Јас колку што ги сватив господата од ЗПК тие не го порекуваат правото таква мерка да може да биде

преземена. Таква мерка може да биде преземена , но не по налог на министерот, туку по налог на суд. Така би беше објаснето. Судија кој стално дежура во секој суд и кој уредува. Не да се брише, туку да не блде надлежност на минситерот, туку на судот.

JОРДАН МИЈАЛКОВ:

Овде се работи за две мерки. Мерка која се изрекува посебна мерка во судската постапка кога има кривично дело. Тука министерот не носи таква мерка. Тука обавезно министерот бара решение од судот. Ова е друга посебна мерка од безбедносна мерка, Тие се две мерки. (пратениците од место сите гласно прашуваат "во кој случај?")

JОРДАН МИЈАЛКОВ:

Не можам да Ви речам во кој случај.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи сигнализира министерот дека е оперативно неизводливо судија да изрекува таква мерка ако не е посреди направено кривично дело.

JОРДАН МИЈАЛКОВ

Еве сега има дрога. Дрогата доага, или оружје. Каде ќе го држиме судијата? Јас морам да воспоставам таму .... како сега? Ве молам, тоа е мерка на безбедност, не е во судска постапка. Во судска постапка никакви мерки министерот не донесува.

СТОЈАН АНДОВ:

Дрога не е безбедност. Тоа е кривично дело, не е безбедност.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Ве молам станува основ за уставни права и ќе го прочитам од уставниот амандман 70, точка 4 и ќе Ви биде јасно за што се однесува. "единствено со закон може да се пропише дека само врз основа на решение на Судот може да се отстапи од начелото на неповредливост на тајната и писмата и на другите средства за општење ако е тоа неопходно за водеше на кривична постапка, или за безбедност на земјата. А ставот 2 се однесува директно за безбедност на земјата." Што значи Уставот стриктно го регулира прашањето.

СТОЈАН АНДОВ:

Уставот го задолжува и Судот, значи да мора да издаде решение, ако постои основано сомневање за тоа. Изгледа овие од ЗПК во овој случај сепак, основано укажуваат.

-Дали некој друг бара збор?(Никој).
Тогаш амандманот на господин Туше Гошев поднесен на член 10 став 1 и 2 го ставам на гласање.

-Кој е за, молам да крене рака?(57 пратеници)

-Кој е против? (28 пратеници)

-Дали некој се воздржува од гласањето?(6 пратеници).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот поднесен на член 10 став 1 и 2 од пратеникот Туше Гошев. Со тоа тој станува составен дел на законот и бидејќи законот, целиот текст на законот претресот го завршивме.Предлогот на законот го ставам на гласање.

-Кој е за, молам да крене рака? (77 пратеници).

-Кој е против? (3 пратеници).

-Воздржани? (никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи.

Десетта точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

Предлогот на овој закон, извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за градежништво и урбанизам и Комисијата за општествен надзор и претставки Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

-Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот Претрес.

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на закон.

Ве известувам дека Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 1,2 став 3,4,7,8 и 11 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Кирил Ковачевски, поднесе амандман за додавање на нов член 10-а.

Комисијата за градежништво и урбанизам го прифати овој амандман, а претставникот на предлагачот се согласил и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Меѓутоа, Владата на Република Македонија достави ново мислење во кое го прифаќа амандманот на пратеникот Кирил Ковачевски со додавање на нов став 2.

Комисијата за земјоделство и шумарство го прифати предлогот на Владата, а пратеникот Кирил Ковачевски се согласи.

Според ова овој текст на амандманот е составен дел на Текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за општествен надзор и претставки поднесе амандман на член 7 и со оглед дека претставникот на предлагачот не се произнел по овој амандман, согласно одредбите од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието треба да води претрес по овој амандман.

Отворам претрес по Амандманот на член 7 поднесен од Комисијата за општествен надзор и претставки.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе по поднесениот амандман.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Колку ние знаеме нема спорен амандман по овој закон, бидејќи единствен амандман беше овој на пратеникот Кирил кој дополнително го усогласивме и на Комисијата и со предлагачот. Затоа барам и да ја видам содржината на овој амандман.

СТОЈАН АНДОВ:

Член 7 во последната реченица зборот "изјави" да се замени со зборот "поднесе".

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Јас колку знам тоа е усогласено.

СТОЈАН АНДОВ:

Не го прифатил ттретставникот на Владата.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Погрешно е во извештајот ставено.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи се прифаќа.

Добро тогаш станува составен дел од текстот на законот и натаму не расправаме по него.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

-Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

-Кој е за, молам да крене рака?(67 пратеници)

-Дали е некој против?(никој).

-Дали некој се воздржал?(никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

Минуваме на Единаесетта точка - Предлог на закон за дополнување на Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за труд и социјална политика и на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

-Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Ве известувам дека во име на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз пратеникот Васил Зимбаков поднесе амандман на член 1 со кој се согласи предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 1, став 1.

Комисијата за прашања на изборите и именувашата како предлагач на Предлогот на законот не го прифати овој амандман.

Согласно одредбите на Деловникот, Собранието треба да води претрес по овој амандман.

Отворам претрес по Амандманот на член 1 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

-Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот на член 1 став 1.

Амандманот го ставам на гласање.

-Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници).

-Дали има некој против? (43 пратеници).

-Кој е воздржан? (10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

-Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

-Кој е за, молам да крене рака?(59 пратеници)

-Дали има некој против? (8 пратеници)

-Дали некој се воздржува?(1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на.Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

Дванаесетта точка - Предлог за донесување на закон за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства за потрошувачката за 1991 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за труд и социјална. политика, Комисијата за здравство, Комисијата за образование, наука и култура и на Законодавно-правната комисија Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

-Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

"Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства за потрошувачката за 1991 година".

СТОЈАН АНДОВ:

-Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеници се "за")

-Дали има некој против? (нема)

-Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Ве молам проверете уште еднаш, не може само 60 да се за, а да нема никој против ни воздржан.
(Од салата се слуша дека има некои пратеници излезено надвор)

Ве молам, проверете уште еднаш колку се присутни.

Информиран сум дека се присутни 69 прастеници.

Значи некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон?

-Кој е за молам да крене рака?(60 се за)

-Дали некој има против? (Нема)

-Дали некој се воздржува од гласањто? (Никој)

Значи, некој упорно не гласа. Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 2, став 1 алинеи 1 и 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на членовите 1 и 2, а Комисиајта за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 2, со кој се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на Текстот на предлогот на законот.

-Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

-Кој е за молам да крене рака? (53 се за)

-Дали некој има против?(Нема)

-Дали некој се воздржува од гласањто? (Никој)

Со 53 гласа "за", при присутни 69 при пребројувањето, констатирам дека Собранието го донесе Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства за потрошувачката за 1991 година.

Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данокот од доход, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за здравство, Комисијата за образование наука и култура и на ЗПК ви се доставени односно поделени.

"Отворам претрес по Предлогот аз донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок: Собранието го усвојува предлогот за донесување на Законот за изменување на Законот од доход.

-Кој е за молам да крене рака? (62 се за)

-Дали некој има против? (Нема)

-Дали некој се воздржува од гласањто?(Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот.

Дали Собранието го усвојув? предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот?

-Кој е за молам да крене рака? (65 се за)

-Дали некој има против? (Нема)

-Дали некој се воздржува од гласањето? (нема)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

-Молам, кој бара збор?

Има збор господин Темелковски.

ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници.

Владата, во својата Програма поаѓа покрај другото од промените во фискалниот и даночниот систем. Промените во фискалниот и даночниот систем се засновуваат на промените во основите на оданочувањето, растоварување на стопанството, селективност и развојна компонента на тие системи. Со други зборови, Владата тргнува од одданочување на резултатот од добивката и имотот.

Меѓутоа, со Предлог законот од данокот од доход Владата отстапува од својата програмска определба односно

го предлага стариот систем нас даноци и придонеси што се, пред се потрошувачки, а не селективни и развојни.

Прво, Владата и понатаму предлага, како и до сега да се оданочува остварениот данок иако тој не е резултат од работењето, бидејќи претпријатието може да има доход а да работи со загуба.

Второ, со тој систем Владата ги оданочува трошоците на работењето што не е примарно за пазарното производство. Примерно, со тој закон, на личните доходи се плаќаат 2 пати даноци и придонеси, и тоа придонеси и даноци од личен доход и данок од доход на лични доходи како дел од доход.

Во поглед на селективноста е прифатен стариот систем.

Во поглед нас даночните ослободувања и олеснувања исто така не е ништо променето.

Во поглед на даночните стапки се прифатени старите стапки, собрани стапки по видови на придонеси и даноци.
Ново е тоа што тој закон дава зголемување на стапките што значи дополнително оптоварување на стопанството за најмалку 23%.

Во поглед на начинот на примената на придонесите, содржано е и старото правило, прво да се плати данокот од доходот, а после личните доходи и другите потреби на стопанството, што не е неприфатливо.

Со оглед на тоа што овој закон не донесува позначајни новини,а се менуваат стапките бараме стапктие да се утврдат во висина на досегашните стапки намалени за 20%.

СТОЈАН АНДОВ:

Известен сум од службата дека во слата се 57 пратеници.

-Дали да дадеме пауза?

(Од салата се слушаат контраверзни реакции)

За жал, ние сме само 2 во претседателството, еве се договараме, но незнам колку ќе можеме после паузата да работиме. Загрижени сме дека не ќе можеме да продолжиме со работа ако дадеме пауза.  Или пак да прекинеме за вечерва?

(Од салата се слушаат контраверзни реакции)

Ако сте заморени, а ние сме заморени, тогаш да прекинеме. Меѓутоа, да се договориме за продолжувањето.

Овој дел за овие закони што треба да ги истераме предлагам да продолжиме некаде утре во 11 часот. Во 9 часот е закажана седница на Уставната комсиија за која мора да се разгледаат овие 2 документи. Имаме надворешни членови и неможеме порано да ги повикаме.

Значи, бидејќи се согласувате, деловите што се однесуваат на закони што треба да ги менување ќе продолжиме со работа утре во 11 часот.

Има збор господин Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Господине претседателе, мојата молба беше до вас и до пратениците ако може вечерва да ги завршиме барем точките што се врзани за Буџетот, бидејќи оперативно ние со Службата на СОК имаме доста технички работи што треба да ги завршиме за

да може од 1 август да почнат да се применуваат. Тоа се однесува само на точакта 13 и 14. Ако во холот има пратеници, јас ги молам, ако може да дојдат да ги завршиме барем овие 2 точки.

СТОЈАН АНДОВ:

Ги молам Службите да ги замолат пратениците уште овие 2 точки да ги разгледаме.

Известен сум дека имаме 62 пратеници во салата заедно со нас двајцата. Зчачи, можеме да продолжиме со работа.

Го слушнавме господинот Темелковски.

-Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Меѓутоа, ако допуштите овде се кажани работи, господин Темелковски ги кажа, тие работи не можат да се премолчат. Не е само за намалувањето тоа што тој го укажува, туку, системот што се предлага, завлегува во оданочување на трошоците на работењето. А, таму каде што нема доход може да има данок. На тоа укажа пратеникот. Затоа велам, преку тоа не се минува. Тоа е темелна работа што не смее да се случи, инаку, данок ќе земаме од она што минатата година сме го создале.

Молам, министерот Тошевски да објасни.

<u>МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:</u>

Интервенцијата на пратеникот ја сватив како дискусија во расправата по предлогот на законот и затоа не се јавив да дадов одговор.

Инаку, во врска со прашањата што ги покрена, мислам дека 2 прашања се битни за одговор.

Едното е дека Законот за данокот на добивка Владата го повлече за да го вгради во Законот за непосредните даноци кој е

подготвен до страна на Министерството и според Програмата на Собранието и Владата ќе дојде на дневен ред. Таму се врши трансформација од тоа што значи данок од доход во данок од добивка и се надминуваат пресметковните категории што во системот на доход се обилно застапени.

Во таков случај ние имаме категорија на дефинитивен резултат од стопанското работење на субјектите и таму ќе воспоставиме однос според категоријата на висината на доходот и ќе се определиме за политика што Собранието ќе ја води.

Во овој случај ние имаме само усогласување на овој закон со измените што настануваат во финансирањето на Републиката и општините со измените што настануваат со интеграцијата на даноците и придонесите поради напуштање на СИЗ-овското финансирање и со измените што настануваат поради вклучувањето на општата потрошувачка во делот на неколку општествени дејности во Буџетот.

Второто прашање е растоварувањето на висината на стапките. Објаснето е и во експозето што беше поднесено по повод нацртот на Буџетот, а во расправата на комисиите каде што тоа прашање беше поставено исто така, дека вкупниот обем во просек на зафаќањата на стопанството со овој инстраментариум и со законот после оваа точка што следи, каде се утврдуваат стапки, се задржува на нивото на оптоварување на стопанството кое се применуваше во 4-тото тромесечје во претходната година кое што се применува до сега, значи, на ниво на 4-тото тромесечје од 1990 година. Зборувам во просек за Републиката по гранки и општини.

Со оглед дека стапките на опоштинските СИЗ-ови стапките на општинскиот данок на доход, стапките на општинскиот

данок од личен доход и т.н. беа различни се упросечуваат на нивото на просекот на Републиката. По тој основ и во образложението и во расправите истакнуваме ќе има кај одделни субјекти и промени, оние што беа во општините со пониски стапки од упросечените републики ќе имаат зголемување до нивото на просечните републички. Тие општини што имаа повисоки од републичките стапки кај одделни СИЗ-ови и кај данокот од доход и данокот од личен доход ќе имаат пониска за разликата до просечната републичка.

Според тоа, билансно гледано од аспект од вкупното стопанство на републиката, во Буџетот во овие акти што го следат Буџетот и овозможуваат негова реализација нема вградено зголемување на стапките ниту на данокот од доходот ниту на данокот од личен доход.

Ова би го одговорил дека има потреба ќе се јавам повторно.

СТОЈАН АНДОВ:

-Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот по предлогот на законот.

Бидејќи предлогот на законот содржи одредби што имаат повратно дејство, согласно член 262 став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието треба да утврди дали постои општ интерес за усвојување на овие одредби,

Комисијата за труд и социјална политика оценила дека постои општ интерес за ретроактивна примена на некои одредби.

ЗПК во тоа не навлегува бидејќи е тоа од материјален карактер.

Бидејќи општиот интерес треба да го констатира Собранието, да го утврди Собранието, го молам претставникот на Владата на Република Македонија да го образложи општиот интерес за усвојување на овие одредби.

<u>МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:</u>

Општиот интерес за стимулирање на одредба што ќе значи ретроактивно важење на овој и на следниот пропис, се состои во тоа што, како што знаете, ние, со законот за ограничување на општата и заедничка потрошувачка и со придружните закони што сега ги менуваме со соодветните закони за финансирање на СИЗ-овите и општествените дејности, утврдивме норматива која важеше до 30.6.

Во постапката за донесување на Републичкиот буџет со оглед на тоа дека очекувавме дека ќе се донесе на седницата пред 30.6. кога тоа поради причини на Владата и на Собранието со одлагање на седниците не успеавме да го направиме, постапката се продолжи и се доведовме во ситуација да сега нивната примена ја предложиме да биде со 1 јули, што значи ретроактивно, иако оперативно со Законот за ограничување на потрошувачката ставивме една одредба која значеше до донесување на Буџетот.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ: (Продолжение)

Во Службата на општественото книговодство врз основа на таа одредба се продолжи примената заради оперативно извршување на финансирањето и на општествените дејности и на државната управа се продолжи примената на прописите по системот кој беше во примена до 30 јуни. Со интерен заклучок на Владата на Министерството за финансии што е вообичаено во виква прилика по донесувањето на соодветните прописи да таа пресметка што ќе произлезе од новите измени што се предлагаат сега и кој се однесуваат на месец јули да се изземе на соодветен начин според овие предлози.

Ако тоа не го направиме измените што ги направивме и што ги правиме со овие акти во врска со преземањето на функциите и финансирањето на Управата не преку буџетите на општините туку во Вуџетот на Републиката, со финансирање на општествените дејности не преку СИЗ-овите туку преку Републичкиот буџет со важност од 1 јули, значи не само кај приходите туку и кај обврските со важност од 1 јули ние би се судриле да мораме да правиме интервенции сега и во финансирањето наопштествените дејности уште јули да се исфинансира на начин како што беше до 30 јуни односно кај општинските буџети да се преземе и финансирањето на овој заостанат месец во рамки на општинските буџети. Меѓутоа, во најголемиот број на општините, пак во согласност со оваа динамика на донесување на актите и општинските буџети се утврдени и би настанала една неусогласеност во финансирањето на функциите. Затоа молам Собранието да ги земе во предвид овие околности за да утврди општ интерес за ретроактивната примена на овие прописи, како впрочем и вкупниот буџет што е од 1 јули односно второто полугодие.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали Собранието прифаќа дека постои општ интерес за повратно дејство на одредбите на овој предлог на закон (прифаќа)

Констатирам дека Собранието утврди дека постои општ интерес за повратно дејство на одделни одредби на овој предлог на закон.

Ве известувам дека ЗПК подексе амандман на член 3 став 2 со кој се согласи претставникот и предлагачот и тоа е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 3 став 1 и на член 4.

Комисијата за финансирање и буџет и претставникот на предласгачот го прифатија амандманот на член 4, а амандманот на член 3 став 1 го прифатија во изменета форма.

Овие амандмани се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Иван Иванов поднесе амандман на член 1 став 2.

Комисијата за финансирање и буџет-И претставникот на предлагачот не го поддржаа овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе по поднесениот амандман.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Незнам дали пратеникот останува на амандманот после расправата и дали има потреба.

СТОЈАН АНДОВ:

Останува.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Ако останува од име на Владата го давам следното образложение.

Владата не може да го прифати амандманот, како што и извести на Комисијата за финансирање и буџет затоа што податоците со кои го аргументира пратенккот Иванов овој амакдман не се идентични со податоците што ние ги имаме за односната општина.

Имено, во предлогот на овој Буџет, во општите стапки што се применуваат како просечни за Републиката, збирот на стапката од данокот на доход републичките придонеси за наука, физичка култура, социјална заштита, општинските придонеси за култура, физичка култура, социјална заштита и другите зафаќања кои ги опфаќаат солидарната станбена изградба и општонародната одбрна даваат збир од стапка 8386. Во образложениието на амандманот што го предлага пратеникот Иванов е изнесен податок дека за општината Кочани збирната стапка на вкупните зафаќања изнесува 584, мислам беше, или 434 што не одговара на стапките кои се применети во формирањето на општата стапка за Републиката.

Имено, со трансформацијата на придонесите во даноци и со усогласување на основицата која се применува за пресметување од данокот на доход со основицата која служеше за пресметување на данокот на придонесите од личен доход се добива за општианта Кочани сосема друга збирна стапка на оптоварување ад онаа што пратеникот ја има.

Имено, збирната стапка за општината Кочани во споредба со збирната стапка на Републиката изнесува 9114 наместо 8386. Таа ја сочинуваат идентична стапка кај данокот од доход од 2,5, идентична стапка кај републичките придонеси од 1,779, различна стапка кај општинските придонеси кај збирна стапка кај општинските придонеси и општа 2,235, кај општианта Кочани е 2,435 и кај другите зафаќања, кај солидарната изградба 1,456 за општата стапка, а 1,920 за Кочани односно кај стапката за општонародна одбрана 0,416 за Републиката 0,480 за Кочани.

Разликата што е меѓу општата стапка која е предложенг во законот и збирот кој произлегува од образложениeто на страница 2 во самиот текст на законот за Општината Кочани изнесува дека од корегираната општа стапка е за 2 поена и 12 пониска отколку што е сега предложено, а практично од збирната стапка и податокот што фактички без корекција на основицата излегува за општината Кочани е повисока за 1,40. Според тоа, фактички во однос на примената на даночните стапки кај сите корисници кај општината Кочани е стапката во однос на збирната општа стапка за Републиката повисока од 1,401, што значи дека, бидејќи се сведува на општа сапка од 8, општианта Кочани во просек ќе плаќа пониска од 1,40, а не повисока како што тврди пратеникот.

Изнесов мислење дека Влдата останува на амандманот.

ИВАН ИВАНОВ:

Почитуван претседателе, почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас му благодарам на министерот за даденото исцрпно образложение, меѓутоа, сакам да кажам да изнесените податоци кои што тој ги презентираше овде, со овие податоци кои што ги имавме и применувавме и при пресметката за 6-те месеци

за 1991 година кај неколку организации практично покажува едни други податоци за кои јас би сакал и поконкретно да ги изнесам. Јас не сакав да се јавувам за дискусија по текстот на законот во основа бидејќи сметав дека со амандманот ќе ми се даде прилика и тоа нешто да го кажам. Мислам дека такви се наодите на министерот ва смисла на изведувањето на просечните стапки за кои тој добро кажа, исто така точен е и фактот дека веќе се врши и корегирање на основицата во смисла на поранешната и онаа што ќе се применува со законот. Меѓутоа, точно е и тоа дека се врши ново зафаќање на претпријатијата односно на обврзниците кои ќе плаќаат во иднина данок и дека ова како решение кое што е понудено практично е спротивно на определбите дека ќе настане растерување на стопанството и ќе се створи една поголема материјална моќ на стопанството за надминување на сегашните проблеми, а мислам дека до колку обврзниците и понатаму доаѓаат во лоша материјална состојба дека на Републиката нема да и правиме добра услуга, а со тоа и на Буџетот. Јас сакав ова да го елаборирам со следните примери. Како што реков по образецот кој што беше користен за пресметката на данокот со 6-те месеци практично за"Руен" како организација и со промените на сите овие работи до колку се изврши ќе настане едно ново зафаќање од 2,5 милиони динари за 6-те месеци по основ на издвојување. Таква ќе биде состојбата уште на 2 организации кои што се вршени. Тоа е за фабриката за хартија и на работната организација "Жито-ориз". Јас незнам податоците кој што ги изнесуваше министерот дека ќе настанат растеретувања, мислам дека тоа не е така. Од другастрана исто така пресметките кои се правени во 2 други организации надвор од општината исто така тоа го потврдува дека со ова ќе настанат едни нови зафаќања. Јас не сакам да се наметнувам

ниту да замолувам да овој амандман се прифати, сакам само да укажам со ова дека во праксата ќе бидеме наскоро убедени дека ова нешто значи ново зафаќање на претпријатијата.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас го разбрав господинот Иванов дека тој сега го повлекува амандманот, меѓутоа укажува на потребата Министерството за финансии да ги следи состојбите и да не се погрижи за нејзиниот инструментариум повеќе зафаќање што било досега.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на закон.

-Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање?

-Кој е "за", молам да крене рака?

-Дали има некој против? (нема)

-Дали некој се воздржа? (4)

Минуваме на 14 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за стапките на даноците на граѓаните, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за здравство, Комисијата за образование, наука и култура и на ЗПК ви се доста-вени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

-Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стапките на даноците на граѓаните.

-Кој е "за" молам да крене рака?

-Дали е некј против? (1)

-Дали некој се воздржа? (2)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон?

-Кој е за молам да крене рака?

-Дали е некој против? (Не)

-Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

-Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Стојанова.

<u>СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:</u>

Учествувајќи по расправата по општиот претрес на законот за стапките на даноците на граѓаните сакам да потцртам одредена работа за која што сметам дека сум должна да го кажам чувствувам потреба исто како што беше дискусијата на Иванов од претходниот дискутант по Законот за данокот на доход, сакам да го кажам следното што сметам дека и во своето излагање го потенцираше и министерот за финансии.

Имено, со групирањето и со кумулирањето на стапките сега на даноците од личен доход кај пооделни обврзници ќе дојде до дополнително оптоварување и плаќање на стапките на даноците од личен доход. Тоа е пред се најповеќе поради тоа што до сега

данокот општински од личен доход во пооделни општини го имаше заведено и се движеше различно од 0,90 до 2,5. Во пооделни општини немаше до сега данок од личен доход општински. Тоа се повеќе општини меѓу кои, еве да споменам тоа е општината Штип. Сега со упросечувањето на стапките во стапката која што ќе биде кумулативна и ќе изнесува 14754 за сите општини, ќе се плаќа општински данок од личен доход во висина од 1,35, така да во пооделни општини каде што имаше пониска стапка на плаќање и зафаќање на општински данок од личен доход под 1,35, ќе има зголемување, а во оние општини пак што воопшто немаше до сега зафаќање од општинскиот данок од личен доход сега ќе има зголемување на стапките во висина од 1,35 и сигурно тие разлики кој до сега се јавуваа помеѓу придонесите што се плаќаа кај образованието, култура, физичка култура во пооделни општини различно. Но, најмногу тоа ќе се одрази кај оние општини, оптоварување ќе има дополнително во висината на данокот од личен доход.

СТОЈАН АНДОВ:

-Дали уште некој бара збор?

Ова укажување треба да биде ист начин следено како што и претходно беше.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот

Бидејќи предлогот на законот содржи одредби кои имаат повратно дејство согласно член 262 став 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието треба да утврди дали постои

општ интерес за усвојување на овие одредби. Мислам дека можеме да земеме исто образложение што го даде претставникот на Владата.

Дали Собранието прифаќа дека постои општ интерес за повратно дејство на одредбите на овој предлог на закон.

Бидејќи тој интерес го утврди не треба повторно да го утврдиме.

Констатирам дека Собранието, еднаш веќе го утврди тој интерес.

Ве известувам дека ЗПК поднесе амандмани на член 1 и на член 2 став 2, а Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 4, а Комисијата за образование, наука и култура поднесе амандман на член 1, со кој се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот  на закон. Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 1 став 2, а Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за труд и социјална политика го прифатија овој амандман на претставникот на предлагачот се согласи со овој амандман и тој претставува составен на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 3 став 1. Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за труд и социјална политика и претставникот на предлагачот го прифатија овој амандман во изменета форма. Измената ја прифати и пратеникот Тодор Петров.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман и на член 4.Комисијата за финансирање и буџет и претставникот на предлагачот не го прифатија овој амандман, а пратеникот Тодор Петров го повлече.

Пратеникот Славјанка Стојанова поднесе амандман на член 2. Комисијата за финансирање и буџет го прифати овој амандман. Претставникот на предлагачот не се произнесе по овој амандман и согласно одредбите од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието треба да води претрес по овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Славјанка Стојанова. Го молам претседателот на Владата да се произнесе.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Овде, исто така е направен еден пропуст во извештајот. Комисијата за финансирање и буџет дополнително, а тоа и другарката Славјанка Стојанова го потврди тука, амандманот е прифатен.

СТОЈАН АНДОВ:

Во извештајот од Комисијата го нема тоа.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

На првата седница на Комисијата за финансирање и буџет, кога го разгледуваше овој амандман претставникот на Владата не се согласи сметајќи дека дополнително изјасни по истиот. Дополнтиелно имавме ние на 26 седница на која што претставникт на Владата се согласи со понудениот амандман, но јас би сакала да го образложам амандманот.

Тој е во врска со ослободувањето на дејностите од областа на текстината индустрија, од областа на водостопанството и во областа на земјоделието. Конкретно ослободувањето

во членот 2 кој што се однесува во висината на стапката на општинскиот данок од личен доход, бидејќи во образложението стоеше дека овие дејности понатаму за наредните 6 месеци нема да плаќаат за општи општествени потреби, но во вкупната кумулирана стапка која што беше предложен од Владата беше изоставен само Републичкиот данок од личен доход, а не и општинскиот данок од личен доход.

Мојот амандман конкретно се однесува да во овие стапки кај овие дејности не се плаќа (текстилната индустрија,кожарската, земјоделството и водостопанството) општински данок од личен доход во висина од 1,35%.

СТОЈАН АНДОВ:

Амандманот е во писмена форма, навреме даден, го познава предлагачот и сега го прифаќа, со што станува составен дел на текстот на законот.

Го прекинувам понатамошниот претрес на амандманот бидејќи е составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

-Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

-Дали некој има против? (нема)

-Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за стапките на даноците на граѓаните.

Со оваа точка беше договорено седницата да ја Прекинеме, а утре ЗПК да одржи седница, како и другите комисии.

(Седницата прекина со работа во 20,00 часот)